## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Петтото продолжение на Сто и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана 1 јули 2005 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,03 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше, Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа по Сто и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Ристана Лалчевска, Абдулади Вејсели, Ванчо Георгиев, Благој Голомеов, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Ганка Самиоловска-Цветана, Али Ахмети, Ќенан Хасипи, Љубчо Георгиевски и Ѓорѓи Трендафилов, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со точката 16 - Предлог за донесување на закон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија, со Предлог закон.**

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон.

Има збор пратеникот Рафис Алити. Повелете господине Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам господине потпретседател, почитувани пратеници, почитуван заменик министер.

Јасно се забележува дека речиси сите предговорници во текот на нивниот говор на говорница нагласуваа дека е потребно да се донесе закон за употребата на симболите на етничките заедници. Меѓутоа, зачудува фактот што разликите меѓу нас се многу големи во зависност од тоа кој од која политичка проминиенција доаѓа. Сето ова може да се разбере како дел од демократијата во земјата или повеќе како политички маркетинг на вакви теми политичките партии или пратениците да добијат некој политички поен.

Меѓутоа, почитувани господа, овде се лансираат различни тези кои што воопшто немаат врска со законот и овие тези ги слушаме секогаш кога на дневен ред имаме закони кои што произлегуваат од Охридскиот рамковен договор. Јас ќе ве потсетам дека потписници на овој Рамковен договор, освен меѓународниот фактор, НАТО, ЕУ и САД, овој договор беше потпишан и од политичките субјекти во земјата, од лидерите на овие субјекти СДСМ, ВМРО ДПМНЕ, ПДП и ДПА. И, не случајно потписниците и лидерите на овие партии честопати овде на говорница не вршат толкување на Рамковниот договор, туку кажуваат кој што и кому му рекол во Охрид или што разговарале меѓу себе. Што значи само коментираа за тоа што разговарале, а не што пишува во договорот. Ова води кон тоа да се размислува дали тие знаеле што потпишуваат во Охрид или потпишале Охридски рамковен договор воопшто без да го прочитаат што пишува во содржината и какви обврски произлегуваат од овој договор. Овој договор доколку го прочитале пред да го потпишат, се разбира дека тогаш и овој договор првенствено треба да се почитува токму од потписниците, потоа да се бара и парламентарните групи и од институциите кои што денес ги претставуваме за тие да го почитуваат овој договор до крај.

Меѓутоа, почитувани господа, јас ќе кажам дека во цивилизираниот свет кога се потпишуваат договори, како што е Охридскиот рамковен договор на овие работи им пристапуваат со сериозност и не кажуваат кој што разговарал таму, туку бараат од институциите, бараат од нивните сопартијци овие договори, ќе нагласам уште еднаш, да се почитуват до крај, нешто што не се случува кај нас и не се случува од причина што некои лидери на партиите кои го потпишале овој договор честопати кога земаат збор овде на говорница излегува дека секој од нив Охридскиот договор и тогаш, но и сега го гледале од свој аспект, а не од тоа што има во содржината или што е напишано во овој договор. Јас не случајно спомнав дека таму лидерите кои потпишале кажуваат други работи, а не како треба да се имплементира овој договор.

Меѓутоа, почитувани господа, секој народ, секоја земја, секоја држава има свое минато, има своја историја, и има свои специфики, така што и ние етничките заедници во Македонија, така и Македонија има свое минато, има свои специфики и има своја историја. Мислам дека, почитувајќи ги и познавајќи ја историјата на едните со другите, со минатото на нашето, можеме да изградиме една подобра иднина за генерациите кои што следат. Ние задолжително треба да ги почитуваме фактите од минатото, независно од тоа дали тие факти се горки или добри.

Албанците под своето знаме се бореа против Отоманската империја. Албанците под своето знаме заедно со другите народи на Балканот се бореа во Првата светска војна. Албанците заедно со другите народи на Балканот се бореа и во балканските војни. Албанците, кажувам заедно со своите соседи, со народите на Балканот се бореа во Втората светска војна повторно ќе нагласам се бореа покрај другото и со својот национален симбол. И, ова нешто не се случило случајно.

Почитувани господа, неслучајно во поранешна Југославија или во тогашна Македонија, Социјалитичка Македонија се случија настаните во 1968 година. И тогашните затвори беа полни, преполни со млади момчиња и девојќи Албанци. Овие настани се случија откако со одлуки на комунистичката партија понекогаш се дозволуваше националното албанско знаме, некогаш со одлука се забрануваше, се одземаше тоа право. Токму поради тоа имавме настани во 1968 година.

Почитувани пратеници, сите треба добро да анализираме зошто и во 1990-тите години ни се случија настаните во Гостивар. Тоа беа настани кои беа директно поврзани со употребата на симболите на етничките заедници. Велам, неслучајно се случија овие настани и за жал од овие настани, гостиварски настани политичката елита во земјата, независно од тоа кој на која партија припаѓаше не знаеја или речено подобро не сакаа да ја прифатат потребната порака која што ја испраќаше тоа население и тој настан кој што се случи во Гостивар. Меѓутоа, за жал, се случи спротивното. Политичката елита, тогашната политичка елита во целост се обиде да ги игнорира настаните во Гостивар, божем со таа интервенција се решиле сите проблеми таму и потоа не видоа за потребно ниту една политичка елита, ниту една Влада со одговорност да пристапат на донесувањето на еден закон за употребата на симболите, закон кој што би бил во согласност со реалноста и спецификата на Република Македонија. За жал, овде често пати се спомнува и одлуката на Уставниот суд. Велам, за жал, затоа што и Уставниот суд, тогашниот Уставен суд под влијание на дневната политика или на политичарите донесе одлука дека и тој закон таков каков што се донесе бил против уставен. Со тоа се обидоа тогаш целосно да ги прогласат за виновни сите оние кои што побараа да се донесе закон за употреба на симболите.Велам, да се прогласат сите оние кои што беа инволвирани во гостиварските настани. И, не случајно, зад нас ја имаме 2001 година и Рамковниот договор. Имаме измени во Уставот и ние сите со целиот наш потенцијал интелектуален, нашата интелектуалност да се обидеме да разбереме духот на овој договор и да донесеме закони кои што се во однос со нашата реалност, закони кои што ќе бидат акцептирани, прифатени од обичните граѓани и тие закони во иднин да се почитуваат од обичниот граѓанин. Доколку донесуваме квалитетни закони, граѓаните самите ќе ги штитат тие закони и ќе ги чувствуваат како свои, дел од себе. Мислам дека ние не смееме на граѓаните, независно од тоа на кој етникум му припаѓаат да им наметнуваме закони кои не се во согласнот со реалноста или пак тие закони насилно да им ги наметнуваме, како што се случувало во минатото.

Јас ќе кажам дека и овој закон кој штое пред нас во Собранието на Република Македонија за употребата на симболите,секако дека има свои празнини. Мислам дека Владата или предлагачите на законот треба навистина правилно да не разберат нас пратениците што не случајно интервенираме амандмански и нашата цел е навистина да донесеме закон, тоа што го кажав и порано, закон кој што ќе биде прифатлив и граѓаните да го чувствуваат како обврска, своја обврска и да го почитуваат во иднина.

Јас заедно со група пратеници сме предлагачи на еден амандман со кој што искажуваме дека во Законот има една празнина затоа што со законот се употребува слободната употреба на знамето на етничките заедници, независно од тоа на која заедница припаѓаат во цела Република. Меѓутоа, мислам дека во општините каде што етничките заедници не се мнозинство треба употребата на знамињата или на симболите на етничките заедници да се уредува со закон. Велам, да се уредува и ќе дадам еден пример. На пример, општина Сарај или селото Љубин, кое што е дел од оваа општина каде што живее бошњачка етничка заедница и јас не гледам ништо лошо во тоа зошто во институциите на ова село со закон не им се гарантира или да се уредува употребата на нивниот етнички симбол во текот на празниците, како што е на пример патронатот на училиштето во текот на нивните национални празници или во текот на државните празници пред објектите, како што се локалните заедници, училиштата, домовите на културат внатре и надвор. Значи, да се употребуваат, покрај државното знаме и знамето на етничката заедница, во овој случај на бошњачката етничка заедница во тоа село. Не гледам зошто тоа би му сметало на албанското население во општина Сарај нешто вакво. Јас можам да спомнам и некои општини каде што имаме исти случаи, на пример, случајот со општина во Гостивар, или случај со општина Студеничани, општина Долнени, каде што исто така имаме неколку етнички заедници кои што живеат таму. Сметам дека и оваа област на употребата на знамето на локално ниво треб да се уредува со закон,а не да се остави тој простор кој како сака во вакви случаи ќе го употребува националното знаме така како што тој мисли.

Што се однесува на тоа дека најмалку сите ние како парламентарни групи и сите како политичка елита, барем така се произнесуваме пред меѓународните фактори, пред внатрешната јавност дека имаме заеднички консензус да го трасираме патот кон интеграција во НАТО и во Европската унија итн. Тука мислам дека сите ние се согласуваме, меѓутоа нашите разлики повторно се раѓаат таму од каде што доаѓаат етничките заедници, да ги реализираат своите права кои што и природно им припаѓаат.

Почитувани господа, патот кон НАТО некои странски дипломати ни дале јасно до знаење дека патот кон НАТО и ЕУ поминува преку Охрид. Ние сме свесни како албанска етничка заедница дека само со имплементирањето на Охридски договор по автоматизам Албанците нема да станат рамноправни со другите. Велам, свесни сме затоа што ова е процес. Мислам дека во оваа држава или пак ние како политичари во иднина, по донесувањето на законите кои што произлегуваат од Охридскиот рамковен договор треба на процесот да му пристапиме од еден позитивен аспект со позитивна енергија во иднина да имаме позитивна дискриминација, а не тоа што се случи во минатото кога имавме негативна дискриминација на етничките заедници, а ова најмногу го чувствуваше албанската етничка заедница овде во Македонија години со ред.

Мислам дека само со политички декларации или со политички изјави дека ние ќе ги исполниме стандардите кои што не водат кон ЕУ нема да му помогнеме на населението во земјата. Ние ќе му помогнеме на населението само доколку навистина пристапиме кон тоа тие стандарди, позитивни стандарди почне да ги чувствува и населението, посебно во економската област. Зтоа што, свесни сме дека во овој мандат доста време сме изгубиле, притоа што често пати сме ги зголемувале тензиите овде во Собрание, посебно кога доаѓаат закони кои што произлегуваат од Охридскиот рамковен договор, меѓутоа, многу малку сме се посветиле на економскиот аспект. Ние сме сите свесни, независно од тоа кој на која заедница или на која партија припаѓа дека Македонија географски се наоѓа во Европа. Меѓутоа, за да се биде дел од Европа, ние треба да ги исполниме тие стандарди. Тоа е нашето тежнеење, тоа е тежнеење на генерациите што доаѓаат по нас, сите еден ден да живееме со Европски стандарди и да бидеме дел на европската цивилизација. Јас ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господиен Алити.

Три минути реплика за господинот Жарко Караџоски.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе.

Колега Алити, поголем дел од говорот потрошивте за Рамковниот договор, за тоа што се пишувало, што тамус е зборувало. Јас не знам што таму се зборувало, ама гледам што овде е напишано. Еве во Рамковниот договор во точка 7 пишува за изразување на ентитетот и по однос на симболите вели: "Непосредно до симболот на Република Македонија, локалните власти ќе имаат слобода на предната страна од локалните јавни објекти да поставуваат симболи со кои се обележува идентитетот на заедницата која е во мнозинство во општината, со почитување на меѓународните правила и примени". Тоа го пишува Рамковниот договор и врз основа на тоа од Рамковниот договор произлезен е членот 40 односно Амандманот 8, врз основа на кој сега се смени членот 48 од Уставот и се додаде, заедниците да ги употребуваат симболите на својата заедница. Тоа е уставна одредба. Тоа е Рамковниот договор. Меѓутоа, никаде тука не стои дека знаме на вашата заедница ќе биде и државно знаме односно дека може да биде и државно знаме на една соседна туѓа држава. Сега, веднаш некој ќе каже зошто тоа го поврзуваме. Затоа што во целиот тој период, почитуван колега, се до носењето на овој закон, ние во Западниот дел на Република Македонија каде што вие како заедница сте мнозинство, воопшто не го видовме државното знаме на Република Македонија, ниту ден денес го гледаме истакнато, освен што се вее едно знаме на една сосема туѓа странска држава, без ваков закон. Значи континуирано се кршат и Законот и Уставот.

Зборувавте за политизацијата на Уставниот суд кој го укинал оној Закон од 1997 година. За која политизација зборувате на Уставниот суд, кога одредба во Уставот не постоеше дека имате право, националностите, тогаш така стоеше, да користите свои симболи. Значи, лесно е сега да се зборува и за НАТО и за Европската унија. Само да ве потсетам во 2001 година како се не нарекувавте, од славомакедонци, окупатори и ред други работи, па ни праќавте комуникеа да се селиме од овде, да ја ослободиме територијата и многу други работи. Значи, лесно е сега да се зборува, меѓутоа цело време се гради една недоверба. Вие немате желба до ден денес да го истакнете државното знаме, не го признавате и сега од еднаш не знам од каде ќе ви се пројави таа волја.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Господине Алити една минута контра реплика, повелете.

**Рафис Алити:** Господине Караџоски, во однос на државното знаме, албанците немаат проблеми со државното знаме, туку тој проблем е кај вас. Обично се трудите овој проблем да го сместите и топката да ја префрлите кај нас албанците во Република Македонија. Ние сме ви кажале и повторно ќе ви кажам дека тоа е национален симбол. Вие тоа го гледате од ваш агол, но оваа работа е, неслучајно спомнав од времето на Скендер Бег и до денес. Последицата на тоа е недонесувањето на закон за употреба на симболите. Оваа работа вас ви е јасна.

Јас во една реплика ви реков дека ние албанците ја признавме Македонија, го признавме јазикот и идентитетот на македонскиот народ, додека вие овие проблеми треба да ги решите меѓусебно. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Алити.

Три минути реплика за господинот Шаќири.

Повелете господине Шаќири.

**Џезаир Шаќири:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван колега Алити, се радувам што говоревте малку за историјата на албанскиот народ и за сите негови патешествија тука на Балканот, со векови. Меѓутоа, да се сконцентрираме малку на овој закон што твоите колеги, пратениците на ДУИ со коалиционите партнери и министрите на ДУИ кои го прифатиле овој закон и сите што ќе го гласаат, со кој граѓаните сепак нема да имаат можност да го користат тоа право. Конкретен пример. Со територијалната поделба многу добро знаете како е направена општина Чаир. На таа територија можеби граѓаните албанци ќе можат да го користат албанското знаме, меѓутоа за албанците, од Бутел, Чучер Сандево, Танушевци, Малино, нема да имаат право да го

користат не само знамето туку ниту јазикот ниту некои други права. Не мора за ова да ги убедуваме колегите на ВМРО. Треба да разговарате вие со вашите колеги на ДУИ околу ова. Со овој закон се направени доста пропусти. Опозицијата и позицијата од македонска страна доста добро ја разбираат играта. Ви даваат малку права тие од позицијата, а од опозицијата велат дека се даваат многу права на албанците, а ние сеуште се занимаваме со елементарни работи, како што е употребата на знамето, на јазикот, а не можеме да говориме за многу поголеми работи, како што е европската интеграција. Вие господине Алити треба да имате малку понационален пристап и да ги убедите вашите колеги да бидат исто така по национално настроени.

Сите тука говорат за војната од 2001 година. Јас иако не сум бил во ДУИ, никогаш не сум се чувствувал виновен што во 2001 година сум бил учесник во војната. Јас сум го заштитувал моето семејство и достоинството на мојот народ во Малино и не смееме да се срамиме да ги кажеме некои работи. Навистина не треба да ни ги фрагментирате овие права.

Јас би можел да одам во Грција и да играм една таква политика за измена на името на Македонија...

**Слободан Најдовски:** Повелете господине Алити една минута контра реплика.

**Рафис Алити:** Му благодарам на господинот за репликата.

Навистина, оние кои знаат да го читаат законот ќе видат дека во цела Република Македонија ќе се употребува слободно знамето на етничките заедници за време на празници и не е вистина дека нема да се користи во Танушевци, Брест, Малино или во Скопска Гази Баба, или некаде каде што се албанците, на пример во Битола и т.н. Меѓутоа, јас и во текот на мојата дискусија потенцирав дека оние кои го потпишале Рамковниот договор и денес не ми е јасно колку тие биле свесни што потпишале. Имплементацијата на Рамковниот договор не е предмет на нечија желба. Тоа претставува наша обврска затоа што таму потписници се и меѓународниот фактор.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Алити.

Три минути реплика госпоѓа Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Веќе ми е мачно да објаснувам, потпретседател.

Прво би сакала да реагирам процедурално во однос на употребата на топонимите во Република Македонија, дали Битола е Битола, или е Монастири. Колегата Рафис Алити пред малку го кажа тоа. Не знам зошто не реагирав. Тоа е едната работа.

Во однос на репликата, колегата ги спомна настаните од далечната 1968 година, младите момчиња албанци и албанки. И ние имаме такви, Голи Оток, Идризово и т.н., во тој систем.

Зошто се случија настаните во Гостивар во 1997 година? Тогаш имаше некој Закон за употреба на знамињата на националностите.  Нели колегите се залагаат многу за правна држава. Ако веќе бил донесен таков Закон, значи во тоа време требало да биде спроведен. Или тогаш не верувале во правна држава, или сега не веруваат во правна држава, па и поднесуваат ваков закон.

Трета најважна работа според мене е постојаното повикуваме на таа Европска унија. Дали постои држава во Европската унија која има закон за употреба на знамињата на заедниците во таа држава? Дали постои таков закон со кој исклучиво се регулира употребата на знамињата? Јас разбирам дека можеби има некоја форма, но конкретно за знамињата, искрено да ви кажам јас до сега не најдов. За симболите може. Меѓутоа, се работи за употреба на знамињата на заедниците.

И колегите албанци во претходната расправа овој закон велеа дека ова знаме било утврдено со Уставот и дека албанското занме е национално знаме на сите албанци. Тоа, искрено да ви кажам колеги мене ми личи на Слободан Милошевиќ и на неговото време кога велеше таму каде што има Србин, тоа е српска територија, а знаеме како заврши Слободан Милошевиќ.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Една минута контра реплика господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Колешката сигурно се труди да внесе забуна. Но, јас неслучајно во моето излагање кажав дека Македонија има свои специфики и за нас албанците Скопје е Скопје, Битола е Манастир и нас не ни смета тоа. Или кога говориме за името, кое е постаро име, Манастир или Битола, добро е да се консултирате со историјата.

Јас и во другите дискусии сум кажал и сега ќе кажам дека со Уставот на Република Албанија се дефинира јасно дека ова е национално знаме. Тоа вака е кажано.

Во однос на тезата на Милошевиќ, што се трудите да ја лансирате, а не држи поради многу причини затоа што ние бараме права кои природно и ни припаѓаат.

**Слободан Најдовски:** Ми се рече дека не сум реагирал. Ако се вмешувам, вие од опозицијата се буните и секогаш велите, претседателот и потпретседателот коментираат. Ако не се вмешаме тогаш повторно ќе ставите забелешки. Но ние сме тие што одлучуваме како ќе реагираме.

Господине Алити, никој не ви го одзема правото вие да кажувате какос акате, но кога македонците ќе употребат збор за албанците, така како што го употребуваат Македонците, вие велите дека е

навредливо. Затоа внимавајте и ние да не се навредуваме меѓусебе.

Повелете господине Алити процедурално.

**Рафис Алити:** Вие вчера реагиравте на пратеникот Рамизи кога зборуваше за еден дел на избирачкото тело во Битола, за нешто за што го немате тоа право. Како потпретседател на Собранието, до колку мислите да интервенирате со реплика и вие го имате тоа право како пратеник и треба да излезете на говорницата и да реплицирате.

Во однос на навредите, сигурно дека многу повеќе се навредуваме ние од ДУИ од македонската опозиција. Неслучајно овде се вели шиптари. Ако и ние во иднина ќе им кажеме славомакедонци, сигурно дека некој овде ќе се почувствува навреден. Така што ние како парламентарна група бараме од претседавачот да има ист однос во тој правец.

**Слободан Најдовски:** Господине Алити јас настојувам и сметам дека имам ист третман кон секој пратеник. Токму поради тоа го укажав тоа што пред малку го реков.

За тоа што зборувате за вчера, вчера беа пратенички прашања, немаме право на реплики на пратенички прашања.

Јас сакав само да помогнам во една ситуација која беспотребно се заострува.

Три минути реплика госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитуван колега Алити, колку биле свесни тие што потпишале, кога го потпишувале Рамковнио тдоговор, кажавте.

Јас не сум учествувала во изготвување на овој Рамковен договор, меѓутоа читамона што е напишано овде и мислам дека доволно биле свесни сите кои го потпишале овој Рамковен договор, бидејќи го гарантирале суверенитетот и територијалниот интегритет на Македонија во точка 1.2., дури и унитарниот карактер на државата и вели дека мора да се сочуваат. Значи она што е спорно со овој закон, тоа е нарушувањето односно загрозувањето на суверенитетот и територијалниот интегритет на нашата држава, Република Македонија.

Во точка 7.1., од она што го читам од Рамковниот договор, вели дека ќе ја имаат слободата, на предната страна од локаните јавни обејкти да поставуваат симболи, но со почитување на меѓународните правила и примени.

Прво, никаде во вooј Рамковен договор не стои дека и пред државните објекти на локално ниво ќе бидат поставувани знамињата на етничките заедници, а ставена е и обврска дека треба да се почитуваат меѓународните правила и примени. Овие денови многу зборуваме за меѓународните правила и примени, што значи екстериторијалноста односно употреба на туѓо знаме на територија на друга држава и што значи употреба на националнио тсимбол на албанците на територијата на Република Македонија. Употребата на албанското државно знаме на територија на Република Македонија, вие го толкувате дека тоа е национален симбол на албанците. Меѓутоа, се до моментот додека националниот симбол на албанците не стана и државен симбол, симбол на државниот суверенитет и територијалниот интегритет на Република Албанија и симбол на сите граѓани обединети околу суверенитетот на државата Албанија, вклучувајки ги и Грците кои се делови од грчкио тнарод и нашите Македонци кои се делови од македонскиот народ. Се до тој момент тоа било национално знаме. Во моментот тоа е државно знаме на Република Албанија.

Во членот 8 став 1 од Уставот на Република Албанија се вели дека Република Албанија ги заштитува националните права на албанскиот народ што живее надвор од нејзините граници. За нас тоа беше територијални претензии кога го имавме во Уставот, спрема Република Грција и бевме принудени да го избришеме тоа од нашиот Устав, а сега со ваквата ...

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Една минута контра реплика, господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Почитувана колешке, но не само таа и кај другите се гледа јасно дека тука често глумат дека наводно се нарушува интегритетот или суверенитетот на Република Македонија, дека Македонија има унитарен карактер и т.н. Тоа ДУИ никогаш го нема контестирано. Меѓутоа, јас ќе ве потсетам дека тоа што го бараат албанците и ДУИ, е интеграција на албанците таму каде што биле порано дискриминирани. Албанците не го нарушуваат интегритетот, не барале федерализација на Македонија, не барале своја Република во Република Македонија. Овие приакски може на друг да му ги кажувате, но не на нам, на ДУИ.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Алити.

Продолжуваме понатаму со расправата.

Има збор пратеникот Наташа Биковска.

Повелете госпоѓо Биковска.

**Наташа Биковска:** Благодарам.

Почитуван потпретсеадтел, почитуван заменик минситер на Влада, почитувани колеги пратеници.

- Во клучни историски моменти, задача на сериозни политички партии и поединци не е да повладуваат над доминантното јавно расположение. Од нив се очекува да гледаат и подалеку и подолгорочно, без разлика на цената што на краток рок ќе ја платат. По тоа и се разликуваат структурите со државнички капацитет, од оние со лимитиран политикански дострел.

Овој цитат не го сметам за вовед во моето излагање, туку изразува јавно искажана јасна порака.

Мојата дискусија за овој Предлог за донесување на закон за употребата на знамињата на заедниците во Република Македонија ќе ја започнам малку невообичаено, без посебен увод и образложение сакам да ја искажам мојата подршка на Предлогот, пред се затоа што на граѓаните на Република Македонија им посакувам долгорочна стабилност и среќа, зашто треба Република Македонија да ги затвори сите прашања од Рамковниот договор, да ги остави зад себе етничките, партиските или било кои други поделби, да го затвори ова многу битно и чувствително прашање од дебелето досие на меѓуетничките односи во нашата држава.

Убедена сум дека во овој миг е порационално да се подржи овој Предлог за донесување на закон и како обврска од Рамковниот договор и како одраз на нашата политичка определба да градиме мултиетничко општество, со основа за мирно и толерантно заедништво.

Сметам дека сите ние кои имаме обврска да ги исправиме туѓите заблуди најсуштествено е да немаме предрасуди кои се најсложени и најтешки бариери за правилно расудување и надминување на било каков проблем или ако сакате за било каква комуникација.

Затворајќи го ова прашање од проектот Рамковна Македонија, кој е наш најзначаен дел од нашиот најважен проект Евроатланска Македонија, целокупната наша енергија и умешност, целокупниот наш капацитет ќе може да се насочи кон зацртаните реформи и кон толку очекуваното решавање на економските прашања.

Прашањето за употреба на знамињатана заедниците во Република Македонија според мене треба да го разгледуваме и политички и правно. Политички затоа што сметам дека за донесување на еден ваков закон е потребна минимум политичка волја кај припадниците на заедниците, односно нивните претставници во извршната и законодавната власт. Мислам дека таа волја е изградена уште во моментот кога релевантните политички субјекти го потпишаа Рамковниот договор, кој сега дефакто мора да се инкорпорира и во Законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија. Правно зартоа што во недостаток на регулатива, која сите сме свесни дека мора да постои, самите себе се доведовме во состојба на анархија. За совршеноста на предложениот текст може да се полемизира, но закон мора да има.

Иако сите поаѓаме од фактот дека е неспорно правото на припадниците на заедниците во секоја држава да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и особености, сепак се разликуваме во начинот на кој сметаме дека тоа треба да се прави. Правниците би рекле многу е тешко некому да одземеш или да ограничиш било какво стекнато право. Треба да знаеме дека припадниците на заедниците ги употребувале своите симболи, потоа тоа право им било ограничено или рестриктирано и сега сметам дека им го враќаме тоа што природно им припаѓа и тоа според мене како што е во предложениот текст без аванс.

Лично сметам дека ќе се надминеме себе си и дека ќе изнајдеме решение прифатливо за сите и конечно ќе ставиме точка и на ова прашање.

Најголеми полемики во стручната јавност и кај политичките партии и кај обичниот граѓанин предизвика формулација на членот 2, кој определува дека заедниците во Република Македонија заради изразување на својот идентитет и особености имаат право да употребуваат знаме кое тие го избрале. Тука се изнаслушавме разни полемики од типот дека тоа не смее да биде знаме на друга држава, дека треба да се рестриктира неговата употреба и сл.

Се прашувам во која меѓународна конвенција или во кој правен акт е регулирано дека особеностите и идентитетот на некоја заедница може и треба да утврди мнозинството, определувајќи и наметнувајќи сопствени стандарди за симболите на некој друг. Треба да се има предвид и фактот дека сите оние кои се трудат и вршат обид да наметнат свој предлог симболи и стандарди за знамињата на оделна заедница треба да знаат дека со тоа не може да се изрази нечиј идентитет. Кога друг на некој ентитет му одредува некои особености, тоа веќе не се негови особености, туку на тој што ги одредува или предлага. А ентитетот не може да ги прифати како свои, затоа што тоа би значело рушење на идентитетот и на особеностите, или појасно кажано не постои било каков модифициран или премодулиран симбол кој ќе одрази нечиј идентитет.

Одтука, моја констатација е дека ако од било кои причини државата Албанија го промени своето државно знаме, верувам дека на ниту еден албанец нема на крај памет да му падне да го промени националното знаме, за кое од она што успеав да го пронајдам постоело пред многу години и е симбол на националноста. Значи премногу важен домен за сите нас е да не се прави идентификација меѓу државен симбол и симбол на националноста.

Што се однесува до самата употреба на знамињата на заедниците, на кои е посветена Глава 2 од овој Предлог за донесување на закон, сметам дека употребата на знамето на заедницата во приватниот живот треба да биде апсолутно слободна, како што е регулирано во членот 7. Но исто така сметам дека на некој значаен настан од приватниот живот или при одржување на култруни, спортски и други приредби кои ги организираат било кои припадници на заедницата во Република Македонија, а одлучиле како што самиот член 7 од овој Предлог закон предвидува, да го истакнат знамето преку кое го изразуваат сопствениот идентитет, убедена сум дека треба да го истакнат и сопственото државно знаме, иако самиот закон, односно членот 7 не ги обврзува за тоа во наведените прилики. Ако го чувствуваат спротивното и во моментот на мојата дискусија, а

и во пракса односно во животот, навистина мислам дека истите треба да поработат на надградба на својата етаблирана ментална матрица, односно да се направи исчекор кон современо, пред се реално размислување. Додека пак употребата на знамињата на заедниците во јавниот и службениот живот мора да биде строго со државното знаме на Република Македонија, како што регулираат членовите 4, 5 и 6, од предлогот.

Во таа смисла ќе треба и припадниците на заедниците да покажат исклучителна волја и почитување на државното знаме, знамето на Република Македонија, кое за жал до сега не беше случај, што ќе биде своевиден достоинствен респект и почит на сопствената држава и нејзиниот суверенитет.

Почитувајќи ги разликите и особеностите на секој од нас, почитувајќи го другиот и пред се почитувајќи ги државните симболи, без разлика кои сме и од каде доаѓаме, мора да изградиме еден однос на исклучителна почит кон државата и нејзините институции.

Токму овде, почитувани колеги и ценети граѓани на Република Македонија, би сакала да истакнам дека главната битка за иднината и унитарниот карактер на Република Македонија не се добива со бесконечно долгото толкување на секоја точка и запирка од Рамковниот договор, со бескрајно долги негативистички и тенденциозни дискусии за политички профит, кој верувајте е со многу краток рок. Трајниот бенефит или ќе се повторам, главната битка е добиена кога во една мирна, безбедна, стабилна Република Македонија ќе обезбедиме почитување на уставно-правниот поредок на целата територија и кога сите граѓани без разлика на етничката припадност ќе ја чувствуваат Македонија подеднакков своја. Тоа за мене е вистински предизвик и највисок приоритет и поради тоа ве уверуваме сите ние, подржувачи на предлогот за донесување на законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија, дека оваа работа мора да ја завршиме, а се друго е докажување на нашиот патриотизам на погрешен терен.

Се надевам дека нема да има потреба ниту еден суд во Република Македонија да изрече било каква прекршочна казна во врска со овој закон, зошто тогаш никој од нас не ја постигнал целта заради која се донесува законот.

И конечно, после сите искуства низ кои помина Република Македонија дефинирајќи го клучното прашање, главниот приоритет, императивот за еден стабилен безбеден успешен развој и економски подем на нашата држава, односно меѓуетничките односи, со подршката на овој предлог правиме голем исчекор кон нашиот зацртан успех и финална цел, Република Македонија да се најде во структурите на НАТО и ЕУ. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Ви благодарам госпоѓо Биковска.

За реплика се јави Силвана Бонева и Илија Србиновски.

Повелете госпоѓо Бонева три минути реплика.

**Силвана Бонева:** Почитувана колешке, многу убаво кажавте да не се прави идентификација на државниот симбол и симболот на заедницата. Токму тоа и ние го бараме, да не се прави идентификација на државниот симбол на Албанија со националниот симбол на Албанците кои сакаат да го употребуваат знамето на територијата на Република Македонија . Тоа го мислат многу држави во светот, тоа меѓународна пракса, затоа дури и Република Албанија прифаќа само модифицирано знаме на грчката етничка заедница или на деловите од грчкиот народ на територијата на Република Албанија, а не идентично знаме со грчката држава. И Република Албанија ја толкува употребата на туѓо знаме на нејзина територија како загрозување на нејзиниот суверенитет и токму заради тоа во законот за знамето го има кажано дека не смее да се употребува идентично знаме. Тоа е меѓународната пракса. Ние во никој случај не си дозволуваме да наметнуваме симболи на етничката заедница. Многу убаво кажавте во кој меѓународен правен акт е кажано дека може да им се наметнуваат симболи на етничките заедници. Тоа никој во Република Македонија не го прави, меѓутоа, меѓународната пракса е заштитување на државните знамиња од употреба на знамиња на други држави.

Јас незнам како вие може да го толкувате членот 8 став 1, кој што почнав да го кажувам и во репликата на господинот Алити, од Уставот на Република Албанија кој што кажува дека Република Албанија ги заштитува националните права на албанскиот народ што живее надвор од нејзините граници. Ние бевме принудени тоа да го избришеме од нашиот Устав, беше толкувано како територијални претензии. Значи Република Албанија го штити со Устав своето знаме, Република Македонија не смее да го штити своето знаме. Мислам дека конечно доколку сакаме да нема тензии треба примерот на Република Албанија да се почитува и во нашата држава Република Македонија. Инаку би се толкувало тоа како територијални претензии, употреба на туѓо знаме или делба на суверенитетот на државата Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓп Бонева.

Една минута контрареплика за госпоѓа Биковска Наташа, повелете.

**Наташа Биковска:** Благодарам потпретседателе.

Како одговор на првиот дел од репликата ќе ви кажам дека Унгарците го користат своето национално знаме во Романија и Словачка, тоа што успеав да го пронајдам на интернет. Ве замолувам госпоѓо Бонева да престанете да го толкувате албанскиот устав, имаме свој Устав кој што треба да се почитува во нашата држава.

И би сакала да упатам една порака дека сите заеднички да сватиме дека се залагаме за Македонија да опстои во постојните граници и постојната етничка структура и тоа да го прифатиме како реалност Се друго претставува проблем. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Биковска.

Три минути реплика за господинот Илија Србиновски, повелете.

**Илија Србиновски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Колешката Силвана кажа се за оваа реплика, меѓутоа, сакам да и нагласам на почитуваната колешка, ако би имало вечерва црн-бел бумбар, сите црни бумбари би ги дале пак повторно на колешката, бидејќи минатиот пат кога ја гледавме емисијата "Црн-Бел бумбар" ги осудија колегите Макрадули и Кондарко, така што целата македонска јавност и вас исто ќе ве осудат.

**Слободан Најдовски:** Секој ден бумбари и незнам што. Ова имаше многу врска со репликата. Имате ли контрареплика госпоѓо Биковска?

По велете госпоѓо Биковска една минута контра реплика.

**Наташа Биковска:** Со цитатот што го упатив како почеток на мојата дискусија јасно кажав дека во вакви моменти се покажуваат оние структури кои имаат државнички капацитет и оние кои се залагаат за ситен политиканстски дострел и со жалосно краток рок на политички профит. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Ви благодарам госпоѓо Биковска.

Продолжуваме понатаму. Има збор пратеникот Краљевски Чедомир.

Повелете господине Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги, мојата дискусија има еден редослед, за да стигнам до знамето ќе тргнам од државноста и суверенитетот.

Прво, граѓаните на Република Македонија .

Второ, Македонскиот народ.

Трето, како и граѓаните кои живеат во нејзините граници кои се дел од Албанскиот народ, Турскиот, Влашкиот, Српскиот, Ромскиот, Бошњачкиот и др. ја конституираа Република Македонија како суверена држава.

Во Република Македонија суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните. Тоа значи дека граѓаните и секој поединец, односно граѓаните што живеат на територијата на Република Македонија во еден историски момент се договориле да организираат држава, во чии органи и институции ќе ги остваруваат своите права и обврски, што значи дека дел од нивните индивидуални и колективни права ги пренеле и го подредиле на правата и надлежносите на државата Република Македонија , односно на нејзините органи и институции, така што правата на државата се од повисок ранг и тој државен суверенитет ги ограничува индивидуалните и колективни права на граѓаните. Еден од државните сумболи на Република Македонија е и знамето, што значи знамето како атрибут е симбол на државниот суверенитет, ја маркира и одбележува територијата врз која и во рамките на нејзините граници соодветната државна организација воспоставува власт врз граѓаните.

На ова место веднаш би кажал дека ако се дозволи во Република Македонија пред и во државните институции, а тука спаѓаат институциите на законодавната, извршната, судската и локалната власт, да се вее идентично знаме на странска држава, веќе имаме проблем бидејќи е нарушен меѓународно усвоениот концепт за употреба на знамето како симбол на државниот суверенитет, што би значело нарушување на државниот суверенитет на Република Македонија во нематеријална смисла на зборот.

Од друга страна, според точката 7 од основните принципи на Рамковниот договор, етничките заедници во Република Македонија имаат слобода на предната страна од локалните јавни објекти да ги истакнат знамето преку кое би го изразиле сопствениот идентитет, односно припадноста на етинчката заедница.

Притоа мора да напоменам дека кога се зборува за локални јавни објекти тука се мисли на објекти кои припаѓаат на институциите на локалната самоуправа односно на локалната власт и во кои не спаѓаат објектите на институциите преку кои е претставена централната, законодавна, извршна и судска власт.

Веднаш тука имаме повторно проблем. Ако одредена етничка заедница во Република Македонија како израз на сопствениот идентитет одбере идентично знаме на странска суверена држава. Тогаш настанува апсурдна состојба, состојба на колизија на две права. Едно повисоко врховно право на државата Република Македонија, односно на сите нејзини граѓани кои припаѓаат на Македонскиот народ и сите етнички заедници во Република Македонија. Државниот суверенитет односно власт што е симболизиран преку истакнување на знамето на Република Македонија да биде ограничено со едно пониско право на одреден колективитет т.е. етничка заедница.

Овде проблемот се решава на императивен начин. Имено, знамето што ќе го одбере одредена етничка заедница како израз на сопствениот идентитет во Република Македонија не смее да биде идентично и мора да биде видно различно од знамето на туѓа суверена држава или ако фигурите и боите се идентични, тогаш мора на таквото знаме да се вметне апликација на државно знаме на Република Македонија.

Но ова, почитувани пратеници, се решава и регулира со закон и тоа со закон за знамињата на

етничките заедници кој треба да претходи на законот за употреба на знамињата на етничките заедници во Република Македонија, за кој впрочем денеска расправаме.

Патем речено овде е неограничено правото на секоја етничка заедница како израз на сопствениот идентитет да го одбере односно избере и државното знаме на Република Македонија односно националното знаме на Република Македонија. Исто така е неограничено правото да избере друго, условно речено, сопствено знаме, но ограничено на начин што претходно го елаборирав.

Напоменувам дека во сета моја сегашна дискусија мислам на употреба на знамињата на етничките заедници во јавниот и службениот живот во смисла на точка 7 од основните приницпи на Рамковниот договор. Мислам дека употребата на знамињата на етничките заедници во приватни цели ниту може целосно да се контролира, а ниту би требало да се ограничи, бидејќи во тие случаи не се чепка во државниот суверенитет на Република Макеоднија.

Почитувани пратеници, нелогичноста на редоследот во регулирањето на оваа материја е што прво се нуди закон за употреба на знамиња без претходно да се донесе закон за знамиња на етничките заедници. Како последица на оваа редоследна нелогичност ќе имаме хаос во употребата на знамињата, а ако одредена етничка заедница на спонтан, нерегулиран начин го употреби знамето на туѓа држава, тогаш странците што ги перцепираат пораките според меѓународните стандарди е дека Република Македонија е федерална држава.

Друга нелогичност и последица од таквиот редослед прво да се донесува законот за употреба на знамињата, а потоа без претходно да биде регулирана материјата за материјално како треба да изгледа, кој да го донесе, од кое тело и на кој начин знамето што би го избрала етничката заедница е што можеби ние ќе бидеме, ајде да кажам, во доменот на можната имагинарност изненадени од албанскаа етничка заедница, бидејќи се мисли на таа етничка заедница деке евентуално можеби нема да го земат за нивно национално знаме, државното знаме на Република Албанија, па можеби сите овие дискусии ќе бидат сувишни врз основа на тоа што предлагачот на законот прво ни понудил закон за употреба на знамињата, без претходно да ни понуди друг закон со кој би ги дефинирале изгледот и начинот на донесување и телото кое би ги донело знамињата на етничките заедници. Но, да видиме, можеби таквото изненадување пријатно би го доживеале.

Една од следните нелогичности во самиот закон за употреба на знамињата, според мене, е во членот 2. став 2, предлагачот на законот се обидел да даде дефиниција на поимот знаме на етничката заедница, па вели:

Под знаме на етничката заедница се подразбира знамето што заедницата го избрала и го употребила како знаме за изразување на својот идентитет и особеност. Јас ништо не разбирам од ова. Кое знаме, како изгледа, кој го донесува. Ова наизглед упатувачка правна норма нема своја дестинација, бидејќи не одредува од страна на кое тело е утврдено знамето на етничката заедница. Значи, имаме чиста тафтологија и празна реторика во членот 2 став 2.

На крајот, има и други нелогичности, но да ги оставиме за подоцна кога ќе дискутираме по текстот на законот. Од дискусиите на пратениците на Пратениката група ВМРО-Народна партија произлегува дека максимално се противи на донесувањето на овој и ваков закон, кое нешто ќе го чини и понатаму во натамошната расправа по овој закон.

Но, од друга страна зачудува леснотијата со која Владата на СДСМ, на ДУИ и ЛДП предложила ваков закон како и нестрпливоста на парламентарното мнозинство повторно сочинето од пратениците на СДСМ и ДУИ да го донесат овој закон. Дали ќе има крај почитувани пратеници и јавноста на Република Македонија на леснотијата со која владеачката коалиција на СДСМ и ДУИ ги донесува судбинските закони од типот на Законот за територијална поделба на општините во Република Македонија и овој, со кој се подјадува државноста и суверенитетот на Република Македонија. Оставам граѓаните на оваа држава и историјата да ценат за постапките на секој политички субјект. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Краљевски.

Реплика од три минути за господинот Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине потпретседател.

Со почит кон колегата Чедомир Краљевски, но и покрај се би сакал да го потсетам на еден неспорен факт. Во времето кога го донесовме Законот за државјанство, пратениците од неговата пратеничка група беа дека преку овој закон се федерализира Македонија. Тој закон се донесе и истиот се спроведува, а Македонија ниту се федерализира, ниту стана бинационална држава.

Се донесе Законот за државниот универзите во Тетово, разговорите беа исти, Македонија ќе се федерализира, а денеска гледаме дека токму на овој универзитет учениците со етничко македонско потекло чекаат на ред за да се запишат на тој универзитет. Можеби има и деца од пратениците на Партијата која ја застапува колегата Краљевски.

Сега се предлага и расправа овој закон, повторно имаме исти зборови, Македонија се федерализира. Навистина не знам, ќе повторам не знам зошто се постапува на овој начин. Но, и покрај тоа сакам да искажам уште еден факт. Свесен сум дека опозицијата преку законите од ваков карактер сакаат да ги добијат политички. Не треба да заборавиме еден друг факт. Кога се говори за овие закони треба да дадеме придонес

во насока на тоа на кој начин ќе говориме и со овие закони да ги регулираме сите прашања кои се предмет на овие закони да се регулираат во целост. Не треба да се создаваат политички напнатости, бидејќи преку таквите политички напнатости, треба да ни биде јасно, ќе им кажеме не на странските инвестиции, а со тоа и на економскиот развој на Македонија.

Ќе цитирам дел од вашата дискусија. Рековте дека треба да се создаде едно тело кое треба да ги изготви симболите. Се заборава еден друг факт дека културниот и етничкиот идентитет се определува според симболите. Симболите не треба да се утврдуваат од комисии, туку етничките заедници треба сами да ги утврдат своите симболи. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Јашари.

Продолжуваме понатаму со расправата.

Има збор пратеникот Ристо Пејоски.

**Ристо Пејоски:** Благодарам потпретседателе.

Мене особено интересно ми беше обраќањето на заменикот министер за правда при промоцијата на овој закон.

Прво, во неговото обраќање кон нас, кој го слушавме, не врами во Амандманот 8 и точката 7 од Охридскиот договор од што треба да произлезе императивната законска нужност на која ние како субјекти треба да и ја дадеме нашата согласност, а потоа или пред тоа заменик министерот во текстот ги антиципираше нашите можни приговори и правци во кои би се движела дискусијата, ги смири во името на соживот, толеранција и во името на највозбудливиот сон приклучувањето кон Европската Унија.

(Во 12,15 часот со седницата продолжи да раководи господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието)

Во ова стамено, кратко, срочено обраќање можеше да се почувствува ароганцијата на власта која со неумоливата послушност на парламентарното мнозинство априори не признава алтернативи. Како да сакаше да ни каже не е важно како ќе почнете, знам како ќе завршат сите овие дискусии на крајот.

Ако зборовите можат да произведуваат сенка или слики, а можат, тогаш зад ова лапидарно обраќање на заменикот министер без многу имагинација можеме да го видиме оној англичанец кој самоуверено ги вртеше сказалките на саатот наназад покажувајќи му ги на народот, на оној народ кој се дрзнал да тргне на референдум за да го смени правецот поинаков одошто е замислен во вишите политички лабаратории наши или туѓи или мешани.

Во обраќањето се слушаше тој архетип, тој пратекст, таа праслика која ќе ни се наметнува секогаш кога ќе се обидеме поинаку да сонуваме одошто планирале нашите контролори на сонот. Кога ќе им се појави саатот на сон некаде во идните поколенија, толкувачите на соништата ќе речат пази се од твоите, ќе доживееш некој пораз.

Бидејќи е ова општа расправа не можам да не спомнам кога во една ангажирана емисија на телевизијата еден од апологетите на власта рече за овој закон дека Владата направила применлив закон. Размислував што стои зад оваа синтагма, каква политичка потсвест. Одговорот е едноставен. Ние можеме да ви дадеме се и повеќе од што сакате и можете да земете, само помогнете ни да останеме на власт. Фасцинираше на таа јавна расправа на таа телевизија и еден предлог на помалиот дел од владеачкото мнозинство кој сакаше да се наметне со својот виспрен и необичен предлог државното знаме да било повисоко и поголемо. Овој предлог е флагрантен пример како кога нешто произлегува од политичка импотенција наоѓа фројдовска разрешица. Само што политичката потсвест овде барем молчеливо бараше отстапка. Се ќе ви дадеме ама вие барем дајте ни да сме малку поголеми и повисоко поставени барем за малку, со други зборови, а националното чувство бара времено достоинство.

Имено, во таа ангажирана јавна дебата на телевизијата за овој закон за употребата на знамињата беше прикажан како закон кој ќе ги зголеми нашите морални ресурси како држава пред лицетот на меѓународниот морален суд со тоа што еден дел од заедниците ќе им се овозможи да се почуствуваат поцелосни, позадоволни во своето постоење. Всушност се работи за тоа дека овој закон кој се донесува по итна постапка како да се спроведува Геомеровата дефиниција за национализмите односно етничките граници обележани со територијалната поделба и обележани со државно знаме на соседна држава да се претворат во политички или со други зборови во сегашната политичка констелација да се означи мала источна Албанија.

Во прилог на тоа оди и официјалното непризнавање на Македонија под уставно име со што тој народ припаѓа на оние недобронамерни држави кои го чекаат редизајнирањето на нашето име. Но, сето ова се покрива со спротивна приказна. Прво се почна со протести, митинзи со една порака дека ние сме албанци. Потоа преку Охридскиот договор се дојде до самоидентитетот јас сум албанец, за да заврши со претпоставеното јас сум граѓанин на Република Македонија, но со досегашното делување на коалицијата овој логичен процес е абортиран. Но, едно е факт, додека едни растат преку победа и чувство на неранливост, некои мораат преку пораз да зреат со чувство на повредливост, се надевам се препознаваат страните.

При донесувањето на овој закон збунуваат некои коинциденции во општествената ситуација.

Прво, преку послушните рационализирачки медиуми кои парафразираат отприлика вака. Што бевте се распрокажале за знамињата, премиерот

вели, вие не знаете што ви носиме на дланките. Го носиме светлото на крајот од тунелот во името на Сименс, Лукоил и други. Видете го заради тоа како се релаксира претседателот. Чуден е молкот за законот на најстарата и најпочитуваната интелигенција која се чувствува како стар пес кој лежи покрај оградата на сонцето се гледа, се знае, ама го мрзи да лае.

Другиот дел од ителигенцијата е возвишено отсутен и засолнет чека ова да мине за потоа да се појават како генерали. Уште почуден е молкот на таканаречените псевдовладини организации кои пропуштаат односно нивната интелигенција пропушта со нивниот провладин сенс да крикне со орелски крилја напред во Европа.

И уште една последна коинциденција. Народот во максимална апатија со силна политичка анастезија која е срачунато доведена до максимум е точно времето кога се носи овој закон. Сепак овој закон е скаменет запис како метафоричка приказна за највисокиот лет на чудната птица СДСМ во канџите на орелот пред да ја испее својата лебедова песна во државна химна. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Пејоски.

Три минути реплика за госпоѓица Грковска.

**Славица Грковска:** Господине Пејоски покрај проблемите што ги имавте за да го прочитате говорот, сепак фатив некои забелешки кои мислам дека само заради јавноста, а не заради нешто друго заслужува да се демантираат.

Не знам како извлековте такви заклучоци за нечија потсвест во смисла се ќе дадеме само да ни помогнете да останеме на власт, апсолутно не станува збор за носењето на ваков закон обид на оваа коалиција за останување на власт, туку напротив, извршување на обврските и сериозен пристап кон обврските што сме ги презеле за реализација во одреден период.

Во тоа е разликата помеѓу нас и вас што ние не бираме и не бегаме во овој момент од обврските и мерките што сме ги преземале не сакаме да ги вулгаризираме, туку напротив, приоѓаме сериозно во нивното решавање и на начин на кој што преку компромис се доаѓа до решение кое што ќе ги задоволи и ќе даде поддршка. Можеби тоа било начин на функционирање на вашата партија во претходниот период, затоа што има многу милион бројни докази и примери во кои што вие така функциониравте, дека бевте спремни да направите се само за да останете на власт и за среќа на граѓаните на Република Македонија тоа не се случи.

**Љупчо Јордановски:** Господине Пејоски, една минута контра реплика.

**Ристо Пејоски:** Размислував дали да дадам контра реплика, затоа што во овие нејзини три минути кои ги слушав, сфатив дека се работи за човек кој не ме разбрал и не знае. И од тие причини немам потреба да ја разгледувам.

**Љупчо Јордановски:** Ваше право.

Повелете, господине Петковски, имате збор.

**Тито Петковски:** Господине претседател, почитувани колеги, претставник на Владата, искрено мислам дека до ваков развој на настаните и до ваква дебата во Собранието воопшто не требаше да дојде. Ова свое мислење го темелам на следната претпоставка. Во Македонија очигледно дека долго време наназад не најдовме вистинска формула како да направиме многу похармонични односи меѓу етничките заедници и многу повисок степен на толеранција и се разбира многу повисок степен на меѓусебна доверба. Впрочем, и оваа обврска за која што сега расправаме, мислам дека се темели токму на овие три причини. Заради тоа и се случи она што се случи војната од 2001 година и Рамковниот договор, односно Охридскиот договор требаше да претставува еден вид вовед, или една правна рамка на која што темели изградбата на овие неколку вредности. А најголемата според мене е, меѓу себе да изградиме многу повисок степен на доверба, живеејки во една држава која што ја чувствуваме сите како заедничка татковина Република Македонија. Се согласувам, сите имаме различни погледи околу тоа како да се дојде до таа цел. Мислам сите треба да настојуваме бидејќи имаме обврска пред граѓаните каков пристап да изградиме.Не воинствена реторика, малку меѓусебно повеќе разбирање и многу повеќе внимание на она што како нормативни акти, како Устав и како договор, како закони сме ги донеле. И токму поради тоа сметам дека не требаше на ваков начин да се расправа по оваа тема. Рамковниот договор е заклучен помеѓу главните политички субјекти во Република Македонија во тоа време, со гаранција на Меѓународната заедница во ликот на САД како потписници и Европската унија. И сите тие, значи вклучително со политичките партии кои што се и денес релевантен политички субјект во Македонија имаа обврска до крај да го изведат Охридскиот рамковен договор. Значи, ни остана уште една тема, оваа за која што расправаме неколку дена и кој знае уште колку ќе трае и се разбира законот за употребата на јазиците. Јас очекував на сите потписници тоа е политичка одговорност пред граѓаните одговорен однос до финализацијата на Рамковниот договор што ќе значи до донесувањето на последниот закон, законот за употребата на јазците. Или да бидам уште поискрен, очекував Владата да излезе со еден, јас би рекол пакет заеднички закон во кој што овие прашања кои што се толку сензитивни, кои креваат етнички адреналин, не фрустрираат сите заедно и вината ја префрламе едни на други, барем да ги направиме во еден пакет. Така што законот за знамињата на етничките заедници и законот за употреба на јазиците, барем да истуркавме наедно и на една нервоза, ако сакате да бидам многу поконкретен. Вака сега го одложивме прашањето за употреба на јазиците до крајот на годината дали ќе биде, или до крајот на одморот, не сум сигурен. Според она што се информациите со кои што и вие рамноправно

располагате во јавноста и јавноста дека сепак малку ќе се одложи тој закон, значи ќе имаме уште една тура овде на меѓусебно обвинување кој е повеќе виновен за она што ни се случува.Не помалку на овој план мислам дека не покажа, односно повеќе ангажман не покажа ниту Меѓународната заедница како потписник на Охридскиот договор.Поттошија заедно еден викенд на Маврово, но за мене и за македонската јавност останува нејасно, зошто не се направи компромис, зошто не се инволвираа сите потписници на Рамковниот договор околу креирањето и подготвувањето на овој закон, за да не ни се случи она што ни се случува. Ние овде ќе потрошиме многу време, многу енергија, а дефинитивно целта што занчи градење на повисока меѓусебна доверба, нема да ја постигнеме. Сите ќе си останеме со своите ставови, а доколку потписниците на Рамковниот договор во тоа време и претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, на СДСМ, на ДПА, на ПДП, кои што беа релевантни политички фактор, сега во контиунитет има само еден нов политички субјект, другите остануваат заедно да седнеа заедно и за ова да се допговорат и политичките последици да ги поднесуваме сите заедно за доброто на Македонија. Според тоа, јас имам сериозна забелешка на пристапот околу подготвувањето на овој закон, не- подеднаквиот ангажман на сите потписници. Мене ми е драго, го видов тука еден од потписниците господинот Георгиевски, се надевам и тој ќе каже зошто не партиципирал, исто така очекувам и претседателот на ВМРО-ДПМНЕ сега да каже зошто не партиципирал во тој договор, очекував и Меѓународната заедница да каже зошто не потроши малку повеќе енергија и да се дојде до компромис на еден пропис кој што повеќе ќе не обединува, а не ќе не разединува, како што тоа се случува овие неколку дена. Мислам дека само на тој начин законот како акт кој што го донесува Собранието ќе го почувствуваме сите како свој и ќе го применуваме и тој закон ќе има функција. Вака донесен закон со овие симболи ќе навредува нечии чувства. А пак доколку не се донесе тој закон, ќе навредува чувства на друга етничка заедница. Мислам дека ова прашање е пар екселанс по кое ќе треба да се направи политички компромис за да не се троши оваа етничка енергија за која што толку време расправаме, а која не не доближува до целите да изградиме поубава перспектива на Република Македонија. Мислам дека тоа е причината зошто и се тргна на овој начин да се уредува ова прашање за употребата на знамињата на етничките заедници, а не онака како што јас сметам. А ќе кажам јас како сметам, дека би било најдобро тоа да се уреди. Неслучајно толку потрошивте енергија бидејќи се работи за државни симболи, се работи за симбол кој што ја претставува државата надвор. И тука имаше дискусии што не сакам да ги повторувам околу екстериторијалноста , употребата на знамиња на туѓи држави на територијата во кои прашања тоа и стои во нашиот Устав, но ние имаме една од темелните вредности на нашиот Устав, а тоа значи почитувањето на меѓународното право и едноставно мораме да го сообразиме и своето законодавство со меѓународното за да бидеме компатибилни. Во сите сфери на животот имаме обврска да го кодифицираме, односно да го доближиме нашето законодавство до европското, ако сакаме да бидеме еден ден членка на Европската унија. Значи, тие правила на Европската унија мораме да ги почитуваме.

И ќе бидам многу конкретен, макар и да ми замераат колегите од Швајцарската амбасада кои што беа присутни на разговорот, мислам дека остана нејасно чии искуства пренесоа на тие разговори и што практично од нас бараа да вложиме од својот политички кредибилитет за да се реши прашањето. Но, како јас сметам дека би било најдобро да се уреди. Мислам дека Македонија во 1997 година донесе закон за државните симболи, меѓу другото го донесе и Законот за употреба на државните симболи. И донесен закон меѓу другото во член 17, последниот став вели, ако знамето беше цитирано, меѓутоа јас да кажам во контекст на мојата идеја и мојот став, ќе се послужам само со два цитати.

Во член 17 последниот став говори дека, ако знамето на Република Македонија се истакнува со знамето на единиците на локалната самоуправа и други знамиња, знамето на Република Македонија се истакнува на прво место од левата страна оддалечено два метра, а повисоко за еден метар и со поголема димензија од знамето на единиците на локалната самоуправа и другите знамиња. Значи, употребува поим: "и другите знамиња". Мислев дека беше за очекување овој закон да се измени и дополни само со една одредба за знамињата на етничките заедници. Но, Владата постапила логично затоа што нема политички консензус. Овој закон според Уставот се носи со 2/3 мнозинство и ако имавме таков пристап, едноствно мораше сами да се договориме да направиме компромис сите политички партии да смогнеме сили со 2/3 мнозинство да го донесеме законот и тој закон ќе има функционална примена и сите ќе го почитуваат законот, почитувајќи го законот ќе ги почитуваат и знамињата за кои што сме се договориле. Но, бидејќи нема таков консензус, Владата нашла елеганто решение и предлага закон кој што може да се донесе со 41 глас за кој нема потреба од поширок политички консензус. Ако го имавме оној пристап за кој што се залагам, тогаш ќе потрошевме многу повеќе време и труд и енергија, меѓутоа и политичка мудрост кај сите политички партии да го измениме и дополниме овој закон, бидејќи ги уредува државните симболи со кои што се идентификува државата Република Македонија и употребата на симболите на етничките заедници кои нема да навредуваат никакви чувства. Но, тоа е тоа и од тоа нема бегање. Ние ќе потрошиме уште многу време, а мислам дека јазот меѓусебен само ќе го продлабочиме.

И втората теза на која што ја темелам дека не требаше ваков закон да се донесе, тоа е Рамковниот договор. Неколку пати овде беше цитиран. Јас заради поткрепа на сопствениот став само ќе го прочитам уште еднаш. Во точката 7.1 каде што се говори за изразување на идентитетот стои: Во однос на симболите, непосредно до симболот на Република Македонија, внимавајте, локалните власти ќе ја имаат слободата на предната страна од локалните јавни објекти да постават симболи со кои се одбележува идентитетот на заедницата која што е во мнозинство во општината, со почитување уште еден акцент на меѓународните правила и примени. Ако имавме таков пристап, мислам дека законот немаше да предизвика толку емоции овде во Собранието. Но, бидејќи се тргна по она, јас инсистирам натаму ако барем еден од потписниците на Рамковниот договор и партиите кои што се сега во Парламентот не кажат зошто не учествуваа на таков договор, бидејќи тоа е обврска од Рамковниот договор. До последниот закон тие мораат да имаат позитивен однос, мислам последниот закон од Рамковниот договор, тоа е законот за јазиците, тие имаат политичка одговорност пред граѓаните на Република Македонија, меѓутоа и пред Меѓународната заедница како потписници на договорот доследно да ги почитуваат и тука се согласувам со господинот Рафис Алити. И тој говореше дека сите политички субјекти имаат обврска. Сега нека ми прости господинот Џафери, не се тука неговите колеги од пратеничката група, а можеби од некоја ладовина не гледа и ни се сити, а тој е потпишан и има обврска пред електоратот доследно да го почитува, барем да го почитува сопствениот потпис. Истото го очекувам и од господинот Љубчо Георгиевски, или сега господинот Никола Груевски и тн., сите што ги водат политичките партии. И се разбира нема да побегнам од тоа да кажам и дека очекувам за ваков значаен закон и господинот Али Ахмети да биде во Парламентот како еден од најполитиарите кој што има најголем углед во Македонија, барем според последната анкета, тој е политичар со најголема поддршка во електоратот во Македонија. И неговиот политички кредибилитет да го употребеше во функција на изнаоѓањето на најдоброто решение. Сакам да ја поткрепам сопствената теза дека во Македонија практично не функционираат институциите на системот. Тоа сум го рекол, можеби ќе бидам досаден. Но, ако ова Собрание има шанса преку демократска расправа, преку соочување на аргументи да дојде до промена на законот, тогаш ќе расте и ќе се гради институцијата Собрание. Во спротивно Македонија и натаму ќе продолжи да функцинира како договорна, или договорена држава. Нешто ќе се договори во четири очи, во шест, или во осум, како сакате, а ние овде во Собранието имаме задача да трошиме непотребно енергија и само на крај да гласаме не според убедувањето, туку според она што однапред е договорено. Значи, тешко можеме да измениме нешто што е договорено, а овде, ова е храм на демократијата и ние се занесуваме дека имаме обврска да ја градиме секојдневно демократијата преку соочувањето на различни ставови и борба на мислења. Мислам дека и онаа порака сега што е од Брисел кога пропадна договорот на земјите членки на Европската унија околу буџетот на Европа е упатен токму на оваа адреса да профункционираат институциите на системот. Македонија ќе добие според оној извештај предлог, односно нацрт на буџет од 340, или нешто повеќе милиони евра, меѓутоа со точна намена во Нацртот на буџетот за јакнење на институциите на државата, а не за враќање на некои долгови и тн. Тоа беше основната причина почитувани колеги што се јавив на оваа говорница. Ако можеме барем малку да допринесеме ние како пратеници да јакне институцијата Собрание, бидејќи таа според нашиот Устав е законодавен дом и која преку борба на различни мислења доаѓа до решенија што можат да бидат резултанта од различните мислења, а која ќе оди во насока на стабилизирање на Република Македонија и изградба на правна држава. Меѓутоа, очигледно дека тоа тешко може да се случи. Тоа беа причините зошто се обидов со мојата колешка Лилјана Поповска да предложам три амандмани. Мене ми е совршено јасно дека не може да се измени ништо од законот заради причините за кои што сега говорев. Но, барем да отвориме процес по трите прашања кои што се мошне клучни во Македонија.

Првото е, дали овој закон ја консолидира демократијата во Република Македонија, дали овој закон отвара перспективи, визии за градење на меѓусебна доверба или се случува нешто обратно, дали овој закон не доближува до европските стандарди преку примената на меѓународното право и критериумите онака како што е забележано во точката 7.1 од Рамковниот договор. Ако такви услови исполнуваме, ќе чуеме и добри вести од оние кои што треба да не примат во нивното друштво, а ако не, ќе бидеме се подалеку и подалеку. Денес во печатот слушнавте уште една вест од НАТО, не се луѓето оптимисти дека Македонија ќе прими покана до година за да бидеме во 2007 година членка на НАТО. Тоа не е нивни проблем. За да бидеме членка на НАТО и на Европската унија, тоа пред се е наш проблем и ние мора да си ги средиме работите дома, а не да ги префрлиме на некој друг. Според тоа, заради тие причини сакав да видам дали имаме сили да почнеме отворено да разговараме во Парламентот, не како партиски војници, туку како одговорни луѓе пратеници зад кои што стојат избирачи, па да кажеме дека некои норми не водат кон подобрувањето на нашата вкупна позиција, па ако сакате и изградбата на правниот систем преку еден закон кој што треба да биде придонес кон изградба на правниот систем. И затоа поднесовме еден амандман кој што се однесува точно на уставното начело, односно е една од темелните вредности на македонскиот Устав, почитувањето на меѓународното право што значи околу

употребата на знамињата на туѓи држави на територија на една држава, понатаму на доследно почитување на Законот за употребата на симболите каде што стои, би го прочитал членот од Законот каде што стои дека мора овој закон да се сообрази. Овие два закона се во колизија, овој Предлог на закон е во колизија со Законот за употребата на симболите во кој што изричито стои позиционирањето на знамето на единиците на локалната самоуправа и другите знамиња. Претпоставувам под "другите знамиња" може да биде и ова. Дали тоа е пошироко толкување, прашање исто така за кое што треба да поразговараме. И сметав дека треба овој закон да се сообрази со Законот за употребата на симболите. Значи, ако се во колизија, еден закон ќе се применува. Кој закон ќе се применува, дали ќе се применува Законот за употребата на симболите од 1997 и овој закон што сега ќе го донесеме.

И третиот амандман е усогласувањето исто така на овој закон со Законот за локалната самоуправа. Мислам дека наша обврска е како парламентарци да направиме значаен придонес кон унапредувањето на легислативата. Инаку, независно од било какви инсинуации, не ми смета знамиња на ниту една заедница. Само ќе потсетам на она шеретско, на она шегување во една колумна за знамињата во Тексас, шесте знамиња во Тексас како симбол на историјата, а не како симбол на иднината на САД и на Тексас. Значи, да кажам, и со тоа ќе завршам, дали ова што го правиме сега со овој закон треба одговорно да размислиме значи доближување до целта, изградба на цивилно општество, или натамошна сегментација на Република Македонија на етнички основи. Јас сум повеќе склон да верувам дека одиме кон она второто, отколку кон она првото.

И да завршам, законот ќе го поддржам, се разбира доколку амандманите што ги поднесов заедо со уште еден пратеник бидат прифатени. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Петковски.

Госпоѓа Лалчевска не е присутна.

Повелете господине Србиновски, имате збор.

**Илија Србиновски:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани пратеници, почитуван претставник на Влада,

И јас сакам да земам дел во дискусијата за овој Предлог на закон.

Пред нас се наоѓа Предлогот на закон за употреба на знамињата од страна на етничките заедници.

Главна одлика на овој Предлог на закон, како и на голем број на претходни предложени од страна на Владата е неговата голема контраверзност. Ваквата негова контраверзност произлегува од повеќе причини.

Главна причина поради која што произлегува ваквата негова квалификација е методологијата со која што овој Предлог-закон е изготвен, доставен во Собраниска процедура. Тој е изготвен од страна на тесен и затворен круг поединци без при тоа да бидат вклучени мислењата, сугестиите на експертите, научните институции, невладиниот сектор и воопшто сите субјекти што би можеле да дадат придонес кон изготвување на поквалитетни, и поиздржани решенија што би ги содржал овој Предог на закон.

Во овој контекст, главниот пропуст на Владата при изготвувањето на овој законски проект би можел да го лоцирам во небарањето консензус помеѓу владеачките и опозиционите партии. Посебно, доколку се земе предвид фактот дека не се бара консензус од опозиционите партнери кои се потписнички на Рамковниот договор. Ова, затоа што токму овој Предлог на закон претставува проект што всушнот е реализација на Рамковниот договор и негово спроведување и имплементација во практиката.

Доколку сакаме ваквото негово спроведување да биде успешно и без поголеми проблеми да функционира во реалноста, неопходно е да биде обезбеден консензус со опозицијата и другите релевантни субјекти, зошто во спротивно ќе биде направено нормирање на одредени односи што немаат, речи си, никаква поддршка кај граѓаните. Тоа е во спротивност со начелата на демократското работење и единствено може да доведе до закони што се тешко применливи во практиката, а проблемите, наместо да се затвораат ќе продолжат да бидат отворени и нерешени. Проблемите ќе продолжат да телат, што ќе претставува опасност за нивно натамошно радикализирање и ескалирање.

Сега, би сакал да се осврнам на разгледување на конретните решенија што се содржани во Предлогот на закон за употреба на знамињата од страна на етничките заедници.

Глобално погледното, главниот проблем би можел да се нотира во членовите 2 и 5 од предложениот Закон. Тоа се членови во кои што, во голема мерка, се содржани проблематичните решенија што, доколку не се корегираат, ќе бидат места што постојано ќе продуцираат нови проблеми. Тоа се решенијата што овозможуваат веење на знамиња на туѓи држави на територијата на Република Македонија, како и тоа што овозможува ваквите знамиња да се веат на државните јавни објекти.

Имено, во Предлог-законот во членот 2, воопшто никаде не стои одредба што стриктно наведува дека знамето што го употребуваат заедниците во Република Македонија не смее да биде идентично со знаме на друга држава.

Со ваквиот пропуст во членот 2, а според сегашната содржина на Предлог-законот, се дава можност во Република Македонија да се веат знамиња на две странски држави. Тоа се албанското и турското државно знаме. Овој факт,

самиот по себе е проблематичен од повеќе аспекти.

Најпрво, тој доаѓа во судир со меѓународно прифатените стандарди и практика, иако во меѓународното право не постои стриктна норма со која што се забрарнува веењето на туѓи знамимња во одредена држава. Сепак, компаративниоит преглед на голем број држави покажува дека ваквата можност е децидно забранета. Таков е примерот со Републилка Грција, Србија и Црна Гора, Република Словенија, Италија, Унгарија и уште во големброј други држави.

Овде посебно би сакал да се осврнам на начинот на кој што е регулирано ова прашање во Република Албанија и Република Турција, земји, чии државни знамиња, доколку се изгласа овој Предлог, ќе се веат во Република Македонија.

Во Репубика Албанија постои норма во законодавството со која што се забранува знамињата, што ги користат малцинствата, да бидат идентични со знамињата на друга држава. Па така, грчкото малцинство во Република Албанија, за изразување на својот идентитет и особености го користи модифицираното знаме што само наликува на грчкото државно знаме. Уште повеќе, што во неговата средина е вметнат албанскиот двоглав орел, со што е јасно ставено на знаеење дека, иако грчкото малцинство ги изразува своите особености, тоа сепак не оди во спротивност со унитарниот карактер, суверенитет и правниот интегритет на Република Албанија. Значи, тоа е знаме на граѓани кои имаат грчко етничко потекло, но пред се се граѓани на Република Албанија.

Истоветна одредба е содржина и во законодавството на Република Турција. Посебно е интересен примерот со оваа земја, затоа што таа, во своето законодавство, има одредба со која што го заштитува турското државно знаме и неговата неовластена употреба на места што не се предвидени со законските одредби. Се поставува прашањето што ќе се случи доколку Република Турција официјално протестира при истакнувањето на турското државно знаме во Република Македонија, како што тоа беше случај со гостиварските настани во 1997 година?

Понатаму, би сакал да се осврнам на тоа што значи можноста на веење на знамињата на други држави на внатрешно-политички план.

Знамето на одредена држава го симболизира територијалниот интегритет и суверенитет на суверена држава. Кога во една држава се веат знамиња на две држави, тоа имплилцира дека суверенитетот во таа држава е поделен. Поделениот суверенитет, од друга страна, пак, е една од поважните карактеристики на федерализмот, а од друга страна е во спротивност со уставниот карактер на Република Македонија, која, според Уставот е така дефинирана што подразбира целосен и неделив суверенитет.

Исто така, со овој закон етничките заедници во Македонија ќе станат колективни етнички субјекти. Со тоа, во политичка смисла се етнизира општеството, а тоа го подразбира истиот процес на губење на суверенитетот.

Се надевам дека претставниците од Владата нема да останат глуви на овие сериозни забелешки и дека по никоја цена нема да ги занемарат.

Од сето погоре кажано произлегува единстсвеното можно решение што мора да се примени, со цел за надминување на оваа блокада, а тоа е одредена промена, макар минимална на знамињата што ги користат етничките заедници, со што тие ќе бидат различни од знамињата на други држави. Со тоа би се избегнале сите опасности што погоре ги наведов, а исто така би се постигнала една далеку порелаксирана состојба и во односите со опозицијата и во редовите на самата позиција за носење на овој закон.

Втората, крупна забелешка што ја има во овој закон е во членот 5. Во овој член потои одредба со која што грубо се прекршува Рамковниот договор. Во Рамковниот договор стои јасно дека знамињата на заедниците можат да се веат само на локалните јавни објекти. Во посочениот член има проширувања, дадена е можност употреба на знамињата на заедниците да се прошири и на државните јавни објекти.

Се прашувам, кои се мотивите за ваквата практика на континуирано надминување на Рамковниот договор? Тој беше прекршен со признавањето на малоречанскиот парауниверзитет, со законот за деталната организација на локалната самоуправа во Република Македонија, експресно усвоените измени на Законот за внатрешни работи, како и обидот за впротнување на амандмани,Законот за парнична постапка. Повторно сме сведоци на истиот процес и практика, но сега, со Предлогот на закон за употреба на знамињата од страна на етничките заедниците во Република Македонија.

Полека, но сигурно рамката на Рамковниот договор се шири и прекршува за сметка на Уставот. На оној ист Устав што требаше да биде современ, европски и граѓански. Оној со кој што требаше да се гради граѓанска и правна а не национално определена, поделена и путирана држава. Сето ова се случува под изговор дека станува збор за процеси неопходни за евроингеграцијата.

Никој не согледува дека токму ваквите, божем евроинтеграциски потези, најмаклу водат кон изградба на цврста и стабилна граѓанска држава.

Сакам само да укажам дека воопшто не е добро да се пречекорува договореното во Охрид, бидејќи тоа ќе значи отворање врата за нови и други проширувања на Рамковниот договор. Тоа, врз основа на домино-ефект ќе резултира со рушење на самиот Рамковен договор и тоа токму реторика за неговото спроведување. Треба во корен да се пресече практиката заради дневно

политички цели да се задира во хиперсензитивната сфера на меѓуетничките односи и токму затоа сметам дека овој Предлог на закон треба да се врати во строгите рамки на Охридскиот договор. Во спротивност доколку не се почитува ваквиот принцип на работа, последиците врз државните интереси на Република Македонија ќе бидат енормни и далекусежни.

Ова се само две крупни забелешки што ги имам по однос на овој Предлог-закон. Тежината на аргументите што ги изнесов се доволни за сериозно преиспитување на начинот на носење и содржината на текстот на овој Предлог, но и покрај овие два спорни моменти, Предлогот на закон содржи низа други нелогичности и неиздржани решенија.

Тука, само би ја навел одредбата со која се дава можност за веење на знамињата на заедниците на празниците што тие ги прославуваат. Иако празниците на заедниците не се утврдени со закон. Со ова се дава можност на наведените празници на верниците, слободно да се утврдуваат, без притоа да се води сметка дека со тоа ќе се воведе практика што не е законски определена и е спротивна на правниот поредок на Република Македонија.

Понатаму, во овој контекст би ги спомнал решенијата со кои што се предвидува веењето на знамињата на заедниците при присуството на членовите на Владата, како и на овластените претставници на меѓународните организации, што е крајно проблематично. Иако Владата е извршен орган, што подразбира потојано работно присуство на нејзините членови на територијата на државата, се носи решение што подразбира дека знамињата на заедниците треба постојано да се веат на објектите што се овде наведени. Истото важи и за овластените претставници на меѓународната заедница.

Понатаму, во Предлогот се среќаваат и одредени терминолошки допрецизности и недоследноти. Па така, се употребува терминот"овластени претставници на Меѓународна заедница". Ова претставува општ и непрецизен поим што не се сретнува никаде и поим со кој што јасно што се подразбира.

Оттука, логично произлегува дека ваквиот поим не може да се користи при законско нормирање.

Од сето до сега наведено, логично произлегува мојот негативен став и неприфаќање на вака срочениот Предлог на закон. Затоа, јас и пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ сметаме дека Предлогот на закон за употреба на знамињата од страна на етничките заедници во Република Македонија е системски погрешен, дека треба да се повлече од Собраниската процедура и при негова подготовка сериозно да бидат земени сите забелешки, сугестии на опозицијата.

Во спротивно, Владата на своја одговорност го презема ризикот од се поизвесната блокада на демократските процеси во државата, како и блокада на напорите за целосно и успешно спроведување на Рамковниот договор, а со тоа и стабилизирање и заздравување на Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодрам господине Србиновски.

Господин Ќуркчиев не е присутен, избришете го.

Господинот Чашуле не е тука, избришете го.

Господинот Ѓорчев, не е тука, избришете го.

Господинот Витановски, не е присутен, избришете го.

Повелете господине Остреки имате збор.

**Гзим Острени:** Почитуван претседател, почитувани колеги,

Пред да почнам со моето излагање во врска со употребата на знамето, ќе побарам извинување од сите мои сонародници, затоа што би сакал да се обратам на македонски јазик, така што моите колеги и јавноста би можеле да не следат без да има некоја евентуална грешка во однос на преводот.

Дискусијата што се одвива овие денови во Собранието на Република Македонија може да се констатира дека сите дискутанти говорат за еден краток временски период на потоење на Република Македонија, а тоа е од 1991 година, од осамостојувањето па наваму, со, нормално, сконцентрирано внимание врз законот што е предложен. А, не се осврнуваат на најважниот дел од нејзината историја, кога се поставуваа и зацврстуваа темелите на оваа држава. Тоа е периодот од Втората светска војна. Токму затоа јас ќе се задржам, правејќи краток осврт за употребата на албанското национално знаме во тоа време, во Република Македонија.

Ќе се задржам на историски применетото право и обврска на употребата на националното знаме на албанците во Република Македонија. Ако се вратиме и малку прошетаме низ историјата, ќе видиме дека таа е заедничка и полна со маки. Зтоа, мојата дискусија да не биде јалова, ќе ја поткрепам со извесни документи од заедничката борба на македонците и албанците во Втората светска војна, водена под знамето на Крушевска Република и знамето на Скендер Бег што ние сега го третираме само како национално знаме на албанците.

Значи, на знамето, што е предмет на регулирање на овој закон, за што деновиве дискутираме, а се во полза на освежување на сознанието за општествено-политичките и законските осцилации во употребата на албанското национално знаме низ историјата на Република Македонија.

Ќе почнам со еден извадок од Третата книга на Светозар Вукмановиќ Темпо, напишан на страна 115. Таму, тој тврди дека повторно се вратил во Дебар, веднаш по капитулација на Италија околу 11 септември 1943 година, со намера да ги забрза мерките што порано биле предвидени,

бидејќи од тоа какви односи ќе се воспоставуваат помеѓу Албаниците и Македонците, зависела борбата на целиот овој регион.

И понтаму го цитирам Темпо, кој вели:

"По доаѓањето во градот, се договорив да и во Дебар се одржи голем нроден собир. Се појавив држејќи го во едната рака албанското, а во друга македонското знаме, велејќи - Под овие знамиња се бореле вашите претци против турското ропство, а за национална независност, под знамето на Крушевската Република се бореле Македонците, додека под знамето на Скендер Бег се бореле Албанците. Овие знамиња се симболи на Вашите најславни поглавја на Вашата историја. Ние сме наследниците на тие традици. Под нив ја водиме борабата за слобода на двата народи".

После ова, би се осврнал на Прогласот на Првиот Обласен комитет на Комунистичката партија упатен до населението од Полог - Дебарско - Кичевско и Струшко, од јули 1943 година. Во овој документ Обласниот комитет, обраќајќи им се на Македонците и Албанците од Полог, Дебарско, Кичевско и Струшко, по вршењето на анализа на воено-политичката состојба во светот, Европа, Балканот и во Македонија, упатува барање да Македонците и Албанците ги тераат своите синови да ги полнат редовите на Народно ослободителните партизански чети и одреди за да се борат под националното знаме.

За таа немена Комитетот се обраќа на македонската и албанската младина со овие зборови:

"Младино, македонска и албанска не дозволи (без поправен текст и јазична корекција) да те фашисти, окупатор фрли у борба против твоите браќа. Не дозволи да од тебе направи топовско месо и ги остави своите коски по туѓите полиња на Европа и Италија во борба против братските народи на Советскиот сојуз и сојузниците Англија и Америка и против поробените народи од Европа и Балканот а за есап на Мусолини. Не оди да ги браниш интересите на фашистичка Италија која е беше на умирачка. Ступи смело во редовите на Народно ослободителните македонски и албански партизански чети и одреди кои под славното знаме на Крушевската Република и под знамето на црно и црвено на Скендер Бега жестоко се борат против крвавиот окупатор за национална слобода и равноправност на нашите два поробени и напатени народи".

Да би завршил со паролата "Да живее братство и единство на Македонците и Албанците"

Кога се читаат историските документи се стекнува впечаток дека тоа се направило како да се има предвид Охридскиот договор, а тоа е така затоа што тој и од нив произлегува. Имено, документите што се создадени во виорот на Втората светска војна укажуваат на инсистирањето на сите надлежни, воени и партиски органи за градењето на меѓусебно доверба помеѓу Макеоднците и Албанците. Организирање на државата Македонија без дискриминација и правилно учество во нејзе, преку месните совети и Народно ослободителните комитети. Развивање на локалната самоуправа, образованието и употребата на јазиците преку курсевите за описменување, а на сето тоа му претходеше изразувањето на идентитетот преку употребата на националните симболи.

Повикувањата засновани врз една ваква политичка платформа упатени кон народот за заедничка борба на Албанците и Македонците не беа залудни, ниту само во зборови. Сето ова беше обврска која практично се реализираше од Главниот штаб на Народноослободителната војска на Македонија.

Имено, во тоа време генералот Апостолски се идентификуваше како командант на Народноослободителната војска и нејзините албански единици, како што се викаше таа. На ова укажува и поканата за мобилизација која беше составена како формулар од 3 март 1944 година, кој служеше како покана за повикување на граѓаните за служење во воена служба во партизанските структури.

Имено, позивниот формулар од мобилизационата комисија на Главниот штаб на НОВ и ПОМ гласи вака: "По наредба на генерал Апостолски командант на Македонската народноослободителна војска и нејзините албански единици од 3 март 1944 година за мобилизација во Кичево, Мијачко и Дебарско се поканува икс икс човек од село тоа, општина тоа, околија тоа да се јави одма во најблиската единица на Народносолободителната војска на Македонија" истакнувајки дека во денешните историски денови кога се решава судбината на нашите народи, кога се ствара нова држава и изградува вистинска народна власт должност е на секој чесен Македонец и Албанец со радост да го прими овој позив.

Со едно вакво правилно поставување на работите нормално беше да се постигнат и резултати.

Прво се обезбеди сплотување на Македонците и Албанците во заедничката броба, што придонесе покрај младинците и младинките во редовите на Народноослободителната војска и нејзините албански единици се јават и видни кадрови. Така беше и со високиот офицер Хамди Дема и други од кои Хамди Дема беше поставен за командант на Првата оперативна зона на НОВ и ПОМ и член на Главниот штаб на Македонија, кому се должат многу организирани и победени битки, од кои би ја издвоиле неговата објава број 1 од 11 септември 1943 година наменета на населението на градот Кичево попрвотоослободување, а потпишана и од комесарот, ценетиот Елисие Поповски Марко. Еве што содржи таа објава. Објава број 1, иако има многу точки, 16, јас нема да ги изнесам сите, туку ќе ги изнесам оние што се најзначајни за оваа моја дискусија.

Прво, се истакнува дека денес на 11 септември 1943 година градот Кичево се презеде од македонско- албанската Народноослободителна војска и Партизанските одреди. Од денес па натаму оваој град ќе биде во рацете на македонско-албанските НОВ и ПОМ. Уредувањето и редот ќе го држат единиците и т.н., да би на точка 6 наредил на секој локал ќе се клај албански и македонски знамиња. Ова е наредба која ако не се почитуваше следуваше можеби и казна.

Највисоката власт во местото ќе биде македонско-албанскиот Народноослободителен комитет кој ќе биде во тесна врска со штабот на Првата оперативна зона. Овој комитет е прибремен и ќе функционира се дури не се избере нов комитет на демократски начин и слободни гласови. Потпишан е документот од народниот херој Елисе Поповски Марко и командантот Хонди Дема.

Изразот Народноослободителна војска со своите македонски и албански единици е израз роден од потребата на времето. Тој израз не го употребува само Елисеи Поповски и Хамди Дема, туку тој стои и на позивот на Главниот штаб на Македонија и насекаде тоа така се вика бидејки е создаден поим за тоа кај народот за соживотот кој веќе се градеше преку заедничка борба на Македонците и Албанците Македонија.

Овој израз се употребува и во прогласот на обласниот Народноослободителен комитет од февруари 1944 година упатен на населението од Полог Дебарско Мијачки и Кичевски.

Можеби се стекнува впечаток дека се повикувам на многу документи, но ова се само незнатен број во однос на оние кои постојат и кои се печатени и чувани во архивите на Македонија, кои зборуваат дека во историјата на Македонија се вложувало заеднички, со тоа што секоја етничка заедница допринесувала колку што можела.

Последниот документ кој овде ќе го претставам, а за употребата на националното знаме на Албанците во Македонија е еден дел од статијата "Нашата бригада и братството со албанскиот народ" од Илија Топаловски уредник на весникот "Народен војник", орган на Првата македонска народноослободителна ударна бригада од јули и август 1944 година.

Ова ќе го изнесам за да може да се види како се доживувало заедничкото дејствување и употребата на националните симболи на Македонците и Албанците во виорот на војната на бојното поле, таму каде се ковала историјата. Тој пишува: " Нашата бригада изникна од Кичевско-Дебарскиот баталјон. Лани тие наши борци рамо до рамо со најарните синови на албанскиот народ кршејки ја тековната национална и верска омраза ги удрија првите темели на вистинското братство меѓу нашите два народи. Во слободното Кичево покрај славното знаме на Крушевската Република цели 23 дена гордо се вееше знамето на Скендер Бег. Народот осетувајки да се ништат ропските прегради кои до вчера праеја разлика меѓу Макеоднец и Албанец, меѓу рисјанин и муслиман беше зафатен од едно неискажано воодушевление при влегувањето на нашите снаги в град. Целиот народ беше излезен на 5 километри пред Кичево и фрлајки цвеќиња и пеејки борбени македонски и албански песни ги дочекаа нашите борци. Тие историски моменти ќе останат секогаш длабоко врезани во срцата на сите чесни македонци и албанци". Пред снагата на тоа братство единство, а сега ние би го нарекле соживот се уништија сите предрасуди влевани од окупаторот да Албанец и Македонец не можат да живеат заедно. И како најдрагоцен плод од тие дни беше Дебарскиот македонско албански баталјон кој во борбите за ослободување на својата родна земја Македонија даде толку жртви, толку примери на безмерна храброст и пожртвуваност. Овде станува збор за Младинскиот баталјон Назми Рушити од Дебар формиран на 6 октомври 1943 година, чиј борец беше и Ибе Паликуќа, народен херој на Република Македонија, кој под националното знаме на Албанците се бореше докрајот на војната. Со ова знаме настапуваше и славната четврта односно седма албанска бригада која во текот на целата војна еволуирајки до бригада низ која поминаа повеќе од 1800 борби, водеше тешки борби со сите неприајтели и во главните правци на елитните непријателски единици почнувајки од Дебар према Кичево, Ќафасан, ослободување на Струга, Кичево, Гостивар, Тетово, Прешево, пробивање на Сремскиот фронт кај Шид, Винковци и према Загреб и назад до Босна. Низ цел борбен пат оваа бригада маршираше под националното знаме на Албанците.

Од ова што го наведов цитирајки ги документите кои отсликуваат една состојба која била најтешка за Република Македонија, кога таа крвареше под ропството на фашизмот, состојба која не произлегува од добри планови за иднината на Македонија, туку извира од насушната потреба, најсуштествената и најискрената за опстојување и надминување на бремето кое го носеше времето. Националното знаме на Албанцит е израз на волјата на албанците за активно учество во градењето на државотворното историско минато на Република Македонија. Со тоа не се наруши унитарниот принцип на државата Република Македонија низ историјата, а не се нарушува и сега. Таа е изградена како граѓанска држава.

Поаѓајки од овие определби кои не потекнуваат само од Втората светска војна, туку и од определбите на Крушевската Република, со Уставот од 1974 година се направи обид за поправување на неправдите направени спрема Албанците во Македонија и се врати државотворноста, а покрај другото и употребата на националното знаме на Албанците. Но, повторно ова право се скрати и повторно се вршеше неправда, затоа што националното знаме на Албанците беше во официјална употреба не само по желба на Албанците, туку и

по наредба на надлежните воени и други органи за време на НОВ на Македонија.

На крај би сакал да кажам дека граѓаните на Република Македонија почесто треба да инсистираат на запознавање или освежување на нивните знаења преку навраќање кон содржините на историските документи, а не секогаш да им веруваат на оние кои во заблуда, или со намера да предизвикуваат заблуда зборуваат за историското минато објаснувајќи го како невозможен соживот во Република Македонија.

Историјата не треба да се пишува по нарачка и претпоставки, туку врз основа на историски документи и настани, затоа и овој закон сметам дека ја исправа направената историска неправда и ова македонскиот народ го прифаќа, бидејќи тој знае дека тоа знаме било употребено во полза на градењето на историското минато на Република Македонија и соживотот во нејзе. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Острени.

Господинот Рамадани не е тука.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги еве неколку дена дебатираме за законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија. Нормално закон кој предизвикува внимание и со право.

Најнапред би сакал на колегите пратеници од ДУИ да им свртам едно внимание пред да почнам со расправата. Да погледнат зад мене добро, не да го видат Љупчо Јордановски, туку ова знаме овде кое е државно знаме на Република Македонија. Ова не ви го велам случајно затоа што очигледноне го знаете, тоа е државно знаме на Република Македонија, за тоа што во реоните каде што вие сте мнозинство, или 20% и т.н. до ден денес јас не сум го видел државното знаме на Република Македонија да се вее. Па сега колеги искористете ја приликата, научете го знамето. Тоа е едната работа.

Вторава работа многу интересна ќе биде, затоа што Република Македонија најверователно ќе треба да објави тендер за да се испечатат и умножат државни знамиња на Република Македонија, затоа што не е мал тој дел од Западна Македонија каде што од утре, откако ќе се донесе овој закон ќе треба да се веат и државните знамиња на Република Македонија. Претседателот на Собрание е математичар по вокација, еве тој ќе израчуна и ќе пресмета колку пари во Буџетот ќе ни треба за да испечатиме нови државни знамиња за да конечно ги видиме во Западна Македонија покрај она што сега го бараме. Да сме живи и здрави и да видиме и тоа да го дочекаме , и тоа чудо да се случи, во кое лично не сум убеден и во кое лично не верувам.

Овде некој од колегите пратеници, особено од партијата која е така единствена, која никогаш не ги менува ставовите и секогаш имала храброст да носи одлуки, значи СДСМ кажа дека овој закон ќе донесе конечно македонското државно знаме да го видиме да се вее и во Западна Македонија. Еве ја приликата, да сме здрави и живи, само јас незнам, на Буџетот најверoватно ќе треба да правиме ребаланс, а секако ќе имаме ребаланс, ќе треба навреме да го правиме ребалансот за да можеме да предвидиме средства за печатење на државни знамиња во Западна Македонија. Сега ќе се отври друг проблем. Кој ќе ги печати албанските знамиња. Дали Република Албанија ќе ви даде спонзорство, или можеби овие кои што сега се веат, ама не се усогласени димензионално, различни се по димензија и тука ќе треба да направиме ставка во Буџетот, затоа што тоа веќе ќе биде легално знаме. Ова како вредно за размислување.

Се мислев како да ја почнам дискусијата и се мислев што да се каже, освен она сето што се изнакажа, ме инспирира да ви кажам неколку пароли кои што имавме прилика да се изнаслушаме што во изборниот, што во после изборниот, пред изборниот период. Многу интересно, навистина има што да се учи и од СДСМ. Еве дискусијата би ја почнал вака, со една многу популарна парола. Таа гласеше "секој ден се поблиску сме до целта". Тоа беше сега скоро една парола која така добро ја слушавме, ми влезе во ушите, или народски кажано таа може да се преведе дека секој ден се повеќе и повеќе напредуваме, и повеќе напредуваме.

Навистина е интересно. Сега кога носиме едни вакви закони, навистина, треба да си го поставиме прашањето, дали сме секој ден поблиску до целта. Тука логички ќе се постави прашаењто, која ни е целта. Целта, она што ја слушавме, евроинтеграции, влез во НАТО итн, според мене е сеуште мислена именка за Република Македонија и убеден сум, покрај ваквите закони кои што ќе се донесат, најверојатно, сеуште ќе бидеме далеку од ЕУ и од НАТО и уште многу инструменти ќе треба да направиме во Република Македонија за некој да се смилува и да не удостои за целта за која сонуваме.

Но гледајќи ја Република Македонија од фактички аспект, она што е реално, многу повџеќе мене целта ми наликува, да се подтрудам да се изразам како претседателот на Собрание што милуваше во своите дискусии да кажува дека животот пишува романи, со наслови на некои романи, мене многу повеќе ми личи целта на некој расказ или драма од Максим Горки, која носеше наслов "На дното".

Значи Република Македонија навистина, од ден на ден се движи кон таа цел, а тоа е на дното. Навистина, сеуште дното го немаме допрено и верувајте дека нема граѓани во Република Македонија кои не се прашува, дали е блиску дното. Уште ли ќе тониме. Морам, да признаам со вакви закони и со она што овие три години работиме, односно, работи Владата, или поточно не работи Владата, ние ништо друго освен некои вакви закони, кои никако не се во корист на народот, туку се само на штета, навистина, толку брзо тониме, што најверојатно, ќе го доприме

дното. Еден друг слоган, исто така во време на кампањата, кога се бираше претседател на Република Македонија гласаше:"треба да знаеш и треба да можеш". Народот ќе каже, море ум, треба нешто да се знае и да се може за еден ваков закон да се предложи. Па не треба никакво знаење. Не е тука почитуваниот колега Исмет Рамадани, не е тука ниту Абдулади Вејсели, затоа што ваков закон почитувани колеги имаа предложено и тие. Значи, не требало многу ум и многу знаење. Еве го законот поднесен на 4.02.2004 година. Законот гласеше: Предлог за донесување закон за употреба на знамињата на припадниците на заедниците во Република Македонија со Предлог на закон. Тогаш бевме јаки патриоти сите и не го изгласавме овој закон. Ако имате прилика да го прочитате, ќе видите дека горе долу се скоро истите одредби. Еве јас ќе ви го прочитам член 2 каде што вели: "Припадниците на заедниците во Република Македонија заради изразување на својот идентитет, имаат право да употребуваат знаме", па дефиниција што е знаме итн. Значи, не требало многу ум. Требало да се послушаат колегите Исмет Рамадани, Абдулади Вејсели, или пратеничката група на ПДП, како милувате, така нека биде и уште тогаш да го симнеме ова прашање од дневенред. Арно ама, сигурно одека заслугите нема да му ги дадеме на ПДП. Ние не сме толку наивни. Мислам на вас, не на нас. Сигурно дека таа заслуга, таа победа, тоа херојство ќе си го пробереме ние, владеачката коалоција ДУИ, особено СДСМ затоа што,  како смее некој да се досети пред. Ваљда сме ние резервирани за паметни решенија само  ние, односно оваа Влада. И сега што се случува. Се пишува еден закон кој го носи истиот наслов и по ништо не се разликува од овој, ама не се разликува ни од оној пред 1997 година. Значи, топлата вода одамна била измислена и сега да ви кажам искрено пратеничката група на ВМРО-Народна партија размислуваше и сега е на идеја ако може со сопствените сили, со она што го има деловнички на расолагање, да издржиме овој закон максимално да го повлечеме од носење и да направиме комплетно ако може да не се донесе барем до 9 јули, кога на 9 јули беше донесен и тој закон од 1997 година, барем да се поклопи сонекоја логичка поврзаност. Се надевам дека истата судбина ќЌе ја доживее и тој закон, односно како и тој, односно ќе падне на Устасвен суд, за да имаме повторно една коинциденција.

Сега да се вратиме на оној најчесто спомнуван и најчесто употребуван слоган , кој навистина, влезе во ушите на народот, тоа е фамозниот 15 септемви и дека на 15 септември власта ќе премина во рацете на народот, или народски кажано судбината на Македонскиот народ, или граѓаните на Република Македонија ќе премине во нивни сопствени разе итн.

Сега, што премина во рацете на народот, што тие добија, многу е јасно и очигледно, се од она што се вети, се од она што се кажа е спротивното.

Овде почитувани колеги, се изнаслушавме во дискусиите, особено квалификации на опозицијата како се користиме со едни исти термини, како постојано ја сведуваме дискусијата на предавници, херои и што ти ја знам. Па кој е поголем, кој е помал предавник , кој е поголем или помал патриот. Јас незнам зошто во секоја дискусија се гледаме како опозиција и постојано ја критикуваме опозицијата. Значи прашањето за предавници илии херои, апсолутно опозицијата никогаш и не апсолвирала. Вие сите заборавате дека ако некој сам се искаже дека е предавник во Собранието, тоа е претседателот на Собранието. Во една дискусија, кога човекот сам си кажа дека е предавник кај територијалната поделба. Барем имаше храброст тоа да го каже. Никој од опозицијата тоа не го спомна. Ниту го обвинува ниту денеска ќе го обвинува. Незнам зошто се забелешките на страна на опозицијата. Ние не велиме ниту предавници, ниту херои. Кој се чувствува, како се чувствува, сам ќе си каже, но неможеме да се согласиме со една ваква констатација и со носењето на едни вакви закони како што господинот Тито Петковски во својата дискусија кажа и многу пратеници кажа. Каде што не само како политички фактор кој што учествувал при потпишувањето на Рамковниот договор, при устаните измени итн, да бидеме маргинализирани, да не бидеме воопшто консултирани при едно прашање кое е витално во Република Македонија. Одтука, сега се случуваат и вакви расправи и вакви дискусии и од тука ќе дојде до нешто што нема да биде прифатливо во никој случај. Не може и нема никаде иднина и перспектива да се носи закон каде Што ќе седнат двајца лидери, условно кажано, во четири очи ќе го договорат што тие сметаат дека треба на сметка на сите нас. Тоа колеги не е Рамковен договор и тоа не е спроведување на Рамковен договор. Ако кај тој Рамковен договор имало општ  консензус на сите политички фактори кои биле присутни во Собранието, јас не гледам зошто сега се маргинализира оној кој што е потписник таму, независно колку партии излегле, како излегле итн. Убеден сум дека доколку имавме, или имавте храброст да седнете на една таква дебата и да дискутиравме, ќе ги најдевте сите аргументи за и против и можеби ќе дојдевме до едно конкретно решение. А не сега да ни се чита историјата од 1943, од Темпо што велел, чудо Ранкковиќ што не го цитиравте. Значи, немаме потреба од тие работи. Можевме да седнеме и да се договориме. Бидејќи тоа не го сакавте, нормално знаејќи или плашејќи се дека ние не сме факторкој што треба да разговара со вас, тогаш, ние ќе ви ги кажеме аргументите јавно од говорница. Многу се прашувате, почитувани колеги од албанската заедница, што е тоа што нам ни смета овој закон. Што е тоа што ни смета албанското знаме да се вее во тие краеви, каде што сте вие мнозинство. Сега, на тоа прашање може да има и контра прашање. Да речеме, јас да ве прашам вас што е тоа што ви смета да го веете државното знаме. Сега можеме да си

полимизираме до утре сабајле. Вие велите ние државното знаме не го чувствуваме како свое. Ние пак од каде влашето знаме да го чувствуваме за наше. Според тоа, ете ги разликите за кои што сега зборуваше претходниот соговорник овде. Ете ги разликите. Но има една голема разлика дали јас го чувствувам ова знаме за мое или не. Тоа е државно знаме на Република Македонија, тоа е со закон донесено и јас сум должен да го почитувам, ако сум граѓанин на оваа држава. Ако сум граѓанин на некоја друга држава тогаш немора да го почитувам. Но ако сум граѓанин, овде живеам, одовде лебот го јадам треба да го почитувам ова знаме. Значи тука аргументите не држат и неможат да поминат.

Следнииот аргумент, втора работа .

Зошто Македонскиот народ е чувствителен кон она што значи знаме на странска држава да се вее во Република Македонија, има многу причини а јас ќе спомнам само неколку.

Ако сме сите државјани на Република Македонија треба да ни бидат јасни неколку работи. Оваа држава Република Македонија сеуште почитувани колеги, независно македонци, албанци и се овдека што имаме во Собранието присутни, на сите ни е јасно дека оваа држава Република Македонија сеуште не е призната под Уставното име во меѓународни граници. Колку години преговараме , колку години разговараме , се договараме, уредуваме ние сеуште постоиме какоо Бивша Југословенска Република Македонија. Што тоа значи? Тоа значи почитувани колеги дека кај Македонскиот народ постои една чуствителна седма осетливост, дека да не стори Господ, можеме и тоа да го изгубиме, дури и сопственото име на државата, поготово ако сега некому му текне, па покренува некакви иницијативи за референдуми и што ти јас знам. Тоа е едната работа.

Второ, треба ли да ве потсетувам дека соседните држави скоро сите нема ниту еден кој може да го издвојам, кои рекле дека го признаваат Македонскиот народ, како посебен народ. Сите ни делат историја, ни кажуваат и да не ги редам сега сите соседни земји, меѓутоа, очигледно голем дел од нив не го признаваат Македонскиот народ. Има и такви што не го признаваат македонскиот јазик. Сега тој е регионкој не опкружува. Сите овдека се колниме дека ја сакаме Македонија, дека сакаме да влезе во ЕУ и итн, а проблемите со години остануваат овие, а кои што се присутни во меѓународни рамки.

Сега, наместо да покажеме цврстина, единство, сила дека Република Македонија ќе биде ваква каква што е, дека овде ќе има здрав разум, дека ќе има зрели политички сили, дека преку границите за позицијата на Македонија, па и за знамето да и кажеме на Европа, на ЕУ, НАТО и сите фактори дека никој не може да ни прекројува ништо од она што ние сме прифатиле. На тој начин се кажува дали оваа држава има зрел народ итн. Ние сега што правиме? Носиме закон во кој што со овој закон, покрај тоа што го утврдуваме правото на заедниците да имаат право да истакнуваат свои симболи, ние го легализираме употребата на странско државно знаме, односно на албанското знаме во Република Македонија. Тоа навистина, не го пишува во законот, но тоа е факт. Го кажавте сите од говорница дека тоа ваше национално знаме и дека немате намера да го менувате. Сега гледајте ја состојбата и ситуацијата, бидејќи ако го читате законот во сите негови членови, каде се треба да стои знамето на заедниците, ќе видите дека нема место каде нема да стои. Јавни институции, локална самоуправа, за приватни цели итн. Дури ова е многу интересно за приватни цели. Значи, на секоја свадба, на секоја крштевка ќе се вее албанското знаме, односно знамето на етничките заедници, што во никој случај нема да се види, или нема да се опчувствува дали ова знаме е на националноста, или државно знаме. Значи секаде во Република Македонија има да се веат минимум две знамиња. Затоа што ако се прифати од амандманите на колегите овде, максимум ќе излезе и повеќе. И колегата Јани Макрадули спомна дека ЕУ и пред неа се вееле знамиња итн, некој спомна и на месечината дека имало знамиња. Проблемот е што ЕУ е сојуз на држави и таму можат да се вејат колку сакате знамиња на странски држави. Но Република Македонија е унитарна, како што сите ја кажуваат, според Уставот, а ќе ни се вејат минимум две странски знамиња. Сега замислете една ваква состојба. Да сум јас државјанин на некоја држава која прв пат слуша за Македонија и да имам прилика да ја посетам Република Македонија после усвојувањето на овој закон. И на смиот влез во Република Македонија и во сите оние институции според овој закон гледам се вејат две, три или незнам колку знамиња, од кои што препознавам знамиња на странски држави. И самиот ќе си го поставам прашањето каде сум влегол јас. Во Албанија, Србија, Турција, Македонија. Навистина ќе го поставам прашањето во која држава сум влегол, затоа што друг пример во светот јас не познавам. Имав прилика, покренат од иницијативата на овој закон да видиме на вепсаид на интернет какви се закони за употреба на знамиња има и јас навистина никаде не видов дека знаме на една странска држава може слободно да се вее во Република Македонија . Не видов. Имав прилика да го гледам во Хрватска, во Грција, секаде има разлика од она што значи државно знаме на сосема друга држава. Тука се отворија дискусии во однос на екс територијалност, што знаачи, како се употребува странско знаме, не би сакал тоа да го повторувам, но би сакал една работа да расчистиме и да разјасниме. Значи, многу често се спомнува, многу често се дискутира дека овој закон е обврска од Рамковниот договор и дека согласно Рамковниот договор ние мора ваков закон да донесеме.

Пред малку на колегата Алити му реплицирав и сакам повторно да ја читам одредбата од

Рамковниот договор, Уставниот амандман. Значу една работа да расчистиме. Никој овде не е против она што е договорено и она што во Уставот е влезено како амандман. Никој не е против да се донесе и да се регулира оваа материја, која досега не е регулирана. Јасно е дека е потребен закон, јасно е дека треба да се регулира, со оглед дека сме го дале тоа право, но, се поставува прашањето со каков закон. Ако во овој закон беа предвидени одредби, како што имаме прилика во амандманите да прочитаме и да видиме, навистина, можевме да дојдеме до подобар закон. Но, ако се инсистира, а гледам и од расправата, па дури и од односот на Владата дека овој текст треба да остане непроменет, онака како што е предложен, дури добив некои информации дека ниту еден амандман нема да биде ни подржан, тоа значи дека не можете да се повикувате на Рамковниот договор дека некој не го спроведува, или дека некој не го спроведува уставниот амандман, кога носите закон кој што е тотално спротивен на она што е таму договорено. Тотално е спротивен на она што е одредба и амандман, односно Уставот.

Кога во Рамковниот догоров се посочува на меѓународните правила, тогаш треба да ги почитуваме. А тие меѓународни правила се знае каде и на кое место може да се вее знаме на странска држава. Независно, почитувани колеги, дали е тоа ваше национално знаме, или не. Можеби вие како Албанци не сте виновни што Република Албанија го зела за државно знаме. Но тоа е факт. Тоа е фактичка состојба. Што е проблемот ако сега вие го смените или направите некое слично. Со тоа го губите ли идентитетот! Ако пак толку ви е до тоа знаме, дајјте да ја убедиме Република Албанија таа да го смени, како држвно, па нека си стави свое национално.

Значи кога станува збор за Албанците во Република Македонија и за прашањето на Албанците, тогаш никакви отстапки нема, освен она што вие сакате да биде. И се она што нас не иритира како Македонци. .

За разлика од вас македонскиот народ секогаш, по се изгледа, попуштал. Секој можел да му наметне што сака. Ние не да сменивме знаме, сменивме и име што привремено шест месеци, стана 15 години. Од знаме кое беше донесено, замислете, знаме кое беше донесено овде со сите нишани во Собранието, со закон и со сите работи, на Република Грција и сметало заради територијални претенции, ве молам. Бевме принудени да го смениме знамето и тоа беше малку. Малку беше и дури не натераа во Уставот да ставиме одредби дека ние нема да ја загрозиме Република Грција. Значи, да не се плаши Грција. Кога станува збор за македонскиот народ, тој може буквално се да смени. Како што тргнало ние највероајтно ќе треба да си го смениме и јазикот. Еве, сега ќе дојде и Закон за употреба на јазиците. Во Законот за процесна постапка не терате да зборуваме албански во Штип, па и таму на друго место во Источна Македонија, како што е тргнато веројатно ќе треба и јазикот да со смениме. А, сега дали да зборувам за нацијата? Дали треба да ве потсетам вас, почитувани колеги од ДУИ, на вашите коминикеа. Ова прашање овде никој не го отвора, но јас сакам да го отворам. Вашето прво коменике кога бевте во таканаречената ОНА, беше дека ние сме окупатори на оваа земја. Потоа, беше да се селиме од овде, дека сме славомакедонци. Значи, вие кои се колнете во оваа држава и кои велите дека сакате единство со нас, прво, тргнете од комeникеата. Прво, тргнете од тоа што не не признавате како народ, велие славомакедонци и незнам што се друго. Потоа, отидовте толку далеку во тие ваши коминикеа што беше јасно и очигледно дека на вас не ви смета државното знаме, не е затоа што не го чувствувате дека е ваше или можеби е затоа што не го чувствувате дека е ваше, туку сосема друга беше намерата.

Овде, човек кога ве слуша навистина солзи да пророни. Јас навистина, оваа историја што ја кажуваше Г'зим Острени дури и во гимназија не ја учев. Можеби сум ја заборавил, во ред е да се освежиме. Меѓутоа, од вас тоа да го слушам, тоа е изненадувачки од командантот или од генералот на таканаречената ОНА. Човекот кој солзи пророна за Темпо, човекот кој ја организирал ОНА да ви направи упад во уставниот поредок на Република Македонија со сила, со агресија заради остварување на права на албанците односно заради смена на Уставот и да се вее албанско знаме во Западна Македонија. Па, да ве прашам нешто, кој ви го спречил да се вее знамето во Западна Македонија, тоа и ден денес се вее. Некни ве прашав, а и сега ќе ве прашам, зошто ви е законот воопшто. Вие и вака и онака не почитувате закон. Кој закон го почитувате во Република Македонија. Знамето се вее нон стоп. Што ќе се придонесе? Ќе си ставите, народски кажано, чивија сега покрај вашето да се вее и македонското знаме. Јас лично во тоа не верувам. Тогаш, тоа е пораст на ДУИ, веднаш да ви кажам. Ако вие со овој закон имате намера, покај вашето албанско знаме сега каде што слободно се вее само, поставите и македонско државно знаме, ништо не правите на изборите парламентарни, веднаш да ви кажам. Затоа што, замислете и без закон, без законска регулатива вие слободно си веете знамиња, слободно си градите споменици. Еве, некни господинот Флоровски овде излезе со натпис од Дневник, правите некакви си три столба. Јасно е што се еден голем и два помали, јасно е тоа што кажува и дури натписот исклучиво на албански. Јазикот и нашиот воопшто не го почитувате и сега како да ви веруваме. Нема тука, почитувани колеги верба и затоа е ваква работата. Затоа, вас ви е чудно зошто нас ни сметало албанското знаме. Не ни смета нас, вас ви смета државното знаме.

Сега, да одиме понатаму. Многу пати кога вас ве слушам постојано зборувате за некоја рамноправност, постојано зборувате за некои

права кои сеуште ви биле далеку од она што вие го сметате за рамноправност и демек треба да одиме во правец на рамноправност, па ајде да ги завршиме сите овие закони кои што останаа од Рамковниот договор и конечно да станете рамноправни. Само јас го поставувам прашањето рамноправни со кого? Со македонскиот народ? ЕА, па за да бидете рамноправни со македонскиот народ, треба нешто повеќе, отколку сувопарни закони. Како да станеме рамноправни? Пак ќе се повикам на математика и јас очигледно ќе станам математичар овде. Не можете 25,60 и незнам колку посто да го изедначите со остатокот од 70 и незнам колку. За која рамноправност зборуваме? Овде се изнаслушав како четите на албанските бригади, веројатно се мислење на партизански, јас таква лекција не читав или не учев во историјата, носеле вакво знаме, онакво знаме, под оваа бригада, под онаа бригада и тн. Не е тука колегата Г'сим Острени да го прашам, а какво знаме носеа балистите, различно од ова другото? Значи, тие се тие прашања кои што отвораат дискусии и тие се тие одговори, според некој кој што вели дека некои прашања не заслужуваат одговор.

Затоа, почитувани колеги, не е проблемот кај нас, не е проблемот кај македонскиот народ, проблемот е кај вас. Прво, очигледно и вие не знаете што сакате или сакате, знаете што сакате ама не сакате да го кажете. Ќе видиме со тек на време. Сега играте некаков шах, влечете потези и уште позициите не ги отварате сосема, но очигледно е дека не е ова целта, да се веело албанското знаме кое и сега се вее. Да се зборувало на албански јазик и онака се зборува кој ви го брани. Сосема е друга некоја цел и заради тоа ќе има вакви реакции. Е, сега, јас и на ЗПК го покренав тоа прашање и сега ќе го повторам. Дајте барем едно признајте, дали ви е на вас цел да се донесе закон кој што ќе се почитува и кој што ќе го респектира целиот народ, да не велам народ, да речам граѓани на Република Македонија, етнички заедници, како сакате така кажете. Дали ви е таква цел или ви е цел да се донесе закон по ваш вкус, па на сметка на сите други. Ако ви е, колеги, цел да се донесе закон кој што ќе биде прифатлив од сите граѓани на Република Македонија, тогаш сигурно со ваков закон тоа нема да го постигнете. Нема да го постигнете не само што оваа расправа тоа го потврдува, туку гледајте малку и телевизија или гледајте како реагира обичниот народ. Секојдневно има реакции во насока на тоа дека нема шанси овој закон да се почитува и нема шанси да се прифати од некого, освен од вас. Така што, тоа не ви е целта и јас знам дека тоа не ви е целта. Целта е вие да си го остварите тоа што си го сакате како и досега, ама арно за сметка ваша некој друг го плаќа цехот. Милион пати сум го кажал, сега пак ќе го повторам, вие имате среќа што го најдовте СДСМ и ЛДП да не го заборавам. Имате среќа што ќе побарате ви даваат, дури и тоа што не го барате, како Тетовски универзитет и уште што не. Затоа, ја нема довербата кај граѓаните на Македонија и затоа ја нема во македонскиот народ. Ако постоеше и постои желба да се применуваат и да се носат закони кои што ќе бидат во служба на сите граѓани на Република Македонија, сосема поинаков закон ќе се донесеше или подобар предлог.

Еве, јас да ви предложам едно решение и да ве видам колку сте спремни за дијалог или вашиот дијалог е ние што сакаме тоа да биде. Тоа не е дијалог. На пример, во многу примери во други земји, гледав примери како би требало да изгледа знамето на етничките заедници, иако етнички заедници само Република Македонија има, секаде се националности или малцинства, само кај нас се етнички заедници, да ви предложам едно решение. Нека биде орелот и нека се вее. Ајде да му го ставиме во десниот агол и лавот. Тој асоцира на македонска, ова на албанска нација. Или не мора лавот, ќе го ставиме ова, во десниот агол во помала верзија или некоја била која комбинација. Бидејќи орелот сигурно не сакате да го сметнете, бојата е иста, не треба да се плашите од бојата, црвена со црвено и тоа би било некаков компромис и некаков дијалог за да се најде заеднички јазик. Има и други варијанти, но за тоа требаше да се разговара и за тоа требаше да се мисли кога се носеше овој закон.

Инаку и самиот предлог во законот и она што сега од сите дискусии го слушаме, значи овој цензус од 50% мнозинство, значи не ви е или не и е на Владата целта да ги задоволи сите етнички заедници, туку таму каде што е 50% што значи најчесто ќе се вее албанското знаме или некаков си концепт на бинационална држава. Тоа е предлогот на законот. И, сега тука да ве прашам, тоа ли е во согласност со Рамковниот договор или со уставните амандмани, оние 20% и тн. Кои други етнички заедници ќе провејат знаме со ваков цензус, можеби уште една или две општини, ништо повеќе. Затоа, вие си молчите, добро е, ви одговара тоа 50%, иако фиктивно поднесувате амандмани, кои нормално ќе бидат одбиени.

Заради тоа, почитувани колеги, ние овој закон ни на крај памет не ни паѓа, без разлика што сме потписници на Рамковниот договор, да го гласаме. Јас и вчера кажав, а и денеска тоа ќе го повторам, ќе ги користиме сите деловнички средства што нормално ни ги дозволува Деловникот, да го спречиме носењето на овој закон, а меѓувреме да ви отвориме простор да размислие уште еднаш, нека размисли и Владата да се изнајде некое друго решение кое ќе биде прифатливо за сите, а не само за еден или двајца. И, ако ви е целта не дното, туку ако ви е целта оваа држава да оди напред, дајте да работиме во тој правец. Да имаме пристап да се носат закони кои што ќе бидат за корист на сите, а не само за некого. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Караџоски, како што рековте од ден на ден се повеќе напредувате во разбирање на бројки и кога ќе станете математичар можеби поинаку ќе размислувате.

Јас сега давам пауза, бидејќи немаме време за реплики, ќе продолжиме во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,00 часот).

**Љупчо Јордановски:** Господине Исни Шакири имате збор.

Повелете.

**Исни Шакири:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Целата оваа дебата околу употребата на знамињата гледам дека има голем интерес, што мислам дека е и оправдан, затоа што се дискутира за едно прашање кое на директен начин ги засега чувствата на граѓаните на Република Македонија. Нормално е дебатата да разбуди голем интерес кај пратениците, меѓутоа начинот на конципирање на ова прашање, од почеток сакам да кажам дека не ми се допаѓа. Некои пратеници гледам дека ова прашање продолжуваат да го третираат како еден проблем кој претставува за нив опасност, било за суверенитетот и интегритетот на Република Македонија, што за мене лично не е вистина, не гледам така на тоа прашање и ова мое мислење го црпам од самиот Устав на Република Македонија затоа што тоа прашање околу суверенитетот, Уставот многу добро го дефинира, особено членот 2. Ќе го прочитам така како што е на македонски јазик: "Суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните". Значи суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните, што значи дека сите граѓани се носители на суверенитетот на Република Македонија и тоа така треба да се третира. Не може да се дава ненаучна интерпретација и да се прави обид, да се изнајде простор за манипулација затоа што манипулациите, било тоа да се политички или за постигнување на определени цели, не се во интерес на оваа проблематика.

Законот го имам прочитано со големо интересирање и гледам дека овој закон има за цел да регулира една област, да затвори еден проблем, проблем со кој добро се запознаени сите граѓани на Република Македонија, претставува прашање кое датира уште многу порано и околу кое имало разни раздвижувања, незадоволства, а зошто да не кажеме дека имало моменти кога на различен начин се газеле слободите и правата на човекот во однос на ова прашање. Посебно тука сакав да ги спомнам гостиварските настани од 9 јули 1997 година. Тогаш ставот беше премногу региден, став кој воопшто немаше подлога во реалноста. Денес сосема се изменети околностите и дискутираме на порелаксиран начин за истото прашање за кое, уште еднаш потенцирам, на 9 јули 1997 година паднаа и неколку жртви. Зошто ги спомнувам овие моменти? Тие треба да ни служат како основа и како насочница која ќе не упатува кон нашите натамошни политички ставови. Можњеби ќе бидам малку слободен во дискусијата па ќе искажам неколку начела, но не верувам дека ќе ги надминеме сите предрасуди, ќе се најдеме заеднички на тоа што претставува интерес на сите граѓани.

Јас имам забелешка и околу образложението кое го даде Владата во законот. Образложението беше дадено од заменик министерот, не од министерката. Мене и ова ми остава впечаток зошто образложението на овој закон беше дадено од заменик министерот, а не од министериката. И ова кај мене отвара определени дилеми и ми дава причина ова прашање да го отворам директно пред пратениците. Кога се дебатира за едно многу значајно прашање, јас верувам, можеби министерката била зафатена, меѓутоа почитувани пратеници на ДУИ, јас мислам дека ова прашање сами сте требале да го покренете, а не јас како Исни Шакири. Вие сте требале да го покренете. До колку вие ја отворевте оваа дилема и го покреневте ова прашање, а јас мислам дека многу полесно ќе ви беше и да ја ориентиравте целата дискусија односно да ја фокусиравте околу прашања кои се директно поврзани со употребата на знамето.

Од практичен аспект до колку го гледаме законот кој е предложен од Владата, ние треба да имаме еден правиен и реален пристап. Значи треба да имаме еден таков пристап до колку имаме намера да најдеме едно опстојно политичко решение. Во спротивно нема да можеме да ги споиме заедно овие два дијаметрални ставови околу нешто заедничко. Ова прашање законот го регулира само тогаш кога етничката заедница претставува мнозинство во определена општина.

Предлагачот на законот кога се повикал на ова образложение, на овој аргумент кој многу често некој го поддржува во Рамковниот договор, а некој не го ни гледа во Рамковниот договор, што понекогаш имам чувство дека Рамковниот договор одредени луѓе го користат во определени моменти како документ што му дава право некому, а некој овој документ го гледа како документ што некому му ги одзема правата. За мене ова не држи затоа што Рамковниот договор не третира само едно прашање. Тој третира повеќе прашања. Тој претставува еден документ кој има своја тежина. Ќе ви кажам без пардон, тој има една историска тежина за оваа држава која се вика Република Македонија. Наша фатална грешка, на самите нас Албанците е што ова прашање секогаш сме го дискутирале како наше сопствено прашање, овој документ сме го присвојувале како наш документ. Не е ова само наш документ, не е само документ кој ги регулира правата само на Албанците. Тука многу грешиме. Ова е голема политичка грешка и таа не чини многу и не носи во еден друг екстрем. Многу често јас самиот се прашувам, дали навистина има поволна клима да се решаваат овие прашања кои некој постојано се обидува да ги држи на страна.

Охридскиот договор што се однесува до прашањето на симболите, тука посебно мислам на амандманот 8 од Уставот на Република Македонија. Овој амандман претставува дел на Охридскиот договор и му припаѓа на Анексот А, кој се однесува на промените на Уставот. Во овој амандман првата одредба или првата алинеа, мислам тука не се ставаат ограничувања. Некој ми рече повикувај се на Рамковниот договор и на други работи. Не, ние треба да се повикуваме на овој правен акт кој сите треба да го почитуваме.

Тоа се прашања за кои ние можеме со денови да дискутираме и никогаш да не ги зближиме ставовите, секогаш да имаме разлики и несогласувања, што мислам дека не е во ред. Нема ниедно прашање за кое нема решение на овој свет, затоа што и законите на природата, на Господ се така направени што ни едно прашање не го гледаат како нерешливо, а јас имам впечаток како да сме повикани многу прашања да ги гледаме како нерешливи и да ги разбираме како такви. Затоа се наоѓаме во оваа ситуација во која се наоѓаме и сите ја плаќаме економската но и политичката цена, а и идните генерации ќе ја плаќаат таа цена до колку ние не успееме да имаме целосна демократизација во државните институции, посебно во Парламентот кој треба да биде симболика на демократските процеси.

Во алинеја 1 од овој амандман се вели "Имаат право слободно да го изразуваат, негуваат, развиваат својот идентитет и особеностите на своите заедници и да ги употребуваат симболите на своите заедници". Ништо повеќе не вели, ниту вели мнозинство, ниту малцинство.

Ние сме го прифатиле законот кој го предложила Владата. Тука не е виновна само едната страна, туку сите учесници во Владата и сега се поставени пред дилемата. Јас уште еднаш ќе се обратам до ДУИ кои имаат поднесено амандман за ова прашање со кој бараат овој закон да ги опфати и етничките заедници, а не треба тука да кажеме дека само за Албанците се носи овој закон, туку има еден многу поуниверзален пристап околу овие прашања. Законот се однесува на знамињата. Факт е дека некој ја фокусира целата енергија на албанското знаме и тоа не е во ред. Сите треба да се гледаат на еднаков начин.

Сега околу амандманот што го поднесува ДУИ, искрено да ви кажам дека сте многу несериозни бидејќи вашите пет-шест министри го имаат усвоено овој закон во Владата. До колку вие не се согласувате со овој закон, тогаш барајте разрешување на вашите министри затоа што тие се таму со благослов на ДУИ. Оваа игра со два аршина, нас како Албанци многу ни има наштетено, се покажуваме како многу несериозни. Овој синдром, за жал, продолжува да не следи. Сечие право е, ние сме сите пратеници, но кога се работи за вакви прашања треба да бидеме многу сериозни. До колку тие шест министри го имаат прифатено тоа, излезете и кажете како пратеници дека вашите министри го имаат прифатено законот и до колку не се согласувате со текстот барајте нивно разрешување. Тогаш политички држи амандманот што вие сте го поднеле. Во спротивно мислам дека ова е еден блед став.

Јас имам добри односи со многумина од вас, но јас навистина треба да ви кажам некои работи и сите имаат право да го кажат тоа што држи.

Кога се работи за процентот, почитувани пратеници, јас тука имам еден документ кој се заснова врз пописот од 2002 година во кој е наведен процентот на етничките заедници во определени општини во Република Македонија, не на сите. Законот вели таму каде етничката заедница е мнозинство, значи законот за знамето. Со оглед на фактот што се зема ова начело како основа, тогаш ќе ви кажам дека со ова начело се покрива еден голем дел на Албанците, меѓутоа не сите. Можеби воопшто не ги покрива и другите етнички заедници, а треба да се мисли на нив. До колку беше друго решение, тогаш можеби ова прашање немаше да падне на ова ниво, како што јас дискутирам денес и другите. Значи сите ние треба да бидеме транспарентни и искрени. Овој закон таков каков што е сега опфаќа односно им дава право на 16 општини каде мнозинство се Албанците. Значи 16 општини со 404.102 граѓани, бројки кои се извадени од статистичките податоци и тоа од пописот во 2002 година. Значи вкупно 16 општини, додека пак 12 општини каде Албанците се повеќе од 20%, го немаат ова право. Нивниот број е 68.277 граѓани Албанци кои живеат во Македонија. Но со овој закон ги ставаме во нееднаква попложба, правиме албанска дискриминација. Сега ние сме оние кои со овој закон се дискриминираме самите себе и не треба да бараме вина на друго место.

Кога сме кај општините со 20%, зошто да не ја спомнам општината од каде јас доаѓам. Јас припаѓам на општина Липково, меѓутоа целото мое семејство е во кумановската општина, урбана општина која има вкупно 27.390 граѓани кои припаѓаат на албанската етничка заедница, кои нема да имаат право да го користат знамето.

На 100 метри подалеку има две села, Лопате кое што припаѓа на општина Куманово и Опае кое што припаѓа на општина Липково, кои што се скоро едно до друго, едното село ќе има право да го користи знамето, а другото нема да има право. На што сме сега ние? Сакаме да докажуваме дека сме достигнале така високо ниво и да бидеме само задоволни? Не, ние сакаме да бидеме самите задоволни, меѓутоа, овие прашања треба да се гледаат од аспект на општиот интерес и на тоа како граѓаните го чекаат ова решение.

Друг пример, да ја земеме општина Чаир, која се граничи со општина Бутел. Тие што живеат во општина Бутел, кои се 10.266 граѓани од албанската етничка заедница, нема да имаат право да го користат правото дадено со овој закон. Значи се создава една конфузна

ситуација. Ова е практичниот аспект на имплементацијата на овој закон.

Другата страна која има и политичка тежина, јас сум за тоа и сите треба да тежнееме кон тоа да имаме едно опстојно политичко решение. Што значи тоа. Тоа можеме многу полесно да го кажеме. Искрено, тоа значи дека утре, задутре да нема потреба веќе да се занимаваме со оваа тематика, со ова прашање. Ние треба да ги дефинираме работите и околу прашањето за употреба на државното знаме. Кога ќе го затвориме ова прашање треба да бидеме сериозни, кога сме сериозни со овие прашања ќе бидеме сериозни и со пристапот кон проблемите од Рамковниот договор. Мислам дека ние со нашата несеризност толку го имаме минимизирано Рамковниот договор и многу други прашања што не сме веќе свесни што правиме. Затоа, во овој момент имаме вакви настапи.

Охридскиот договор, како и овој закон кој претставува дел од Охридскиот договор и обврска, јас мисламдека сите ние добро знаеме дека ова претставува обврска и сигурно дека овој закон треба да се донесе, затоа што произлегува од Рамковниот договор. Сто тоа е во ред, меѓутоа, овој закон и мојата препорака уште еднаш, затоа што јас имам право и како пратеник и како граѓанин на ова општество, мојата препорака е дека треба на ладнокрвен начин и професионално да го гледаме ова прашање и од историски аспект, затоа што тука постои историски континуитет во однос на употребата на знамињата. Кога го спомнувам историскиот континуитет, поаѓам од процесите пред демократизацијата, од времето на монистичкиот систем. Го земам како основ Уставот од 1974 година, кој е Устав што го третираше ова прашање и тоа на многу посеопфатен начин. Да одиме уште подалеку, затоа што секогаш не врзуваше заедничкиот интерес, било меѓу Македонци, Албанци, Власи и Турци, сите ние сме тука и живееме на оваа земја и ова тло и не можеме да избегаме од оваа реалност. Историски поаѓајќи од Балканските војни и движењата кои се случувале, било дас се тоа револуционерните, патриотските движења од страна на Македонците и од страна на Албанците, секогаш имале една цел и имале заеднички точки секогаш заедно си помагале во определени периоди, и кога не била Македонија, кога не сме постоеле ние како генерација. Доколку ги земеме сите овие аргументи и факти предвид, јас мислам дека лесно ќе можеме да имаме еден правичен став без да бараме сметка, да му се обратам на Чедо или Рафис или да се занимавам со некој друг, или со Тито Петковски. Немаше да имам потреба да се занимавам така со луѓето, дали овој или тој, вака или така го третира ова прашање.

Демократизацијата на земјата произлегува и претставува дел на оваа институција, не на некоја друга. Доколку ние имаме правичен пристап со визија, со долгорочна перспектива за сите граѓани на државата, мислам дека еден ден ќе ги надминеме сите противречности и ќе бидеме сложни, ќе се фокусираме на економските и социјалните прашања што се многу, многу значајни, но не со воени аршини за определени работи.

Уште нешто ќе спомнам иако не е поврзано со темата. Кога се говореше за Законот за парнична постапка, имаше еден амандман кој беше поднесен од пратениците на ДУИ околу јазикот и тој амандман, после многу притисоци, беше усвоен. Опозицијата рече дека нема да гласа за законот. На ДУИ им кажувам, но и на опозицијата дека околу ова прашање се покажа една голема наивност. Кога велиме дека албанскиот јазик според Амандманот 5 дека официјален јазик во Македонија е и јазикот кој го говори етничка заедница која претставува повеќе од 20%, тогаш тука има правила и не може ова прашање да се сведува на ниво на закони и амандмани. Овој пристап ниту е сериозен, ниту е одржлив и уште еднаш тоа се ставови кои се во спротивност со заедничките интереси и со политичките решенија кои се одржливи и кои се засновани врз глобалниот интерес на сите граѓани во оваа ддржава. Не може не би сакал да имаме ист пристап и исти ставови како што имавме пред 2001 година. Тука многу често се спомнуваше 2001 година. Во ред, тоа е време кое што е затворено, сега имаме нова ситуација и треба да размислуваме за нашиот иден политички пристап и за тоа што го размислуваме за идните генерации, дали сме на вистинскиот пат.

На крајот околу овој закон, со оглед на фактот дека тргнавме од моето Куманово и многу други места каде што како што реков над 100 илјади албанци остануваат без можност да го користат ова право и многу други заедници кои не претставуваат мнозинство, во определени општини тие нема да можат да го користат ова право. Заради тоа, мислам дека овој закон не го решава проблемот и јас како Исни Шаќири нема да должам да бидам учесник во актот на гласање на овој закон.

Благодарам

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Шаќири.

Реплика за господинот Жарко Караџоски, повелете.

**Жарко Караџоски:** Благодарам имам реплика.

Господине Шаќири, навистина ми е жал што сега ова ќе ви го кажам. Но од друга страна добро е конечно и вие нешто да сватите, ама малку доцна. Од она што сега го слушам и вашата дискусија вие конечно денес сфативте дека џабе пушка врака зедовте. Исто така, уште поголема грешка е кога го избравте политичкиот партнер со кој до вчера седевте во исти клупи, а и сега додуше седите во исти клупи. Очигледно и денес прв пат слушнав со сопствени уши, верувам и целата македонска јавност дека конечно во Македонија има дискриминација на албанец врз албанец, така вие кажавте. Рековте овој закон прави албанско - албанска дискриминација. Да не

знае човек да се изначуди со вас. Од вас слушнав дека уште 100 илјади албанци нема да го веат знамето, албанско нели. Навистина, кога ве слушам вас, кога ги слушам вашите довчерашни колеги, само ја потврдувате онаа теза која овде ја прокламираме. Значи никогаш крај и никогаш да се каже до каде е вашата граница, односно на вашите барања и незадоволство. Каде се не треба да се вее тоа албанско знаме, што се не т реба да направиме за да бидете конечно сите задоволни. Значи кога нешто не ви е по ќеиф, формирате партии, ама кога ќе смените две-три, излегувате како независен пратеник, така што навистина не знаеме што не очекува. А тоа на некој начин и ме радува, што еве конечно се најде еден албанец кој рече нема да гласам за овој закон.Тоа ме радува, белки ке се свестат и некои други дека навистина ова не е решение, не заради тоа што некои 100 илјади албанци нема да го веат тоа знаме, туку затоа што е промашено, тоа нема да донесе перспектива во Република Македонија.

Благодрам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута контра реплика, господине Шаќири.

**Исни Шаќири:** Ќе почнам од крајот, според констатацијата на господинот Караџоски кога вели јас имам желба да го гласам овој закон без дилема и очекував да го гласам, меѓутоа, како резултат на сите аргументи кои ги претставив на говорница, мислам дека тука е оправдувањето.

Што се однесува на моите движења господине Караџоски, јас се движам, одам напред со времето и уште еднаш да кажам нема да застанам и нема да правам двострана политика, во Парламентот да говорам поинаку, а кога излегувам со граѓаните поинаку. Секогаш сум бил начелен, принципиелен и ќе ги држам тие принципи што ги имам уште од детството до оваа возраст.

Што се однесува на општите интереси стојам мна тоа дека заеднички интерес е сите да се движиме напред, меѓутоа, не со вакви половични решенија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Којзеклиска, вашите три минути.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Не можам да одолеам на колегата Шаќири а да не му реплицирам, искрено да ви кажам, со оглед на тоа дека, како што рече и колегата Караџоски, прв пат слушнав дека имало албанско-албанска дискриминација. Колегата Караџоски ми ги зеде зборовите, меѓутоа, малку од друг аспект ќе кажам. Тој фамозен Рамковен договор од 13.08.2001 година, го цитираше колегата Исни Шаќири. Точка 7 - изразување на идентитетот, во однос на симболите, "непосредно до симболот на Република Македонија" локалните власти ќе ја имаат слободата на третата страна од локалните јавни објекти да постават симболи со кои се обележува идентитетот на заедницата која е во мнозинство во општината со почитување на меѓународните правила и примери". Сега се враќаме на тој амандман 8 и ќе го споредам со членот 48 од Уставот, со кој овој беше заменет. Сега читам од членот 48, ама нема да биде лошо и колегата Исни Шаќири да ме следи. "Припадниците на националностите имаат право слободно да ги изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и националните особености", што е исто со ставот 1 од амандманот 8 и е додадено "и да ги употребуваат фамозните симболи на својата заедница". Ставот 2 од членот 48 е ист со ставот 2 од амандманот 8, ставот 3 е ист со ставот 3 од амандманот 8. Искрено да ви кажам, колега Шаќири незнам зошто се боревте 2001 година зошто го донесувавме овој Рамковен договор и веќе незнам за каков Рамковен договор правиме муабет. Дали е овој од 13.08.2001 година, дали е Рамковен договор меѓу СДСМ, ДУИ и ЛДП, некој нов, со оглед на тоа дека ние донесовме и закони, надвор од Рамковниот договор, Тетовскиот универзитет итн., каде што не пишуваше во Рамковниот договор ќе се донесе закон за локалната самоуправа, ќе се донесе закон каде што заедниците треба во областа на културата итн., да ги изразуваат своите права. Значи, секаде прецизно е дефинирано за нив, во тој член 7 во тој Рамковен договор не пишува дека закон треба да се донесе за ова и апсолутно сум против ваков закон. Сега веќе гледам дека и нема потреба за донесување на ваков закон.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута контра реплика господине Шаќири.

**Исни Шаќири:** Во текот на мојата дискусија околу овој закон, госпоѓо Којзеклиска, го земав како основа амандманот 8 и првата одредба од овој амандман кој што не го ограничува правото на употреба на симболите. Членот 48 се исклучува со самиот амандман 8, кога влегува во сила и мене понатаму не ме интересира, освен првата алинеја од амандманот 8, со што се регулира на многу прецизен начин ова прашање и се повикав на овој амандман. Другите прашања по кои може да се отвори дебата, да ви кажам право, не би сакал да полемизирам и да отворам дискусија која не е во функција на рационалноста на работата на парламентот и вниманието на сите пратеници.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Георгиевски, имате збор.

**Љубчо Георгиевски:** Почитуван претседател на парламентот, почитувани пратеници,

Пред нас денес е еден закон со кој Република Македонија прави еден сериозен меѓународен преседан, рушиме еден стандард кој не постои никаде во светот и во Европа и практично промовираме дупла супереност во нашата Република Македонија. Мислам дека за ова многу се зборуваше овие два дена додека дискутиравме за законот.

На самиот почеток можам да изразам жалење дека донесувањето на овој закон се прави во Република Македонија практично во една, можам

слободно да кажам херметичка атмосфера во Македонскиот парламент каде некои пратеници се противставуваат на овој закон, во една атмосфера каде што немаме глас и од МАНУ ни од Македонските универзитети, ниту од Македонските писатели или други видови на интелектуалци, а ниту пак има некој посериозен отпор меѓу македонските граѓани.

Жал ми е што донесувањето на овој закон со кој се откажуваме од својот суверенитет, односно промовираме дупол суверенитет на територијата на Република Македонија, се прави практично во една толку апатична атмосфера. И навистина незнам што се случува со нашата земја. Само ќе ве потсетам пред неколку години, кога се донесуваше еден закон за високото образование на албанците и изградбата на познатиот Ван Дер Штул Универзитет, колеџ во Тетово, имавме насловни страници на сите медиуми, критики од сите страни, сите беа гласни, сите зборуваа вака или така, како предавниците носаст закон за високообразование за албанците. Што е тоа што се случило во овие пет години со македонската јавност? Дали ние навистина живееме во едноконтролирано општество каде што владеачката структура на СДСМ, користејќи ги механизмите на поранешниот ситем, навистина може да го штелува јавното мнение на начин како што сака, кога сака да го стивне, кога сака да го зголеми. Дали имаме таква контрола на Република Македонија и таков контролиран систем на живеачка, или пак имунитетот на македонската нација е толку паднат во овие години на порази, ќотек, уништување и деструктуирање што денес во македонската нација нема ниедна сериозна структура да го крене гласот против ова што денес се прави, а тоа е меѓународен преседант, прогласување на дупол суверенитет во Република Македонија.

Оние кои го носат овој закон се повикуваат на Рамковниот договор. Повторно, незнам по кој пат јас само уште еднаш ќе кажам поентата на Рамковниот договор не беше да се чита широко на кој како што ќе му текне

Повторно, незнам по кој пат, јас уште еднаш ќе кажам, поентата на Рамковниот договор не беше Рамковниот договор да се чита широко на кој како што ќе му текне, кога и како сака. Суштината на Рамковниот договор беше тогаш да се стави точка на сите прашања кои беа таму отворени и затворени и понатаму да се оди во еден мирен правец на развој на државата и на граѓаните кои живеат во Република Македонија. За жал, во претпоследниот закон начинот на толкувањето на децентрализацијата токму тоа го направи, даде алиби на оние кои сакаат Охридскиот договор да го читаат како постојано отворен документ и да го толкуваат на начини како што сакаат да го толкуваат. Токму заради тоа денеска имаме вакво толкување на законот за знамињата, токму заради тоа најверојатно утре ќе ни дојде нов закон за употребата на службените јазици каде што албанскиот ќе се промовира во второ службен јазик и токму заради тоа очигледно во овој момент е јасно дека Охридскиот Рамковниот договор никогаш нема и да биде затворен, туку постојано некој ќе бара во него нешто што е отворено. Значи, јасно е, пред малку зборуваше пратеничката Марија, многу јасно го прочита, дека Рамковниот договор се повикува само и на меѓународните стандарди кои произлегуваат од оваа проблематика за која денеска дискутираме.

Вториот, или третиот преседан кој го слушаме во овие дискусии се големите и можам да кажам убедливи, дури и прифатливи за мене разбирливи аргументи на албанските партии за историската димензија на значењето на ова знаме кое треба практично ние денеска со овој закон да го промовираме. Повторно преседан, зошто велам? Затоа што почитувани пратеници македонската нација во минатите 15 години и од други соседни држави и со отстапките кои ги правеше на албанците внатре во Македонија се откажа од десетици и десетици историски и емоционални сопствени потреби. Секогаш кога македонската нација требаше да се откажува од некој свој национален симбол, или од некој свој историски знак, ние добивавме тапкање по рамо и од внатре и од надвор, што е сега, историски ли емоции ќе негувате, гледајте кон иднината. Повикот на погледот во иднината беше секогаш употребуван досега кога требаше македонската нација да се откаже од некој свој симбол. Денеска со промоцијата на овој закон ние имаме разбирање и од СДСМ и од ДУИ само за историските потреби на ова национално знаме и етничко знаме кое произлегува од некаква историска албанска позадина. Јас можам да ви кажам дека ако зборуваме за историјата на ова знаме како знаме, мене на некој начин ова знаме ми е и симпатично. Зошто ми е симпатично? Затоа што црвената подлога, односно двоглавиот орел на црвената подлога е најчистото православно христијанско знаме која било која држава денеска во Европа го има. Тоа е симболот на Византија, кое подоцна многу други православни христијански народи се обидуваа да го пресликуваат дали на српското знаме, дали на руското знаме, или до ден денеска на Грчката православна црква во Истамбул. Значи, од тој аспект јас можам да ви кажам дека ова знаме навистина ми е симпатично затоа што ги потсеќа албанците на нивното православно христијанско минато. Впрочем тука се повикуваме на таа славна битка на Ѓорѓ Кастриот, или подоцна Скендер Бег против османлиските напади. Меѓутоа, проблемот кој кај мене прави проблем не е во историските емоции кои што реков можеби ми се дури и симпатични. Проблемот е во суверенитетот. Проблемот е што мислам дека некој овде свесно по сите овие дискусии не сака да го прифати. Ние не зборуваме за наши историски емоции, туку зборуваме за правила и за проблем на суверенитет. Во таа насока јас можам да ви кажам дека ние сега што правиме тука. Неколку дена дискутираме, неколку дена филозофираме за она што е јасен и потврден меѓународен стандард. Погледнете го целиот свет, погледнете ја цела Европа, јасно се знае

што значи друго знаме на една држава изложено. Тоа значи дупли суверенитет. Таков пример во светот нема. И тие држави кои се спомнуваат најчесто по потребите на албанските реторички говори Белгија, Швајцарија, или незнам каде, ќе видите дека имаат едно единствено знаме. Тоа не е ниту француско, ниту холандско, во Швајцарија не е ниту германско, ниту италијанско, тоа е швајцарско знаме. Значи, проблемот на знамињата и пробелмот на суверенитето е расчистен во меѓународното право. Ние тука 2, 3 дена се убедуваме и претходно со месеци од времето на кризата додека трае незаконското изложување на албанските знамиња по македонските села и градови, дискутираме за еден проблем кој навистина е расчистен во Меѓународната заедница. Тоа е работа која едноставно незнам што сега треба тука да глумиме, за да покажуваме дека не знаеме што сакаме. Значи, проблемот на употребата на знамињата има јасен меѓународен стандард. Кога доаѓаме повторно до прашањето на тие емоции и историски работи, повторно уште еден парадокс. Сега пак за македонската страна.

Почитувани пратеници чудно е кога се слушаат денеска македонските пратеници од СДСМ и од ЛДП кои го бранат или пак молчат, а после ќе гласаат за овој закон, колку имаат разбирање за историските емоции на албанската заедница во Република Македонија, а истите тие 15 години наназад и тогаш кога можевме да го донесеме, знаевме како плукаа против она што се нарекува етничко знаме на македонскиот народ, а тоа е македонскиот лав на црвена подлога. Јас тука го поставувам прашањето и до албанците, меѓутоа повеќе до оние македонски пратеници, што е со нашите историски национални и емоционални потреби во поглед на знамето. Зошто имаме толку разбирање за албанската историја, а за сопствената македонска историја едноставно го вртиме грбот и не сакаме да погледнеме кон тоа прашање.

Почитувани пратеници, кога зборувам во одбрана на ова знаме, јас морам да ви го кажам моето чувство, дека јас за ова знаме не зборувам во одбрана на некаква историска емоционална потреба, туку зборувам од аспект на сувереноста на Република Македонија. Ова знаме е знаме на единствена унитарна Република Македонија и него го гледам како симбол за сувереноста на Република Македонија. Ако зборуваме за моите емоционални историски потреби, како Македонец јас ќе ви кажам дека овде повеќе би сакал да го видам македонскиот лав на црвената подлога. Во таа насока ќе кажам и за мојот сопствен парадокс и парадоксот на многу македонски патриоти. Ќе ве потсетам дека ова знаме е неполни 10 години во употреба во Република Македонија. Ќе ве потсетам, дека ова знаме беше преку ноќ сменето во Република Македонија. Ќе ве потсетам, дека мојата партија ВМРО-ДПМНЕ до пред 3 години не го прифаќаше исто како државно знаме ова истото, а дијаспората, најголем дел од дијаспората до ден денеска исто така македонската дијаспора го нема изложено ова знаме на своите собири и на своите прослави. Значи, кога зборуваме за оваа ситуација, ние навистина доаѓаме во една парадоксална ситуација како албанците, или албанската заедница да се навредени од Македонците, како Македонците со ова знаме да им натураат нешто што не е нивно и тие затоа бегаат кон државното знаме на соседна Албанија. Во таа насока посебно што ми пречи и посебно што ме боли од дискусијата на претходниот пратеник, меѓутоа и од фактот што половината од пратеничката група на ДУИ нема да гласа за овој закон е фактот што ние очигледно повторно не сме го затвориле проблемот. Значи, повторно ќе има основа ДУИ утре да се подели па да направат нова партија која ќе бара од 50% да се симне на 20%, или незнам какво се друго барање, или новата партија која е веќе формирана, која веќе кажува дека овој закон им пречи. Значи, ние денеска ќе изгласаме нешто што значи дупли суверенитет на Република Македонија. Преседан што не постои никаде во Европа и во светот и повторно ќе имаме незадовлни партии и политички елити на албанците во Република Македонија кои ќе имаат мотив утре да отвараат нови конфликтни жаришта и нови конфликтни ситуации. Затоа почитувани пратеници, мојата поента и мојата порака во оваа апатична македонска атмосфера е следнава. Како што досега секогаш ни беше упатена пораката: оставете ја историјата, гледајте напред. Јас ќе ја упатам мојата порака на истиот начин. Заборавете ги вашите историски дискусии за емоциите на ова албанско знаме кои произлегуваат од длабоката историја кога албанскиот народ бил христијански и православен што токму тоа знаме го симболизира, затоа што е тоа ден денешниот грб на Византиската православна црква во Константинопол. Дајте да погледнеме сите заеднички кон иднината. Дали ние сакаме да зборуваме за унитарна Македонија како што многу пати дискутирате во вашите дискусии, или сакаме да зборуваме за Македонија која ќе ја цепкаме и понатаму на ситни парчиња. Од тој аспект, јас сметам дека проблемот не е многу тешко да се надмине, посебно ако албанските партии имаат малку чувство за оваа ситуација. Имено, вие го имате соседно Косово. Јас колку што знам Косово во моментот кога ќе стане условно независно, или независно нема да го има знамето на соседна Албанија. Косово ќе има сосема друго знаме. Можеби на тоа знаме ќе има некаде орел, можеби ќе има и црвена подлога, меѓутоа едно е јасно, дека косоварите ќе имаат различно знаме од она што е денеска во соседна Албанија. Сега тука го поставувам прашањето, што е со македонските албанци, поголеми католици од Папата ли сте вие, на вас повеќе ли ви значи албанското знаме одколку на граѓаните на Косово што им значи албанското знаме? Јас мислам дека тоа не е така. И ако во Косово имаат свест за ново знаме, тогаш што е причината од

ваша страна да не се направи еден чекор напред, туку повторно да ве гледаме во оние закопани ровови кои ве гледавме и со претходниот Закон за децентрализација и во овие три години наназад што ве гледаме. А кој е тој чекор што може да се направи? Во мојот поглед кон она на што ме учат во овие три години да гледам напред, решението го гледам во две солуции на кои вие треба прво да одговорите како ДУИ, ако треба земете и пауза од некој ден, а потоа нормално и СДСМ и ЛДП како владеачки структури да го прифатат тоа.

Првото решение што може да биде излез од оваа ситуација Република Македонија да не прави меѓународен преседан, а тоа е да немаме дупли суверенитет на територијата на Република Македонија е на ова знаме кое денеска го легализираме албанското знаме да се стави апликација, може од ова актуелно македонско знаме, или од нешто друго, апликациите се лесна работа. Имаше неколку предлози во македонските медиуми овие денови со што јасно ќе се направи дистанца од државното знаме на Република Македонија и мислам дека на овој начин и двете страни и двете заедници безболно ќе го прифатат ова решение. И од моја лична страна ќе упатам исто така еден нов предлог. Ако ова знаме ви пречи како државно знаме на Република Македонија и тоа ви е дел од објаснувањата и пред Меѓународната заедница и пред вашите зошто бегате кон националното знаме на албанската нација, тогаш зошто да не го отвориме прашањето да дискутираме за ново знаме на Република Македонија. Ново знаме кое ќе биде единствено, ново знаме кое нема да признава знамиња на заедници, ново знаме кое заеднички ќе го изберат заедниците во Република Македонија и ќе биде симбол на единствена унитарна и суверена Република Македонија. Мислам дека и двата предлога во себе содржат голема широчина. Ако албанската заедница навистина мисли да гради унитарна и суверена држава да размисли сериозно за овој предлог.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Ѓеорѓиевски.

Три минути реплика господине Дојчиновски.

**Киро Дојчиновски:** Господинот Георгиевски незнам дали денеска знае дека Парламентот ја пишува својата домашна задача во смисол на идниот развој на Република Македонија. Меѓутоа, во тоа пишување мислам дека тој денеска во својата дискусија направи шкртаници со кои што никој, ама баш никој нема да го разбере. И веднаш да почнам. Дали навистина смета дека тој не ја консултира МАНУ и одредена научна друга структура кога правеше и нудеше делби на Македонија и преселби и дека тоа му беше базата која што знаеме како заврши. И дали навистина смета дека кога го потпишуваше Рамковниот договор беше време за заборав, или време за иднина. Ако мисли сега дека практично Рамковниот договор е затворен и завршен и дека не може понатаму по него да се разговара, е грешка. Јас мислам дека тој сеуште создава обврски. Тоа што денеска практично со својата дискусија, со се она што зборувате за Рамковниот договор и за она за кое што гласавте за уставните измени, сметате дека не важи, мислам дека е исто така една заблуда. Ние сме им ги ставиле тие права на етничките заедници покрај државното знаме што во основа го изразува суверенитетот на државата Македонија да го стават и своето знаме. Сега јас ве прашувам вас, ако тоа тогаш сте го договориле и направиле, како денеска ние можеме нив да им одредиме кое ќе биде тоа знаме, а да тоа биде прифатено. Дали со некој референдум кој што за мене е непознат како етнички референдум, ниту пак Уставот го признава и прифаќа, ниту го регулира и не постои, или со нешто друго. Тоа е другото да ја почитуваме нивната традиција, да го почитуваме нивното прашање што тие го истакнуваат за кое што меѓу себе немаат, барем досега не можев да слушнам дека имаат свои забелешки. И во тој смисол мислам дека треба да оставиме тие да си одберат што е тоа практично традиција и обичај.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Георгиевски една минута контра реплика.

**Љубчо Георгиевски:** Со господинот очигледно не се разбираме. Правото на традиции и правото на одбележување на една заедница е сосема нешто друго од она што се нарекува увереност. Пред некој ден се формира една албанска нова политичка партија која, ако добро прочитав во медиумите излезе со ваква програма: Ние не го оспоруваме територијалниот интегритет на Македонија, не го оспоруваме единството, меѓутоа го поставуваме прашањето, чија е сувереноста. Размислувајте добро господа пратеници од СДСМ што е таа нова платформа на новата политичка партија во Македонија која е незадоволна сега и од ПДП и од ДПА и од ДУИ и од незнам какви шеми.

Размислете добро што значи...

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине, вашата минута господине Георгиевски заврши.

Повелете господине Аднан Јашари имате три минути реплика.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине претседател.

Прашање што од многу дискутанти е нагласено кога речиси целата дискусија на господинот Георгиевски беше поврзана токму со ова прашање, се говори за државниот суверенитет.

Господине Георгиевски зборот суверенитет извира од еден латински збор суперанос кој што во превод значи нешто повисоко. Во дефиницијата суверенитетот се карактеризира со три елементи: повисока власт, супериорноста на оваа власт над другите власти и неограничена правна власт.

Не знам што се повредува преку изразувањето на културниот идентитет во овие три елементи. Во овој случај, ќе ми дозволите да прочитам и да

цитирм неколку збора на еден ваш научник, стручњак по Уставно право кој уште во 1998 година вели, меѓи другот, вака, кога се говори за употребата на симболите во 1997 година, затоа што и тој закон ја уредува истата област. Цитатот ќе го прочитам на македонски:

"Законот не го повредува суверенитетот на државата ниту воспоставува суверенитет на на националностите , туку се изразува само националниот идентитет, односно културата и традицијата ". Говорите за меѓународни правила, неколку пати сум нагласил и пак ќе нагласам. Романија господине Георгиевски во услови каде што нема Рамковен договор, каде што нема уставни измени, законот го имам пред мене, ако сакате ќе ви го преведам на македонски јазик има многу послободни толкувања за употребата на знамето. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Абдулаки Адеми повелете три минути.

**Абдулаки Адеми:** Благодарам господине претседателе.

Сакав да реплицирам на делот кога се спомнува случајот со Косово, за евентуалната независност на Косово и како Сокиќ видел врзано да го смени своето знаме и дека нема да може на меѓународно ниво да го користи националното знаме. Факт е дека Косово нема да може да го користи во иднина кога ќе биде независно да го користи националното знаме, меѓутоа случајот на Косово и случајот со законот за кој ние говориме тука е сосема поинаков. Косово ќе биде независна држава и во согласност со меѓународните правила две држави нема да можат да користат исто знаме. Меѓутоа, националното знаме ќе може да се користи и таму.

Понатаму, во вашиот говор, иако многу говоревте за историја и на крај на вашиот говор давате едно решение и давате неколку предлози, јас не знам кој ви дава за право да го редефинирате нашето национално знаме. За мене ова е дискриминирачко барање независно од тоа од кого произлегува.

Понатаму, тука беше спомнато и претходно, но ќе го повторам уште еднаш.

Ние немаме намера да отвораме никаков тендер ниту конкурс за ова.

На крај и вие самите спомнувате дека основата на Рамковниот договор е да се стави крај на меѓуетничките проблеми во Македонија. Јас со тоа сосема се согласувам, меѓутоа тука би поставил уште едно пршање јавно до вас. Дали сеуште стоите зад потписот кој што го ставивте во Охрид?

**Љупчо Јордановски**: Госпоѓица Грковска, повелете имате три минути.

**Славица Грковска:** Господине Георгиевски за жал можам да констатирам дека не слушнавме ништо ново во вашата дискусија особено што сеуште продолжувате со вашите познати теории и тврдења дека секогаш за вас е некој друг виновен. Дали е тоа Меѓународната заедница, дали се тоа медиумите, сеуште стоите на становиштето дека сите останати се виновни, само политичката гарнитура на која што и припаѓате не е виновна и одговорна за одредени состојби. Ваков закон последен пат имаше обид да се регулира 1997 година. Во 1998 година вие имавте можност да ја регулирате оваа материја и јас ве прашувам зошто не го направивте тоа. Зошто секогаш се обидуваме да ги игнорираме реално проблемите кои што создаваат тензија во Република Македонија наместо да се соочуваме со нив и да ги решаваме. Зошто секогаш ни треба изговор за тоа? Изговор во смисла за членување во ЕУ, за членување во НАТО, Рамковен договор и уште сега после таа позиција , после се што е поминато се прашувате што се случува во Република Македонија. Во Република Македонија се спроведуваат оврските кои што се превземени со Рамковниот договор и обврските кои што сме ги превземале за да се спроведат како реформи , како политички критериуми за зачленување на Република Македонија во Еуво НАТО.

На крајот само сакам да кажам неможе да очекувате луѓето да ви веруваат доколку не почнете да ги исполнувате вашите ветувања, едно од тие е објавувањето на Анкетниот лист за вашата имотна состојба што ветивте дека ќе ја направите една година после мандатот. Ако тоа го направите, после тоа и останатите ветувања што сте ги дале , тогаш може да ве сметаме за релевантен и сериозен политички субјект. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Георгиевски, имате една минута.

**Љубчо Георгиевски:** Јас не знам што им е на овие луѓе од СДСМ?

Во оваа држава Бранко Црвенковски стана претседател на држава, не објави анкетен лист. Хари Костов замина од местото премиер, не објави анкетен лист. Господинот Бучковски стана премиер, тоа се нови функции, ниту стариот, ниту новиот го објави. Цела Влада, зошто не го прашате Минчо Јорданов за анкетниот лист? И цела нова Влада, каде им се анкетните листови?

Мојот анкетен лист е објавен во "Фокус", можете да го прочитате и нема да го објавувам секој ден пред вас.

Проблемот за кој говориме, говориме дека вие носите закон, со кој што прогласувате дупло суверенитет во Република Македонија, со закон и норма што ја нема никаде во нормалниот свет.Тоа е проблемот за кој дискутираме денеска.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Рафис Алити, три минути реплика.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине претседател,

Навистина се радувам што пратеникот Љубчо Георгиевски ја познава добро историјата на

албанското знаме, меѓутоа вистина е и тоа што го кажаа предговорниците од ДУИ дека ние, во текот на целата историја на нашите настани, поврзани се со ова знаме и ова нешто треба да се почитува така, затоа што така и е. И, господинот Георгиевски, многу добро знае дека орелот е симбол на слободата, од постаро време. Тоа не треба да пречи никому.

Меѓутоа, се псотавува прашање зошто господинот Георгиевски и другите не го земаат за основа тоа што е напишано во предговорот на Уставот, каде што се спомнува и историјатот на градењето на Македонската држава, зошто ги избегнуваат фактите како што е на пример фактот за Крушевската Република, каде што албанците партиципираа на рамноправен начин во градењето на таа Крушевска Република. Се поставува прашање господине Георгиевски, зошто ги прифати измените на преамбулата откако се потпиша Охридскиот рамковен договор и со оваа преамбула, Албанците, тој многу знае дека се дефинираат како дел од Албанскиот народ кој живее во Република Македонија, што значи по автоматизам треба да ги ужива или треба да ги има истите атрибути што ги има Албанскиот народ во Албанија.

Јас, во другите реплики сум кажал, а и така е, дека знамето што ние или симболот со кој ние се идентификуваме и со Уставот на Република Албанија е симбол што е национален симбол. Меѓутоа господине Георгиевски, вистина е дека Албанците имаат три вери, меѓутоа немаат слабоправославна вера, што значи многу порано Албанците биле православни, се и сега, а не славоправославни. Тоа не е дел од нас. Сигурно ова го знаете подобро од мене и тезата што се лансира овде, дека на Албанците им се прават пропусти, олесување, ние не бараме милост, туку ги бараме нашите права, затоа што ние сме автохтон народ тука, не сме гастербајтери, дојдени, кои работат сезонски, да си одиме од тука. Токму поради тоа ние ги бараме нашите права, а не бараме милост од никого. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам,

Повелете господине Георгиевски, една минута.

**Љубчо Георгиевски:** Една поправка за да не дојде до забуна во понатамошната дискусија. Јас не велев славоправославни, туку зборував за Албанци православни. Има некоја грешка во разбирањето.

**Љупчо Јордановски:** Не, јас мислам дека тоа го рече и господинот Рафис Алити, Албански православни.

Повелете господине Фатмир Велиу имате три минути реплика.

**Фатмир Велиу:** Благодарам господине претседател. Ова е прв пат што реплицирам со господинот Георгиевски. Јас не сум дискутирал, меѓутоа на прашањата претставува народот на кој што припаѓа еден човек, затоа би сакал да реплицирам со него, а за другите прашања, ќе ги оставиме на страна, за понатаму.

Во неговата дискусија очекував да даде една насочница за земјата и за народите кои живеат тука, затоа што има големо искуство. Меѓутоа, се случи спротивното. Со неговиот договор, тој денеска ја остави земјата и народите кои живеат тука на еден крстопат. Суверенитетот го поврзува со употребата на знамињата. Суверенитетот на една земја се поврзува и со народите и со знамињата и со симболите што ги има една земја. Како што оваа земја е мултиетничка, мислам дека може да има свој суверенитет само со користење на знамињата на народите кои живеат тука или деловите на народите кои живеат, на кои им припаѓаат. Ова не е ништо ново затоа што и до сега се користеле знамињата и со таа употреба не се нарушува или пак се рушела Македонија, туку тоа се случувале токму од властите што ги имала Македонија, што ја воделе Македонија и за жал, токму од минатата власт, на чие чело беше тој, заедно со неговата партија. Го провоцираше тоа што се случи и се случи тоа што се случи, а ние сега повторно сме определени за интегритет на оваа земја, меѓутоа под услов да се имплементира Охридскиот договор што тој го има самиот потпишано.

Кога говориме за историјатот што тој ни сугерира да го заборавиме, ниту еден народ не ја заборава својата историја, затоа што без историја и идентите не може да има иднина.

Што се однесува до народите и државите кои не користат повеќе знамиња, тоа е друго прашање. Меѓутоа, сакам да кажам дека сите знамиња ние туак ги користиме, на Европа и на светот и секој народ претставува сопствен идентитет и со тоа не ја рушиме Европа, туку напротив, ја зајакнуваме. Овој пример на Европа и на Австрија ќе служи тука, Австралија ќе ни користи нам тука ние да ги реализираме тие прави и со Рамковниот договор и со Уставот за да можеме да ги имаме тие карактеристики што не карактеризираат нас тука како народи во оваа земја . . .

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Фазли Велиу.

Повелете господине Георгиевски, една минута.
**Љубчо Георгиевски:** Од оваа дискусија повторно ја гледам старата песна-ние сме националистите, дуригте се мирните и граѓански ориентираните.

Господо пратеници од ДУИ, јас мислам дека имав многу широк предлог до вас. Првиот предлог беше на ввашето албанско национално знаме да ставите апликација од државното знаме на Република Македонија или некоја друга апликација и второ решение, ако ова знаме ви пречи, сите заеднички да направиме ново знаме на Република Македонија. Што сакате поширок предлог од овој, што сакате поширока идеја од оваа и што сакате поголем доказ дека сакаме заенички да продолжиме да живееме.

Кој е овде националистот, кој е овде интернационалистот, кој е овде оној кој гледа кон минатото, кој е оној кој гледа кон иднината?

**Љупчо Јордановски:** Благодарам,

Повелете господине Ѓорчев Марјан имате збор.

**Марјан Ѓрочев:** Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван господине претставник на Владата на Република Македонија,

Во моето денешно обраќање од говорницата на Македонскиот парламент по повод Предлогот за донесување за употреба на знамињата на заедниците на Република Македонија, ќе се обидам, се разбира од мој агол на гледање, да дадам неколку битни забелешки на овој закон, за кој што се надевам дека претставниците на Владата ако не сметаат дека има место во втората фаза на Предлогот на закон да бидат вметнати, тогаш барем да ги проблематизираат и низ една продуктивна расправа да произлезат поквалитетни решенија во втората фаза кога ќе дојде предлог на закон во Македонскиот парламент на усвојување.

Најнапред, би сакал да кажам дека во поглед на искажувањето на господинот Јакупи, заменик министр за правда и неговиот стенограм што внимателно го прочитав, како и образложеноето кон Предлогот за донесување на закон во делот на причините заради кои се донесува законот, веднаш на самиот почеток и во објаснувањето за потребата од овој закон и во објаснувањето на причините се навлегува во една, би рекол, неразрешлива противречност со она што претставува Уставот на Република Македонија, особено членот 2 став 1 и членот 9 од Уставот на Република Македонија.

Овој закон, веднаш во старт има сериозни проблеми со уставноста, неговата уставност и би сакал да образложам каде се противречностите.

Првата противречност, ако се тргне од темелните вредности на Уставот на Република Македонија, како  што се пледира во образлужувањето на причините за донесување на овој закон, а тие темелни вредности го карактеризираат Македонскиот устав како Устав на современа граѓанска држава, тоа е вртор устав карактеризиран така после усвојувањето на 18-те амандмани што произлегоа од Рамковниот договор, а беа преточени во Уставот на Република Македонија. Да ве потсетам, ние имавме уште еден Устав, првиот Устав на Република Македонија во кој што два врвни експерти на Европската конституција, професорите од Хајделберг, докотор Херцог и професорите од Сорбона дорктор Бадентер, дадоа позитивно мислење дека тој Устав што беше темел на Македонската државност во 1991 година е усогласен со европските норми за модерно граѓанска конституција на една европска држава. Така што, сметам дека ос надградувањето и усвојувањето на тие 18 амандмани, како наш придонес, македонска контрибуција кон унапредувањето на уставните одредби и во делот на човековите права и граѓански слободи, сметам дека во старт влегуваме, пак ќе кажам во неразрешлива противречност и таа противречност е следна, дали сувереноста на државата Република Македонија извира и приаѓа на граѓаните на Република Македонија, што е граѓанска димензија на Уставот, што е граѓанска димензија на живеењето во Македонија и што ќе биде граѓанска димензија на симболите на Република Македонија или сувереноста извира и им припаѓа на Македонскиот народ, на граѓаните припадници на Македонскиот народ и на граѓаните припадници на делови од други народи Албанци, Турци, Срби,Роми, Бошњаци, Власи што е национална димензија на Уставот, а за што сите се усогласивме дека таа е надмината и дека ние со уставните амандмани што ги гласавме тука во овој Македонски парламент носиме граѓански устав на Република Македонија.

Ако е тоа така тогаш сувереноста на таква граѓанска држава и нејзиниот идентитет се одбележува само и единствено со државното знаме како симбол, со грбот на таа граѓанска држава и со химната на државата Република Македонија. Со тоа завршува ареалот на индивидуалните човекови права и граѓански слободи на граѓанинот македонец.

Ако таа димензија не ја разбереме така, ако продолжиме повторно да се спуштиме по темните хоризонти на докажувањата на историската автохтоност, историските симболи, историската димензија, се зависи од тоа колку сакате да се враќаме назад, еден век, два века, десет века, дваесет и осум века, пред Христовото мерење на времето или по Христовото мерење на времето, но тоа нема да не однесе никаде. Ќе не однесе повторно во оние лавиринти во кои бевме зафатени после воената криза во Република Македонија.

Оттука ја изведувам втората неразрешлива противречност. Таа е противречност која произлегува од третман на Рамковниот договор. Дали  тој Рамковен договор е догма, догма на која што ќе се повикуваме секогаш независно дали го разбираме неговиот карактер, природа и последици по македонското општество, или пак Рамковниот договор е апсолвиран со амандманите од 4 до 18 во Уставот на Република Македонија и Рамковниот договор претставуваше во даден момент, во даден простор и време полилитичко решение на воена криза со помош на меѓународна заедница која што даде виза за такво политичко решение и која што сите и во светот и во Европа и тука во Македонија го оквалификувавме како решение во надминување на воената криза која што се случи заради борба за човекови права и граѓански слободи, таква е квалификацијата, такви се нормативите во Рамковниот договор, такви се членовите, ставовите, такви се и амандманите.

Оттука трета констатација, ако Република Македонија при усвојувањето на сите одредби од Рамковниот договор го преточи во Уставот на Република Македонија, Рамковниот договор претставува историски акт, историски чин, свидетел за едно тешко време за сите граѓани на

Република Македонија независно на кој етникум припаѓаат, меѓутоа и обврска амандмните од Уставот на Република Македонија, кое се сметаше дел од Уставот при преточување во законски одредби да се имаат секогаш во предвид и да бидат оплеменети со граѓанската димензија на македонското живеење а не се политичко етничките критериуми. Ако имаме граѓанска димензија тогаш е јасно што е државата Македонија, кои се граѓаните на државата Република Македонија, кои се симболите и какви се правата на граѓаните, затоа што ние како граѓани на Република Македонија сме и државјани на Република Македонија. Да се разбереме, ние имаме пасош македонски, ние ползуваме права, таа држава ни дава одредени бенифити и имаме обврски према таа држава, а тоа е да ги почитуваме нејзините симболи во делот на нејзиниот идентитет, суверенитет и територијален интегритет.

Оттука ако таквиот Устав, за кој што веќе елаборирав зошто е граѓански, по втор пат потврден не само од македонските, туку и европски експерти кои што беа во Македонија и од Европската заедница и од Соединетите Американски држави, независно дали тоа беше генералот Леотар, или подоцна беше господинот Лероа од Франција, или тоа беше господинот Перdју, експерт за балкански прашања на Соединетите Американски Држави. Битно е и едно треба да имаме предвид, а тоа е граѓанскиот пристап кон македонската држава е признание дека Македонија е независна, суверена, самостојна и унитарна држава и сите граѓани ареалот на индивидуалните човекови права и граѓански слободи ги исцрпуваат на било кој дел од територијата на Република Македонија со симболите, државното знаме на Република Македонија, грбот на Република Македонија и химната на Република Македонија. Со тоа проблемот е решен, но ние сакаме да одиме понатаму во длабочината на проблемот и со овој закон отвораме една нова Пандорина кутија. Таа Пандорина кутија се вика колективни права на етничките заедници во Република Македонија. Кога ќе го допреме проблемот на колективните права ние повторно се запатуваме во еден лавиринт од кој што нема излез затоа што едно според мене, од мој агол на гледање не е разрешено во овој Македонски Парламент е разбирањето дека припадниците на македоскиот народ немаат друга држава освен Република Македонија. Главен град на таа држава е Скопје, наше знаме државно е ова знаме (со раката покажува кон знамето) таа е таа македонска химна и тоа е тој грб на државата Република Македонија.

Можеби зборот Македонија пречи некому но ќе ми дозволите почитувани пратеници, ние сме сите државјани на Република Македонија. Не може во Македонија да има државјани на Република Македонија македонци и албанци, македонски и срби, македонци и турци. Ние сме сите државјани на Република Македонија и тоа е највисокото можно ниво на човеково право. Понатаму сите сме припадници на пооделни етнички заедници. Дали како конститутивен народ, затоа што македонскиот народ ја има само оваа држава. За среќа делот на албанскиот народ кој што живее во Македонија си има суверена, независна држава Албанија со главен град Тирана, национално знаме, со море, со планини, со Устав и таму се исцрпува суверенитетот, територијалниот интегрирет и на што значи навистина државотворност на албанскиот народ и албанската држава.

Ние тоа мора да го имаме предвид затоа што Албанија е наш западен сосед Република Албанија. Сосед со кој што имаме добри односи. Сосед со кој што сакаме во иднина да ги развиваме тие односи, договори за слободна трговија, договори за унапредување на човековите права, индивидуални човекови права. И во Албанија има македонци, но нивните права се во делот на индивидуални човекови права. Едноставно доаѓаме до лавиринтот на бројката и мајоритетот на одделна етничка заедници во одделен регион на Република Македонија. Сега прашањето е дали тој мајоритет за население во одделни општини, кој што ние го преточивме во Законот за децентрализација во конкретни единици на локална самоуправа. Ако е над 50% не може да биде изразен како национален симбол со знамето на локалната самоуправа во која што државјаните на Република Македонија припадници на албанската етничка заедница можат да решат и на посебен начин, со гласање во Советот на општината, Боговиње конкретно каде што има мнозинство не 50%, туку 100% албанско население, или во Липково и во знамето на локалната самоуправа да бидат вградени елементи односно националното знаме за кое што признавам дека Уставот на Република Албанија го третира како национално знаме, не државно, елементи кои што ќе дадат доволен доказ дека индивидуалните човекови права сега веќе и на работ на колективните се преточуваат преку институционално, преку знамето на локалната самоуправа заедно со државното знаме како израз на колективние човекови права и граѓански слободи и на албанскиот ентитет во Репуболика Македонија.

Тоа е еден фер начин, една чиста процедура, една процедура на разбирање на проблемот во кој што ние би можеле како граѓани, а припадници на разни етнички заедници да живееме заедно. Не како два одвоени паралелни света, не како два света кои што само се допираат, а не се разбираат. До сега ние само се допиравме, а не се разбиравме. Припадниците на македонскиот народ не можеа да го разберат барањето на албанската етничка заедница. Албанската етничка заедница нема разбирање за мнозинството во македонската држава, а тоа се припадниците на македонскиот народ.

На ваков начин со суфицитирани решенија, со добрина во мислата, со чисто срце, со верување дека тоа е вистинскиот начин на

институционализирање во члено, да речеме 4, 5 и 6 секогаш се зборува дека единиците на локалната самоуправа пред нејзината зграда, пред единиците на локалната самоуправа во која што има органи на државата, Министерство за правда, Министерство за финансии, Министерство за внатрешни работи, имаат органи и во членот 7 каде што се зборува за организирање меѓународни јавни манифестации, каде што единиците на локалната самоуправа организираат меѓународни натпревари, фудбалска утакмица помеѓу клубот, да речеме Башкими од Тетово и 17 нентори од Тирана битно е дека на таков начин овие три члена од Законот сметам дека можеме да изведеме констатација да со вметнување на националните симболи од албанското национално знаме во единиците на локалната самоуправа и институционално од рамките на она што претставува државната управа на многу високо ниво подигната делегацијата, значи еден висок степен на изразување на потребите на граѓаните можно е посредно преку демократските форми, посредните форми, советот и градоначалникот, можно е непосредно преку изјаснување на референдум, граѓанска иницијатива, или собир на граѓани да си определат знаме кое што навистина ќе го чуствуваат како посебно дека имаат знаме симбол и во тоа Боговиње наше македонско каде што живеат припадници на албанската етничка заедница, во Липково на територијата на македонската држава има и посебности. Има и географски карактеристики, некоја птица, некое богатство, од животинската и растителната природа кои што можат да дадат нова димензија, нов начин на гледање, ново читање на народните потреби и на македонците и на албанците и на турците, и на србите, ромите, бошњаците, власите на Македонија.

На таков начин ние ќе можеме почитуван заменик министер во процедурата во втора фаза да дојдеме до квалитетни решенија во кој што нема ние да се спуштиме во лавиринтот на бескрајната, беспоштедната и непотребната етничка дебата за историјата, за автохтоноста, за народните потреби. Да го решиме тоа со добрина, затоа што не очекува во иднина едно ново историско премрежие кое што ќе настане после неколку години со некои разместувања на балканскиот простор, кои што ќе имаат можеби за сите нас тешки последици. Се надевам дека ќе ги избегнеме со ум, со размисла, со спречување и превентива во акцијата, но во секој случај ние треба да бидеме спремни дека Република Македонија не може да биде вечен пример на автархичност на некои свои решенија кои што се надвор од меѓународната пракса. Ако во Тетово пред државните органи, Министерството за внатрешни работи според мене, затоа што ова е прва фаза, јас го кажувам само моето мислење и во таа прва фаза тоа може да биде инкорпорирано, или нема да биде инкорпорирано, во втора фаза можеби ќе се прознесеме со реплики, со дебата, но ова е само мое размислување. Значи, ако се вее и знамето на друга држава, бидејќи исто така во блискиот пограничен град Тетово се вее такво знаме тогаш ние навлегуваме во еден страшен парадокс. Што одбележува тој симбол. Најнапред одбележува симболично одредување на територијата, потоа ќе одбележува димензија на живеење во согласност со тој симбол и на крај ќе бидеме соочени на потребата од ново уставно редефинирање на она што значи највисокиот законодавен акт на Република Македонија. А по трет пат за 15 години ново уставно редефинирање ќе допринесе, верувајте ми, сме живееле во поранешната југословенска федерација, знаеме како се менуваа уставите и знаеме зошто дојде до распадот на тогашната форма на заедничко живеење на народите, или на националностите, како што беше тогаш терминот на територијата на поранешна федеративна југословенска држава.

Оттука, јас мислам дека сме доволно умни, со големо искуство, Македонија преживеа 4 тешки поброми. Го преживеа ембаргото на Грција према Македонија заради името, ембаргото на Обединетите Нации према СР Југославија, ја преживеа косовската воена криза со добрина и покажување хуманост, човечност, разбирање на соседот, ја преживеа и воената криза со политичко решение на воена криза што никој не го направил. Другите ги разрешуваа своите проблеми во Дејтон, или на друго место на југословенската воена криза, ние ги разрешивме тука во Македонија со помош на меѓународната заедница, но мислам дека ги разрешивме квалитетно. Сега ако се враќаме повторно во докажување на некои етнички недоизречености тогаш правиме тешка дисторзија во македонскиот уставен систем, во законите на Република Македонија и тука веќе нема враќање. Тогаш кога веќе еднаш ќе биде маркината територијата со двоен суверенитет, затоа што тоа ќе биде така, сакале ние да признаеме или не сакале тоа да го признаеме, тогаш кога пред Министерството за внатрешни работи во една општина Тетово во која што албанската популација брои многу далеку над 50%, албанската етничка заедница, тогаш ние ќе бидеме соочени со многу сериозен проблем како после 10 или 15 години, или во иднина ќе ги разрешуваме проблемите од реалниот живот кои што подоцна ќе треба да бидат преточени законски нормативни норми, одредби кои ќе треба да решат одредени прашања од реалниот живот на граѓаните па и во делот на меѓуетничкото живеење.

Оттука, ја извлекувам и последната димензија. Само ако имаме сенс дека како граѓани на Република Македонија можеме да го надминеме овој проблем и ги употребуваме националните симболи на албанскиот народ кој што си има своја суверена матична држава, тогаш кога е тоа во доменот на цивилното општество како човек, како граѓанин, како семејство, како спортски колектив, како културно здружение, уметничко тогаш ние го исцрпуваме тој реал на етничка димензија и веќе во втора фаза преку единиците

на локална самоуправа, за кое што јас мислам дека се нуди некакво решение да се надмине тој праг на колективни човекови права и граѓански слободи и тогаш можеме да дојдеме до највисоката фаза државното знаме на Република Македонија, државниот грб и химна да не обединува сите како граѓани на иднината на Република Македонија а не како граѓани на минатото на Република Македонија, затоа што ако посегнеме по правото кое што овој закон го дава односно ако не го разбереме штетното посегање по некои права кои што овој закон ги дава пред државните органи во општините каде што 50% од друга етничка заедница имаат право да употребуваат свое национално знаме, според членовите 4, 5, 6, па и членот 7 кој веќе говори за употреба на знамиња во приватни цели тогаш правиме две големи погрешки кои што меѓународниот кодекс нема да ни ги дозволи. Правиме нарушување на правилата на суверенитетот според европски кодекс, и

Второ, само бројката и процентот, кое што е сувопарна димензија не спречува да ги почитуваме правата на сите етнички заедници во Република Македонија. Тогаш што правиме со правото на влашката етничка заедница која што е можеби малубројна, но многу сингнификантна по учество во капиталот, учество во бизнис релациите, учество на стопанскиот дел на живеењето во Република Македонија. Како тие граѓани ќе можат да го изразат своето индивидуално човечко право и граќански слободи. Значи се соочуваме само со два проблема кои што мислам дека повторно на крај ќе ги констатирам како неразрешлива противречност.

На крајот би посакал дел од оваа дискусија која јас се обидов како мој агол на гледање, како искуство, како пракса во овие 15 години да ги преточам во овие неколку реченици како лапидарен сумар на тоа што го размислувам по ова прашање ќе бидат во најмала рака проблематизирани како можни решенија за квалитетен текст на Предлогот на законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господин Ѓорчев.

Има збор пратеникот Никола Груевски.

**Никола Груевски:** Почитуван потпретседателе на Собранието, почитувани пратеници, претставници на Владата, јас ќе се обидам во овој мој говор и во овој мој настап ако можам да резубедам уште некој од пратениците на СДСМ и на ЛДП освен оние три-четворица кои веќе се изјаснија дека од принципиелни причини нема да го прифатат овој закон, што го поздравувам како чин од нивна страна. Можеби ќе повторам некои работи, што беа кажани, меѓутоа, сосема важни и значајни за овој закон, за оваа тема за која што денес разговараме.

Она што сакам да го истакнам на самиот почеток и да го разрешам воопшто како теза, е дека еден ваков закон и е потребен на Република Македонија. Тоа е и дел од Рамковниот договор и можеби требаше многу порано да биде донесен и веројатно, претходно требаше да биде донесен закон за малцинствата во Република Македонија, а потоа закон за употреба на знамињата во Република Македонија.

Меѓутоа, помина тој период, законот го имаме на маса и во него не би имало апсолутно, ништо спорно, ако немаше барем две работи, кои што се надвор од Рамковниот договор и кои што дефинитивно значат нешто што се вика допирнување на суверенитетот на Република Македонија.

Да не беа овие две работи, јас мислам дека во овој Парламент немаше да има дискусија за донесувањето на овој закон и тој многу грозно ќе поминеше. Токму овие две работи, немаат никаква врска со она што се вика Рамковен договор во Република Македонија. Значи тие се надвор од обврските преземени во Рамковниот договор. Дополнително ќе зборувам за што станува збор.

Би спомнал дека во повеќе наврати, особено во последно време и особено, луѓето кои што доаѓаат од албанската етничка заедница, потенцираат дека тие немаат никаква врска со Албанија, дека тие не се чувствуваат како граѓани на таа држава, немаат ништо заедничко со таа држава и кажуваат дека тие се чувствуваат и веруваат во тоа дека се автохтон народ тука, во Република Македонија. Тоа го кажуваат кога имаат потреба за такво нешто.

Од друга страна, денеска слушнавме, кога имаат потреба за нешто друго велат не, ние сме како што пишува во Уставот, дел од народ и како дел од народ значи ние имаме некаква врска со нашиот сосед Албанија.

Така што, ако е првото точно, ако Албанците се староседелци, во тој дел во кој што живеат во Република Македонија, тогаш, од каде потребата толку многу да се инсистира национално знаме, односно знаме на албанската етничка заедница да биде токму знамето кое што го користи Република Албанија. Државата Република Албанија. Што имаат тие автохтони, по потекло Албанци од Република Македонија со државното знаме кое го има земено Република Албанија како свое знаме, што имаат потреба, токму државното знаме на Република Албанија да го користат како знаме на малцинството, односно на албанската етничка заедница во Република Македонија.

Ние сосема јасно ја знаеме и сосема е позната историјата на ова знаме. И како што многумина рекоа, тоа не е денеска историја. Денеска живееме во денешнината и треба да мислиме за иднината. Сите ние добро знаеме дека ова знаме кое што потекнува од византискиот период има свои светли моменти во времето на Џорџи Кастриоти, Скендер Бег. Повеќе пати говоревме во јавноста за тоа, најмногу за да кажеме дека немаме ништо против знамето, доколку тоа не

беше веќе од 1990 година, знаме на Република Албанија. Тоа знаме, како што знаете, е симбол и на христијанството, на отпорот на христијанството, затоа што во тој период, во времето кога Османлиското царство продира на Балканот Ѓорѓи Кастриоти под тоа знаме успеал да извојува две битки, од кои што едната е историска во одбрана на христијанството. Сите ги знаеме и зборовите кога султанот слушнал за неговата смрт и кога рекол дека тоа е крај на последниот штит и на последниот меч на христијанството на Балканот.

Меѓутоа, се ќе беше во ред почитувани пратеници, никој немаше да има против, дури би биле за, затоа што и вие што сте од албанска етничка заедница и ние што сме Македонци христијани, имаме нешто заедничко со тоа знаме. Дали со христијанството, дали со потеклото на Албанците и тн. Меѓутоа, тоа знаме во 1990 година, Република Албанија одлучи да биде нејзино знаме, на државата. И со тоа, веројатно, им попречи на етничките Албанци во други држави да го користат како национално знаме.

Би спомнал дека токму во соседна Албанија, во Република Албанија, има закон со кој што се спречува малцинствата во таа држава, етничките малцинства да можат да користат знаме од државата со која што имаат етничка поврзаност. Па така беше спомнато грчката етничка заедница во Република Албанија не може да го користи државното знаме на Грција, иако можеби, тие би сакале. Си користат друго знаме, слично на она знаме кое што го има Грција, меѓутоа, сепак, различно знаме, од она што е знаме на Република Грција. Истото е и со другите етнички заедници кои што живеат во Република Албанија и тоа го гледаме како сосема нормално.

Можеби вистински чекор на Република Албанија би бил, доколку таа самата го заштити своето знаме и побара нејзиното знаме да не се користи во вакви цели какви што сакаат некои овдека во Парламентот да го поминат. Тоа би бил вистински чекор во покажување дека Република Албанија тежнее и се бори за стабилноста на Балканот, сака добрососедски односи, има евроинтегративни погледи за иднината и не ја интересираат нови турбуленции на Балканот.

Меѓутоа,  ако веќе тоа не се случува, тогаш, барем ние овдека во Република Македонија треба да имаме свест дека користењето на знамето на друга држава, во овој случај Република Албанија е на некој начин делење на суверенитет.

Зошто имате потреба од такво нешто почитувани пратеници? Зошто треба да се дели тој суверенитет во една држава, Република Македонија. Она што практично, сите ние го бараме е да има минимална разлика на знамето кое што сакате да го користите, па макар таа била и еден процент од она што се вика знаме на Република Албанија.

Во светот колку што можам да се информирам, има само неколку исклучоци, каде што е дозволено во една држава да се користи како знаме на малцинствата и знаме на друга држава. Исклучоците не можат да бидат правило. Особено тоа е важно за овој турбулентен Балкан. Во овој регион, каде што чувствата се многу важна работа, во овој регион во кој што имавме една војна пред 4 години, со многу жртви, со многу измешани размислувања околу тоа. Во овој регион, во кој што сеуште не е решено ниту косовското прашање, во овој регион во кој што има сеуште една огромна тензија, нешто што можете да го прочитате во сите анализи, на сите западни аналитичари и се разбира, и на албанските аналитичари. Зошто е потребен нов чекор кон заострување на односите, нов чекор кон повредување на чувствата на Македонците во Република Македонија, после она што се случи минатата година со референдумот, кога на брутален начин беа притиснати Македонците од сопствената Влада, да не излезат на гласање, со закани дека ако го направат тоа можат да загубат многу од нивната работа и тн. Зошто е потребен уште еден ваков удар?

Би спомнал дека постои уште една работа, што ја има во законот, како што реков на почетокот две, за едната зборував и втората што ја има во законот, а не е обврска од Рамковниот договор.Тоа е можноста знамињата освен за празници и церемонии, освен нивното користење на објектите на локалната самоуправа, да се користат и на државните објекти кои што се под централна власт на таа територија, на таа општина. Тоа е повторно еден чекор повеќе.

Почитувани пратеници, дајте да погледнеме повеќе кон иднината. Да ја оставиме историјата. Да ја почитуваме историјата, да учиме од неа, да негуваме некои вредности, меѓутоа, да не ја користиме во злоупотреба на она што се вика сегашност и иднина. Нам како држава ни треба целосно свртување кон економијата, кон животниот стандард на граѓаните, кон невработеноста. Не само на Македонците. На Албанците уште повеќе. И тие живеат во тешки услови, можеби во некои делови уште потешки, отколку што е во градовите, или во местата каде што живеат Македонците. Ќе бидам среќен оној момент кога ќе гледам ваква долга дебата, вакво инсистирање за еконмски прашања, за економски мерки, за она што се вика подигнување на животниот стандард на сите граѓани на Република Македонија, вклуително и Албанците од партиите кои што доаѓаат од албанската етничка заедница во Република Македонија. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Ви благодарам господине Груевски.

Три минути реплика за господинот Рафис Алити.

Повелете господине Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам господине потпретседателе.

Бидејќи господинот Груевски постави неколку прашања, зошто Албанците и ние како политичка партија инсистираме  да се идентификуваме со

нашето национално знаме.Сигурно дека господинот Груевски зане дека Албанците имаат две работи, јазикот и знамето. Додека сите други работи имаат меѓусебни разлики. Тоа што се спомна претходно навистина е дека сме единствен народ на Балканот што припаѓаме на три вери. Повторно велам знамето и јазикот не обединуваат. Доколку некој бара на нашето национално знаме да се стави некој знак, независно од која држава е, тогаш значи дека ние треба да подлегнеме и на асимилација. Господинот Груевски и другите знаат многу добро дека еден добар дел од Албанците се токму во Република Македонија кои се асимилирани и денес се чувствуваат Македонци. Тие беа Албанци претходно од православна вера. Ќе ви спомнам само за Горна Река, ќе ви спомнам и други места. Така што јас сум свесен дека на господинот Груевски овие работи му се јасни. Но, истовремено ќе го потсетам дека неслучајно Албанците исто така асимилирани и денес имаме голем број во Турција и во земјите од Блискиот Исток, токму паѓајки под разни влијанија, во разни историски периоди.

Исто така, има еден голем дел на Албанците во САД, во Европа и тн. Јас би бил навистина, среќен или убеден, ќе го разберев господинот Груевски, доколку Македонија или бившата Југославија да имаше американски стандарди и да се случеше тоа што се случи во Америка, значи еден висок службеник на ЦИА, Џорџ Тенеди од албанско потекло, втор по поколение, да биде директор во таа висока и значајна институција, а ова нешто не се случило во Република Македонија. Дури во минатото Албанците не се прифаќаа ниту во полицијата, ниту во војската, а да не говорам за други институции, треба долго време да се врати довербата меѓу нашите народи овде. Довербата не се враќа со фрази, туку со работа. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Алити.

Една минута контра реплика господинот Груевски.

**Никола Груевски:** Благодарам за репликата. Очигледно дека или некој не сака да ја сфати целата ситуација, или не ја сфаќа. Но јас повеќе мислам дека е првото, дека не сака да ја сфати.

Имено, ова знаме е знаме на Република Албанија. Тоа веќе е државно знаме на некоја држава. И од тој момент, не може да биде национално знаме на етничките заедници во други држави, а особено во соседни држави, каде што може да стане збор уште повеќе за делење на суверенитетот. И генерално, знамето не значи делење на Албанците, или нивно спојување, или нешто било што. Тоа значи знамето секаде во светот, првата работа што ја означува е суверенитетот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Груевски.

Има збор пратеникот Исмет Рамадани.

**Исмет Рамадани:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитуван заменик министер.

Предлогот на Владата не ме мотивира многу. Со овој закон за регулирање на потребата на знамето, значи не ме мотивира толку предлогот, колку што ме мотивираат дискусиите што ги слушнав тука од колегите. И по некогаш, кога темите се сериозни, на шега си викам самиот со себе, кога се говори за вакви тешки теми, дали треба прво да се почне да се дискутира за такви теми. Дали треба прво да ти "пукне филмот" или, ќе ти "пукне филмот" за разговорот за овие теми.

Јас сум учествувал многу често на вакви дебати околу вакви теми. Јас знам дека овие теми се тешки и горливи, меѓутоа, се додека се дискутира во Собранието, тоа е добро. И тоа е голема предност на демократијата.

Се сеќавам, во 1992 година со еден договор на едно друго место се донесе одлука дека треба да се користи знамето и на 28 ноември, кога беше национален ден, почна употребата на знамето тука на Албанците, се разбира, со фрустрации, со манифестации, со собири. Постепено потоа почна да се одбележува со историски академии и се стекна форма на употреба на знамето, така како што треба да биде. 1997 година се случи едно санкционирање со закон. Тогаш се говореше за изгледот на знамето. Имаше противници, односно тие што беа за и против, меѓутоа, сепак се донесе еден закон за употреба на албанското знаме, заедно со државното знаме во општини или во единиците за локална самоуправа, како што беше тогаш локалната самоуправа. Знаејќи дека кога се говори за употребата на знамето, свесни за тоа каде можат да водат и како можат да течат дискусиите во Собранието ние како ПДП, со толку глас колку што имаме и толку знаење колку што имаме и толку визија колку што имаме, ние предложивме средба на лидери на политичките партии, на најрелевантните политички партии, односно потписнички и учеснички во Владата, со цел да се хармонизираат согласно ставовите на една таква средба кај претседателот на државата, кој после оваа средба како многу претседатели што би направиле, би излегол и ви се обратил на народот и нацијата, со цел да се создаде еден политички амбиент и едно јавно мнение, кое можеби на еден полесен начин би го прифатил донесувањето на еден ваков закон од ваква природа.

Јас знам дека и на таа средба би имало консензус, меѓутоа можеби би излегле со нешто, со што мнозинството би се согласило и можеби тогаш ќе беше малку поинаква дури и самата дебата.

Слушајќи ги дискусиите околу законот за употреба на јазикот, тука излегуваат тези и околу концептот на државата, концептот на натамошното делување и тн. Додека законот за употреба на знамето на заедниците се повикува

на законитост, на објективност, на еднаквост, транспарентност и одговорност.

Сите овие како што се наведени, се прифатливи. Но, ние мора да разбереме. Идентитетот се изразува, идентитетот на една национална заедница ги има своите специфиќи. Пишано или не пишано правило е дека ние сите тука имаме сосема национална припадност и ние мислиме, а и сите треба да знаеме дека кога говориме од позиција на национална заедница, на етничка заедница треба да разбереме една работа дека ние го изразуваме идентитетот и дека симболот како што е знамето го изразува идентитетот на една нација или на една етничка заедница, како и јазикот, кој што претставуваат главни карактеристики, а потоа тие се мултиплицираат во поединости на културата на еден народ. Ние мора да се повикаме на оние членови од законот што претставува амандман на Уставот. Се вели дека етничката заедница го избира сама знамето и тука завршува секоја друга сугестија, која доаѓа од некого кој не припаѓа на таа етничка заедница. Тогаш, тоа нас не прави чувствителни, не прави по сугестивни, дури и на моменти ми изгледа потценувачки и си викаме тешко нас како е сега некој друг да ни го утврдува изгледот на знамето. Тоа што е многу значајно, ние кои сме тука пратеници албанци сме мали, сме премали да исполниме една ваша желба која што ја слушаме тука за измена на знамето. Или да направиме друга употреба на знамето. Или да ставиме некоја друга апликација на знамето. Не само што не се согласуваме со тоа, меѓутоа, и адресата која што тука сте ја избрале, почитувани колеги пратеници е погрешна на која што се обраќате. Меѓутоа, изгледа тука имаме некој поинаков проблем. Како го глелдаме или го перципираме знамето на оној со кој живееме. Доколку тоа знаме го доживуваме со психолошки елементи, аспекти велиме дека ова знаме со двоглав орел е ризичен, ваков, таков, тогаш поминуваме во ситуации кои многу тешко ќе не вратат во една релаксирачка реалност. Претходно, мислам Љубчо Георгиевски спомна и видов во неговиот лик колку тешко го доживува фактот како не може да го користи знамето со лавовите на црвена позадина. И мене можеби не ми се допаѓа накострешен лав, меѓутоа, за нас албанците апсолутно не е проблем, воопшто не претставува проблем, доколку македонците се договорат и сакаат да го имаат тоа знаме, дотолку повеќе, за нив повеќе ја идентификуваат со него својата исотрија и идентитет. Да земеме повеќе примери за тоа како се користи знамето на друга држава. Треба да се прифати една поинаква реалност во Македонија. Постои и статистички податок на 25,7%, што ме набедува да ве запрашам, почитувани колеги, најдете ми друга држава во Европа или било каде, каде живее еден друг народ, со друг мнозински народ, меѓутоа со процент од 25,7% кој што немаат право да го користат своето национално знаме такво какво што е. Само еден случај најдете ми таков, еден таков пример. Има примери кога се користи знамето на друга држава, дури со многу помал процент на население. Дури ни во Романија процентот на унгарците не е толкав, колкав што е процентот на Албанците во Македонија. Ниту во Финска не е процентот на Швеѓаните толкав, колку што е на Албанците во Македонија, па дури ни во Србија не е процентот на Унгарците толкав, колкав што е Процентот на Албанците во Македонија. Затоа, кога земаме примери, кога правиме такви споредби, доаѓаме до она што ми изгледа најдискутабилно. Говориме вака смирено, отворено, со аргументи, без нервоза. Суверенитетот. Имам впечаток како да се фетишизира суверенитетот повеќе отколку што треба, како да претставува во овој наш тренд кон интеграцијата на евроатлантските структури. Ние, тие дискутанти кои мислам поинаку, нас не можете да не ставите во центрифуга за да не исклучите од сувереноста на оваа држава. Ние сме дел на оваа држава и оваа сувереност ние ќе ја делиме. Се разбира, немојте да се сомневате во никаква друга задна мисла. Ние сувереноста ќе ја делима како граѓани, ќе ја чувствуваме заедно со вас, регулирајќи ја употребата на знамето со закон. Значи не случајно ние имаме амандман за употреба на знамето со 20% население. Вие тоа може да го сфатите како демагогија, или било што меѓутоа за мене овие работи се јасни. Јас многу отворено за нив зборувам со моите колеги македонци, со кои ние сакаме и земја и знамето на државата и нашето национално знаме кога ќе се веат да бидат знамиња на пријателство на соживотот тука, а не на непријателство. Доколку не можеме да успееме така да размислуваме, доколку не направиме една позитивна промена во нашата глава и постојано не размислуваме на затоа дека ќе се дели Македонија и дека преку тоа ние наводно ќе земеме дел од суверенитот итн., тогаш доколку се продолжи со таквото размислување, сигурно дека друг пат може да земеме.

Зошто треба да се регулира со закон? Затоа што кога не се регулира со закон и ние албанците треба да прифатиме и сме неодговорни во начинот на употребата на знамето. Дури јас сум само критичен до крај и ќе кажам дека се прават некои претерувања, националното знаме не може да се става во разни дрва, жици итн. Треба да се покаже, затоа што кога се прави така не се оддава достојна почит и на знамето тој што го става на д рва, на жици итн., со закон тоа може да се санкционира. Значи, со закон ќе се регулира оваа област и државното знаме ќе си го добие своето место и знамето на етничките заедници ќе си го добијат своето место, ова ќе се регулира со закон, да се направи со взаемна и со достојна почит кон знамињата, затоа што така и ќе го градиме нашиот соживот, како и нашата заедничка Македонија.

Што се однесува до изгледот, некој ја спомна Академијата на науките и уметностите. Јас лично сум политичар, а политиката не е ниту класична музика, ниту академија. Доколку понатаму, откако ќе го регулираме ова со закон, нека седнат

членовите на академијата Скопје, Тирана и Приштина нека разговараат. И ние имаме почит кон овие академии. Треба да разговараат за вакви прашања во кои ние се инволвираме провизорно, меѓутоа доколку навлегуваме односно кога ние влегуваме во овие прашања или не сме доволно политички потковани или правно потковани, понекогаш сме обземени со емоции, кажуваме зборови кои што подоцна можат да ни изгледаат потценувачки, навредливи и доаѓаме во ситуација со што се создава и јавно мнение во кое владее нервоза, правокации итн. Значи, на една таква ситуација не би сакал да бидам сведок во иднина на Македонија. Доколку вака размислулваме, но сеуште имам сомнеж, не знам дали сме подготвени да размислуваме на овој начин. Значи, колку треба да се трудиме оваа толерантност да ја пресликаме и да ја манифестираме преку симболите и преку нашите јазици и оваа наша интегрирачка определба тука и во евроатланските структури да демонстрираме и тогаш доколку сме подготвени на такво нешто, јас сум убеден дека ќе констатираме, доколку имаме среќа и доколку некој оцени дека нешто сме направиле во оваа насока дека на 9 ноември ќе го добиеме и статусот на земја кандидат за членство, со цел да стигнеме во една порелаксирана атмосфера, за да можеме да разговараме за прашања кои што ги спомна и господинот Груевски тука за економски развој, за развој на техниката, науката, образованието итн. Значи, овие се чувствителни моменти, меѓутоа, преку една толерантност и разбирање со соодветни аргументи, без непотребна доза на нервоза, мислам дека ќе успееме оваа реалност да ја прифатиме, со цел да изградиме основа за една посветла иднина за државата која е наша, која е заедничка и која треба да ја градиме заеднички, се разбира, користејќи ги, пошто говориме за законот за симболи, значи користејќи ги и нашите симболи на национална идентификација. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Рамадани.

Збор има пратеникот Аднан Ќахил.

Повелете господине Ќахил.

**Аднан Ќахил:** Почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани пратеници,

Денес имаме на дневен ред Предлог за донесување на закон за употреба на знамињата на з аедниците во Република Македонија. Она што искажаа многу пратеници, се согласувам дека ова е многу важен закон од сите аспекти. Тоа е закон кој произлегува од договорите кои што сме ги презеле врз основа на Рамковниот договор, врз основа на Уставот и врз основа на меѓународни договори. И, како дел од таа ЕУ, што впрочем ние аплицираме да бидеме тоа, мислам дека треба да се однесуваме Европски, Демократски, цивилизирано и да донесеме еден закон кој ќе биде во полза на сите граѓани во Република Македонија. Токму поради тоа, да бидам консеквентен, ќе дозволите господине заменинк министер да прочитам од она што вие како вовед го дадовте, за да можам да го коментирам, за да не погрешам од некој аспект, бидејќи многу работи што тука ги искажавте, потоа очигледно во понатамошниот текст на некој начин се искривуваат или добиваат други димензи и мислам дека тоа не е во ред. И, велите вака: "Поагајќи од темелните вредности утврдени во Уставот на Република Македонија, кои го карактеризираат како Устав на современа граѓанска држава", потенцирам "граѓанска, значајно место зазема не само почитувањето на културниот, јазичнинот и верскиот идентитет на секој припадник на заедниците кои живеат во Република Македонија, туку и создавањето услови за изразување, сочувување и развој на тој идентитет. Токму овие определби на нашиот Устав овозмозможуваат Република Македонија да се развива и да се гради како современа, граѓанска држава на припадниците на заедниците и преку употреба на овој симбол, на свој симбол, а тоа е знамето, ќе го изразам својот идентитет и националните особености, без притоа да се влијае на суверенитетот на државата односно негово негирање. Напротив, овој закон има за цел да придонесе за развивање и унапредување на сожителство во духот на вековна традиција, да живее заеднички на овие простори со полно почитување на сите обележја, како што се националните, верските и пред се етничките белези". Апсолутно со тоа се сложувам и така треба да биде една држава. Ако ние ова го изградиме да направиме место каде што сето ова ќе се апсолвира и ќе тргнеме она што секој граѓанин посакува подобар економски амбиент во оваа држава. Подобра економска ситуација на секој граѓанин на Република Македонија. Но, што се случува? Денес имаме еден закон кој во принцип е прифатлив, кажавме на почетокот. Прифатлив затоа што произлегува од облигациите што сме ги преземале ние, но во еден сегмент, за кој јас сакам да проговорам и кој апсолутно не ми е прифатлив. Затоа и во Комисијата за политички систем си ги кажав моите ставови, ќе кажам и во амандманите, впрочем се приклучив на ДУИ во амандманот што има токму во тој сегмент што го сметам дека е правилен ќе кажам и тогаш што размислувам. Но, да не должам во интерес на времето ќе кажам неколку работи. Истото го кажував и кога зборувавме за Охридскиот рамкмовен договор, иако како партија во тој момент во заедница не бевме консултирани, не бевме дел од креирањето на таа политика, но прифативме како демократи, бидејќи и се изгласа да го почитуваме Рамковниот договор. Во тој Рамковен договор каде што секаде фигурираат заедници кои имаат ист третман и би требало да имаат ист третман, за што Уставот вели дека Република Македонија е држава на Македонскиот народ и дел од заедниците на албанскиот, турскиот итн., сите се наброени, каде што апсолутно не им се дава предност на едните или на другите и се смета како граѓанска опција и се смета дека сите

граѓани треба да уживаат полно право. Во тој момент се стави таа фамозна граница од 20%, каде што можат или треба да користат тие што имаат 20%, а знаејќи добро дека теоретски дадените права не можат практично да се остварат, затоа што теоретски турската заедница има право, но практично нема право, бидејќи нема никогаш да го достигне 20%. Е, тука доаѓа тој куршлус. Јас и тогаш кажав а и сега ќе повторам дека во таа Европа, која впрочем често пати и пратениците од опозоцијата и позицијата цело време зборуваат со право ние аплициравме на еден дел од таа Европска Унија и никаде, ама апсолутно никаде не фигурираат проценти и не може да се даваат или да се земаат или да бидат дадени определени права врз основа на процентуелен состав. Јас и тогаш се прашував и сега се прашувам, дали врз основа на проценти треба некому да му дадеме некому права или помалку права. Сега, тврдам дека не треба да дадеме ниту да земеме права, туку правата произлегуваат и од обврските на секој граѓанин на една држава и така треба да ги третираме. Но, што се направи? Се направи и во локална самоуправа тие што имаат 20% и како што се направи територијална поделба, се направи еден систем, каде што една улица се зема од таму и се додава тука и се прави математички збир на граници се да има или нема определен процент. Во ред и тоа го проголтавме, помина и тоа. Но, сега доаѓаме во една ситуација што се дава во образложението за употреба на знамињата и се вели "во едниците на локалната самоуправа во која живеат граѓани припадници на заедница и се мнозинство во таа единица на локална самоуправа". Да знам дека е мнозинство, а тоа јас го читам на 50%. Значи, тие што немаат мнозинство, а е објаснето дека е така, дека има албанци односно албанското знаме ќе се користи на 16 места, турското на две места, ромското на едно место, а видете чудо босанското, српското и влашкото, како што се наброени во Уставот, со еднакви заедници, никаде. На пример, во Скудриње и Ростуше каде што има 33% Турци не може да се користи турско знаме. Или, во општина Чаир каде што има помеѓу 8 и 10% Турци, каде традиционално, бидејќи историјата од таму се повторува тука, не може во школите кои се традиционално турски школи и турците традиционално живееле тука, тоа е автохтон народ, еве ќе го повторам тој израз, не можат да го користат своето знаме.

Зарем е ова граѓанско, зарем основа на мултиетничноста се дава можност само на едни, а на другите не? Тоа апсолутно е нерпифатливо. Не можам да прифатам такво нешто.

Јас би го прифатил овој закон ако гласеше дека покрај државното знаме, заедниците без проценти може да го користат своето знаме, така и така во локалната самоуправа. Такво нешто имавме со Уставот од 1974 година, ама никој не го злоупотребуваше. Сега имаме една ситуација, на едни места може да се користи турското знаме, а на други места не може да се користи.

Јас од оваа говорница отворено би кажал една работа. Јас кога бев претседател на партијата Движење на труците во Македонија, во име на Турската заедница, јас немам право, а не верувам дека и некој друг има право да го менува турското знаме кое има историски елемент и голема историска традиција, да кажеме, тоа знаме сега ќе го менуваме или нема да го менуваме. Јас тоа право го немам ниту можам да го направам тоа, бидејки тоа е факт дека тоа знаме на овие простори стотици па и илјадници години се користело, а во даден историски момент на овие простори било и државно знаме и сега од еднаш јас да кажам дека тоа знаме не може да се користи. Верувајте го немам тоа право и таква историска обврска да преземам. Она што треба ние да внимаваме каков е третманот на Турската заедница, а и на останатите заедници во Република Македонија. Со ова се покажува дека апсолутно имаме разлика меѓу заедниците. Тоа е недопустливо. Вие зборувате за граѓански концепт, граѓански систем, а давате решенија каде се става категоризација на разни заедници во однос на проценти. Значи тоа се кажува господин заменик минситер. Повлечете го законот, доработете го, направете, ако треба повеќе време да дискутираме сите партии од позиција и од опозиција, да се направи јавна расправа, да добиеме еден квалитетен закон каде сите граѓани на Република Македонија ќе бидат задоволни, а и заедниците ќе бидат задовлни со тоа што ќе можат да ги користат своите симболи, или пак како што многумина кажаа да најдеме, ако најдеме, едно заедничко решение, да имаме еден симбол на Република Македонија.

Да потенцирам. Државното знаме, за мене, она што е донесено, без да се консултира широката јавност, ова сегашното знаме што го имаме, мене ми е прифатливо бидјеки врз основа на демократски принципи е излгасано во Собранието. Тоа е државно знаме и нека биде на чело, нека биде поголемо, нека биде соодветно, како што треба да биде. Јас цело време тоа го почитував и ќе го почитувам тоа државно знаме. Но морам да потенцирам дека Турската заедница и за мене и за другите, ние не сме гости во Република Македонија, не сме тука дојдени па едно време ќе си отидеме, како што со Законот за државјанство се направи, се воведе матичност за државата да не можат да аплицираат луѓе кои се отидени од овие простори, Турци. Да потенцирам, од овие простори во Турска се отидени Турци, бидејки така се пишале сите што отишле таму. И таа бариера е затворена, бариеарата да иамме јазик со 20%, и сега бариера од 50% за користење на знаме и кој знае сеуште какви бариери, кави сеуште решенија ќе се донесат утре или задутре.

Јас морам да потенцирам уште една многу важна работа.

Правејќи го Рамковниот договор, тие што го правеа истиот, превидеа една работа, многу важна. Еве да кажам, во Уставо тна Албанија,

таму не е државно знаме, тоа е национално знаме. Во Уставот на Турција имаме национално знаме и плус дека е тоа државно знаме. Ако во тие устави се тие, национално знаме, на некој начин, имплицитно или експлицитно и ако во Уставот сме напишале дека ние сме дел од тој народ, ние нема што друго да правиме. Вие сте ни го покажале патот по кој треба да се движиме, дека тоа знаме треба да се користи. Значи некој што не внимавал какви правни импликации може да создаде во иднина, треба едноставно ние се да проголтаме, нивните решенија кои очигледнос е провизорни и нееквaливентни во однос на секојдневниот живот.

Често пати зборувате за историја. Рековте од историјата произлегуваат такви итакви елементи, од нив произлегуваат такви и такви содејства на определени заедници, заборавајки дека и Турците во Република Македонија а и пошироко си имаат своја историја и те каква историја. Дел сме и ние од таа историја. Зарем ние не заслужуваме да бидеме дел од оваа држава кои сме биле секогаш лојални на оваа држава, граѓани на Република Македонија, голем дел од Турците дале фир за создавање на оваа Република Македонија, ја чувствуваме како наша држава и таа е наша држава. Ние резервна држава немаме. Можеби сме дел од турскиот народ и сме дел, но да не заборавиме ние тука егзистираме, живееме со проблемите мои и на моите соседи, албанци, македонци, власи, роми, сите. Секојдневниот живот не тера да видиме, да размислуваме од економијата што проблеми произлегуваат, но се наметнува една ситуација каде јас како припадник на една заедница, со вакво решение апсолутно се осеќам, а и некои претходни решенија, како граѓанин од трет, четврти и незнам кој ред. Тоа е тоа, затоа што само на две места можеш да гокористиш знамето, а на другите места не можеш.

Во општина Чаир каде случајно над 50% има албанци, може да го користат албанското знаме, ама турците кои се 8-10%, што традиционално се повикуваме на традицијата, се повикуваме на автохтоноста, живееме на овие простори, не може да го користиме тоа знаме. Зарем не осеќате дека тоа е многу ригидно, многу лоши решение. Зарем не осеќате дека такво нешто во Европа нема. Еве ќе ви дадам пример. Малта како држава е примена во Европска унија, сега со 300 илајди луѓе. Зарем малтешкото знаме а и порано малтешкиот јазик е помалку вреден од германскиот, во Европскиот парламент. Не. Европа не работи по принцип на проценти. Не би требало и ние да работиме по принцип на проценти.

Јас се прашувам и ги прашувам политичарите денес кои се поборници на процентите, 20%, 50%, сигурно, бев убеден дали за 5, 10, 15 или 20 години и Македонија и Албанија, ама и Турција ќе биде дел од Европската унија каде соодносот ќе биде многу поинаков. Дали тогаш ќе барате, ајде да видиме сега процентите да играат улога. Ако ме Шрашате мене, ни сега, ни тогаш не треба процентите да играат важна улога. Треба да има главна улога граѓанинот, ентитетот изразен преку националната припадност. Во таа Евроспка унија и малите заедници и големите заедници да бидат еднакви, а ќе ги спојува економијата, заедничкиот добар живо. Да бидеме исти, ама исти и во богатството. Да бидеме исти, она што општеството нуди врз основа на добра економија, а не да бидеме исти во сиромаштијата, како што минатото прокламираше една идеологија. Токму овој закон тоа го прави.

Можеби господинот Абдулаќим Адеми нема да ми се лути, ќе искористам една ситуација што коментираше, демек во општина Гостивар со добрата волја на советниците, дадено е да се зборува турски јазик. Ја поздравувам, одлично, така треба, тоа е добро, тоа е доблест. Но дали ќе оставиме на добра волја. Можеби оваа гарнитура има добра волја, но може да дојде некоја друга гарнитура која нема да има добра волја. Можеби во Василево и на други места нема добра волја. Па зарем не направивме Рамковниот договор, добрата волја на некого да не се манифестира, или пак многу брзо заборавивме тоа, за мене заврши тоа, ние влеговме во законот, во систем на Уставот, за другите ќе имаме добра волја. Верувајте, се вели, немој да му го правиш на другиот она што не сакаш тебе да ти го нарпават. И се чудиме зошто Евроспка унија на многу места не прифаќа. Па некој ги чита овие пораки. Некој ги чита овие третмани, различни третмани по однос на заедниците односно граѓаните. Затоа требаќе многу подлабоко да се нарпави анализа како основа за предлог на овој закон, затоа што овој закон, пак ќе повторам, не нуди еднаквост на заедниците во Република Македонија, како што се наброени во Уставот. Ние Турците само на две места можеме да го истакнеме знамето, на други места не можеме и ако се истакне на други места предвидувате санкции. Дали тоа ќе биде правило, или пак само се носи законот за да се запази формата, за да се направи и тој последен елемент можеби од исполнувањето на условите од Рамковниот договор, без да се навлезе во квалитетот на законите кои долгорочно ќе обезбедат мир, егзистенција, заедништво во Република Македонија, како што во предоајето тоа го кажувате. Многу добри почетни мисли, почетни размислувања, но многу погрешни решенија. Затоа, и на комисии кажав и сега ќе повторам, полечете го овој закон. Повлечете го, доработете го, дајте предлози каде сите граѓани и сите заедници ќе имаме еднаков третман, да најдеме заеднички решенија за знамето, а и за другите пробелми, затоа што вакви паушални решенија каде од ракав се извадени процентите и од ракав се дадени правата кои треба да ги уживаат определени заедници во определени места, не нуди граѓански концепт на развојот на демократијата, не нуди заедништво, не нуди просперитет, нуди само заострување на ситуацијата, затоа што ќе имате ситуации некој кој помалку од 50% некаде ќе го користи знамето и јас се прашувам дали тогаш МВР и другите

служби ќе бидат агилни да ги казнат нив, веројатно не и ќе дојдеме во ситуација ќе носиме закони, но тие закони никој нема да ги почитува. Ако сакаме ние да бидеме држава и ако сакаме да бидеме дел од Европската унија каде се почитуваат законите, а впрочем овие закони ги носиме ние, барем јас така мислам, без сугестија од страна, треба ние добро да ги осмислиме, добро да ги анализираме, да дадеме предлог и тие предлози да бидат содржајни. Пак ќе повторам, сите граѓани припадници на сите заедници да бидат еднакво третирани. Овој закон не го нуди тоа. Овој закон нуди проблеми. Овој закон нуди заострување на пробелмите, тоа тек ќе се види. Затоа јас за овој законнема да гласам. Да беше поинаку поставен, процентите да беа поинаку направени, т.е. да немаше проценти, да немаше бариера од мнозинството, туку да имаше можност сите заедници подеднакво да ги користат своите знамиња кои по димензија, можеби, или по начин на користење ќе бидат под државното знаме, тоа можеби за мене ќе беше прифатливо. Ваков закон за мене не е прифатлив и мошне навредливо е за турската етничка заедница во Република Македонија.

На крај би кажал, не заборавајте, ние сме дел од оваа Македонија, ние сме граѓани на Република Македонија, не одиме никаде, тука сме, спремни сме и во добро и во лошо да си пружаме еден на друг рака, како браќа, како граѓани, да го спасуваме ова парче земја што се вика Македонија, бидјеки ова е дом и мој и твој и јас сум сигурен дека во однос на некој друг проблем кој би го имал, секој, апсолутно секој би дал свој еквалентен придонес за одбрана на оваа земја, бидјеки ние резервна земја немаме и не би требало да имаме. Ако некој размислува поинаку, тоа е негов проблем, а ние не треба да наседнуваме на паушални изјави со цел да имаме утре проблеми. Јас сум за утрешна Македонија, Европска Македонија каде ќе немаме никакви проблеми, а ќе имаме економски просперитет со сите граѓани на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Ќахил.

Господине Витановски имате реплика?

Повелте имате три минути.

**Јанаќе Виотановски:** Благодарам претседателе.

Мислам дека истата дискусија што ја имаше господинот Ќахил, ја водевме и на Комисија и овде пак го повторува истото.

Јас сега се јавив за реплика, бидјеки вели дека ова е паушален закон и дека од ракав се вадат проценти. Мислам дека разговаравме и ние овде имаме Устав, имаме и Рамковен договор кои треба да ги почитуваме.

Тоа што се однесува до јазиците, учество на 20%, не се однесува на истакнување на знамињата на заедниците. Во однос на јазиците тоа е најмалку 20%, а во однос на знамињата тоа е мнозинството. За жал така е нарпавено и во овој закон, во членот 4 за кој спореше колегата Аднан. Мислам дека она што ни е основа тоа е Рамковниот договор и Уставот и ние од тоа не можеме да бегаме.

Сега сакам повторно да ја прочитам точката 7.1. во која се кажува каде се истакнуваат знамиеата на заедниците. Тоа е Рамковен договор и ние тоа треба да го почитуваме. Се она друго, ако треба да ревидираме, да правиме, треба одново да правиме некој рамковен договор со нови услови и т.н. Таму точно е наведено дека е потребно мнозинство во општинтие. Затоа сметам дека не треба да се бара она што не е наведно во Уставо тили во Рамковниот договор, туку треба да го почитуваме тоа што е кажано.

**Љупчо Јордановски:** Повелте господине Ќахил вашата минута.

**Аднан Ќахил:** Господине Витановски вие кажавте дека истата дискусија сум ја имал и на Комисијата. Тоа кажува дека јас сум доследен и она што го зборувам на комисии го зборувам и сега тука и дкеа треба да бидеме доследни до крај и секогаш да стоиме позади  она што го зборуваме.

Јас кажав за една друга димензија. Она што не е напишано не значи дека не треба да се применува. Верувајте, она што е дадено во законот е паушално, сигурно. Тоа не е плод на анализа а се повикувате на европски решенија и европски устави. Погледнете во тие европски устави, европско законодавство, ќе видите дека никаде не постои мнозинство, проценти, или било кој систем на решавање. Ако ние се повикуваме на Европа, таму каде што едноставно имаме право или саквме да видиме, а онаму каде што не сакаме да бидеме Европа, применуваме балкански системи. Тоа не е дозволиво.

Јас зборував за една ситуација. Верувајте, ако ова е применлив закон за вас, на дело нема да биде применлив. Ако не може албанската заедница да го користи тоа во Центар, а користи во Чаир, ќе видите какви проблеми ќе има, како што и турската заедница во две соседни општини не може да го користи истото знаме.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Ќахил.

Да ви кажам, ако сте го прочитале новиот Устав на Европската унија, врие од проценти.  Една третина за да се усвои нешто, притоа треба 40 милијнони опфатеност. Врие од проценти Европскиот Устав и затоа можеби некој и не го изгласал на референдум.

Повелте госпоќо Поповска имате збор.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине претседателе, почитуван господин заменик министер, почитувани колеги пратеници,

Пред нас се наоѓа Законот за употреба на знамињата на заедниците. Тој произлезе од потребата да се имплементира претпоследната нереализирана точка од Рамковниот договор, точката 7.1., со која се регулира правото на употреба на симболи на заедниците. Сите политички субјекти во државава, ама буквално

сите, сме сложни дека таков закон треба да се донесе и да се дозаврши имплементацијата на Рамковниот договор на која сме се обврзале. Затоа молам да се престане со празни обвинувања дека оној што го критикува текстот на предложениот закон е против Рамковниот договор или против правото на употреба знамиња на заедниците.

Ако разјаснивме дека причината за носење не е спорна, тогаш да видиме зошто овој закон побуди толкава возбуда во јавноста. Проблем се предложените решенија во законот. Ова е мал закон, од само три странички. Но има повеќе грешки од текст.

Како и неколку пати досега, при донесување закони што се однесуваат на осетливата област на меѓуетничките односи, соочени сме со решенија што се надвор од меѓународните правила и стандарди. Во вакви случаи, обично гордо истакнуваме дека имаме уникатни решенија што ги нема никаде во светот, или, пак, ги има во една земја, или две. Ајде, да се согласиме дека сме извонредно креативни, па вадиме уникатни решенија и служиме како жив пример за развој на правната и политичката наука во светот. Но барем внатрешно да изградиме конзистен модел што ќе функционира во интерес на своите граѓани. Ама, проблем е што со некои од нашиве "уникатни" решенија излегуваме и надвор од правната рамка на нашето законодавство и надвор од Рамковниот договор. Со секој ваков проблематичен закон ние правиме нови Рамковни договори, го поткопуваме правниот систем и ја придвижуваме Македонија кон некаква поинаква државна форма.

Како ни се случува тоа обично? Започнува со изјави во медиуми низ кои се испорачуваат барањата. Следува лидерска средба, ракување и договор за исполнување на барањата. Потоа со систем на директиви и партиско дисциплинирање, се обезбедува гласање во Парламентот. Веќе по правило, без консултација на експерти и граѓани. На расправата најчесто се игнорираат аргументите на оние што не го поддржуваат текстот или се исќжува немоќно прифаќање или се прави замена на тези. Тоа се модалитетите. А аргументи за несогласување има.

Дозволете ми да ги изнесам аргументите поради кои нема да можам да го поддржам текстот на Законот за употреба на знамињата на заедниците во ваква верзија. Овој текст создава пред се правни проблеми и тоа по најмалку три основи: прво - официјалната употреба на знаме на друга држава, второ - начинот на употреба и трето - начинот на утврдување на знаме на етничката заедница.

За првиот аспект, за употребата на знаме на друга држава, не е потребна посебна анализа. Секој писмен човек знае што означува државното знаме. Значи, истакнувањето на знаме на туѓа држава, покрај македонското државно знаме на иституции од локалната самоуправа може да ги прати следниве пораки: едно, локалната самоуправа има некаков специјален статус на екстериторијалност, или второ во посета дошол претставник од другата држава.

Поради ова, сметам дека во законот, во членот 2, став 2, треба да се пропише дека знамињата на етничките заедници мора да се разликуваат од знамињата на странските држави. Ова е во согласност со меѓународните норми и обичаи, како и со член 1, став 2 од Уставот на Република Македонија, а истовремено е аналогно на член 10 од Законот за локална самоуправа каде е пропишано дека општинското знаме треба да се разликува од знаме на друга држава.

Во колкава мера ќе се разликуваат, треба дополнително да се утврди. Впрочем, Албанците, не се единствен народ на светот што имал национален симбол низ историјата и под него се борел за своја држава. Така се настанати најголем дел од националните држави во Европа, при што националните симболи се вградени во нивните државни симболи, во знамиња, грбови и други симболи. Природно е државните симболи да останат национални симболи за припадниците на етничките заедници што не живеат во матичната земја. Од друга страна, вообичаено е да им биде дозволена употреба на тие државни симболи во приватниот живот во демократски земји; но не е вообичаено тоа да се прави во официјалната употреба освен по исклучоци, а никаде не постои регулатива која макар би наликувала на нашава, барем според она што јас успеав да го прочитам и да го проучам.

Почитувани колеги, национален симбол на Албанците е двоглавиот црн орел на црвено поле, сличен на оној од царските Австро-Унгарија, Русија или Византија. Тој симбол бил основа за знамето на комунистичка Албанија, заедно со жолтата ѕвезда; тој ќе биде основа за знамето на Косово што е во подготовка, со некој додатен знак. Никој не би имал против тој симбол ни во Македонија кога тоа со Рамковниот веќе сме го договориле кога тој би бил во придружба на друг знак што се разбира сами би го избрале, а би го разликувал од официјалното државно знаме на Република Албанија. Макар со една црта или со една точка да биде различно од државното, како што е знамето на грците во Албанија, различно од државното знаме на Грција. Дали некој смета дека грците не се горди на своето национално знаме и своите национални симболи. Јас би сакала само да упатам една забелешка на колеги пред мене, кои спомнаа дека немаат право да го менуваат националниот симбол. Се разбира, никој не може да побара да се менува националниот симбол и затоа јас кажав, кај албанците националниот симбол е двоглавиот црн орел на црвено поле, меѓутоа, одредени дополнителни апликации кои би го разликувале знамето што би го употребувале овде во Македонија, тоа би било само регулирање на една материја која во една држава се регулира. Ние не случајно овде донесување закони и дебатираме за закон за

употреба на знамиња на етнички заедници. Кога тоа по природата на нештата би се расправало, ние не би требало да носиме закон. Тоа се регулира, секоја материја се регулира во една организирана држава.

Почитувани колеги, искрено не верувам дека не се разбираме. Мене ми се чини дека свесно не се сака да се направи никаков компромис, ни педа отстапка, во полза на заедничкиот спокој. И тоа не отстапка од правото, туку напротив. Да се направи отстапка од максималистички замисленото барање, во насока на почитување на законските норми дома и во светот, но и на чуствата на своите сограѓани. Зашто без тоа тешко се гради доверба, тешко се гради спокој.

Преминувам на втората спорна работа според мене во овој закон. Тоа е начинот на употреба на знамињата на малцинските етнички заедници. Се говори за паралелна и рамноправна употреба на знамињата, пред секаков вид објекти и по секакви поводи просто, општините ќе бидат постојано накитени со знамиња и секој ден ќе им изгледа како празник. Со некои од овие одредби се крши Рамковниот договор, со други - редица закони. За да се поправи овој правен галиматијас, ги предлагам следниве поправки:

Прво, треба да се избрише одредбата за истакнување на знамињата пред државни органи на локално ниво во членот 5, зашто е спротивно на Рамковниот договор во кој е пропишана употреба пред локални јавни објекти.

Второ, во членовите 4, 5 и 6 од предложениот закон треба да се пропише дека и знамето на единицата на локалната самоуправа е постојано истакнато пред локалните јавни објекти, покрај државното знаме и знамето на заедницата. Ова произлегува од член 10 од Законот за локална самоуправа, член 17 од Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Репбулика Македонија, а ќе се усклади и со член 8 од текстот на самиот предложен закон.

Третиот предлог за поправка. Во членот 8 од законот треба да се пропише дека знамињата на заедниците се помали и се поставуваат пониско за еден метар од знамето на Република Македонија, што произлегува од членот 17, став 5 на Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија.

И четвртата забелешка: сметам дека треба да се избрише одредбата од алинеја 4 на член 5 од законот, со кој е предвидено дигање знамиња при посета на Претседателот на државата или членовите на Владата на Република Македонија. Тоа е протокол што се применува при посета на претставници на странски држави и е сосем непригоден.

Третата спорна работа е начинот на утврдување на знаме на етничката заедница. Веќе кажав дека во светската пракса не е вообичаено да се употребуваат на официјален начин симболите на етничките заедници, посебно што државите во најголем дел ја имаат поминато фазата на национални држави и преминале во граѓански држави. Но и таму каде што тоа е регулирано, најчесто се сведува на вградување на националниот симбол во општинскиот симбол, било да е тоа знаме или грбот на единицата на локалната самоуправа каде една заедница живее во мнозинство. Во такви случаи, симболите се утврдуваат преку органите на локалната самоуправа. Таму самите граѓани се договараат какви симболи ќе ги зближат различните заедници, ќе ги релаксираат и подобрат меѓуетничките односи, ќе ги ослободат од чуство на потчинетост или инфериорност и во крајна линија, ќе ги насочат кон егзистенцијалните прашања. Но, бидејќи кај нас се планира употреба на национален симбол сам по себе, покрај другите обележја на општината, потребно е тој, односно тие симболи, да се утврдат низ одредена правна процедура. Затоа предлагам со закон да се пропишат органот и постапката за утврдување на симболите на заедниците во Република Македонија.

Почитувани колеги пратеници, ги набројав правните недостатоци и недоследности на законот што се предлага. Тие се важни, но уште поважно е нешто друго: ефектите од донесувањето на ваков закон и пораката што ја праќаме со тоа. Зашто прашањето за симболите го наметнува прашањето за симболиката, која добро ја разбираат и нашите сограѓани и меѓународната јавност. Нашата порака во ваков случај ќе биде: слабост на државата и немање инситуционален капацитет да се креира и спроведе вистинската излезна стратегија за земјата. А таа не води преку етничко обележување територии и тоа со туѓо државно знаме.

Еден колега пред мене зборуваше за историјата и спомна дека албанското знаме и за Македонците во Западниот дел во минатото било прифаќано со радост. Лесно е да се постигне моментален ефект со еден извадок од историјата. Но да не го заборавеме целиот контекст. Имено, албанското знаме тие луѓе од Западниот дел на Македонија го помнат и по други настани што се случувале кога тој дел на Македонија бил окупиран од Албанија, ако да влеземе и понатаму во историјата ќе дојдеме и до 1922 година кога српскиот крал кој тогаш ја вледеел Македоња, ги отцепил, ги заменил македонските територии од денешна Источна Албанија. Тоа се регионите Голобрдо, Река и Мала Преспа. Ги заменил имено за Скадарско Блато и за Манастирот Свети Наум. Ете, тоа во историјата се случува, им се случува на сите народи, за жал, му се има случено и на македонскиот народ, а тие луѓе до ден днешен немаат ни графа за да се попишат како Македонци, а камоли да учат на својот мајчин јазик. Но, да се надеваме дека некои работи ќе се изменат, со оглед на тоа што сите во регинонот стануваме дел до европскиот простор и ги прифаќаме стандардите кои во Европа важат. Значи, почитувајќи го секој заеднички настап на Македонците и Албанците од минатото треба да

се прифати понекогаш и она што не било пријатно. Меѓутоа, ако ја почитуваме историјата како учителка на животот треба да ја учиме во целост, без предрасуди и без емоции. Била каква што била, да извлечеме поуки од неа, да си простиме ако нашите предци биле на различни страни и да одиме натаму. Тоа е сепак цивилизациска придобивка.

Еден друг мој колега во излагањето претходно, во текот на денешниот ден, рече дека треба да донесеме закони што граѓаните ќе ги почитуваат и ќе ги чуствуваат како свои, а не да им наметнуваме насилно закони. Потполно се согласувам и само би додала, кога се грижиме за граѓаните, да се обидеме да мислиме на сите граѓани и да ги почитуваме правата и чуствата на сите, за да не се почувствува никој дискриминиран.

Значи, да повторам уште еднаш, никој во оваа земја не е против правата за користење симболи, туку против евентуалното решенија со кои, во име на правата, се подметнува кукавичјо јајце и се изнудува предавање на дел од државниот суверенитет. Ако некој и понатаму мисли дека е смешно да се придава толкаво значење на знамињата, ќе се обидам да го поткрепам своето тврдење со еден цитат и со тоа ќе завршам. Од книгата "Знамиња и грбови на светот", тоа е оваа, од Витни Смит, директор на Меѓународниот центар за проучување на знамиња во САД.

"Знамињата имаат практична примена, но нивната прва функција отсекогаш била општествена комуникација. Посебно државните знамиња го поттикнуваат припадникот на народот да чуствува и да делува на одреден начин. Тие претставуваат и го прават препознатливо постоењето, присутноста, потеклото, власта, поседувањето, оданоста, славата, верувањата, целите и статусот на цел еден народ. Со знамињата се искажува чест или срамота, предупредување и поттик, закана и ветување, пофалба и осуда. Тие делуваат на детето на училиште, на војникот, на избирачот, на непријателот, сојузникот и странецот. Знамињата ги поддржуваат и ги драматизираат политичките барања, воспоставуваат заедничка рамка во која земјите истомисленички носат заемно прифатливи решенија или ги истакнуваат непомирливите спротивности што ги оневозможуваат да се постигне договор. Тешко е да се замисли светот и човечкото општество, без знамиња."

Уште еднаш почитувани колеги, не верувам дека не можеме да се разбереме и дека не се разбираме. Мислам дека ни фали политичка волја и човечка волја за да се приближиме.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Поповска.

Имаме уште четири минути до 18,оо часот и уште тројца пратеници пријавени за дискусија. Направивме некои консултации и горе - долу имам чувство дека сите се согласивме денес да завршиме со општата расправа, за да можеме во понеделник да почнеме со вториот дел.

Ако некој мисли да се пријави за дискусија, еве, има пет секунди да се пријави за збор, затоа што ако се пријават повеќе пратеници за збор, ќе ја прекинам седницата. Еве, одиме одпозади, пет, четири, три, два, еден. Нема повеќе пријавени за дискусија.

Дали се согласуваме денес да завршиме со дискусијата откако ќе ги слушнеме излагањата на овие тројца пратеници.

Повелете господине Хасипи и ако може да бидеме оптимални. 10, 15 минути, се е кажано, мислам дека е доволно времето. Да не се натреваруваме околу тоа, кој што ќе каже, колку и како ќе брани своја етничка заедница или не.

**Кенан Хасипи:** Почитуван господине претседателе, дами и господа пратеници,

Предлогот за донесување на Законот за употреба на знамињата на заедниците не случајно предизвика посебен интерес и жестока расправа не само на пленарната седница и на седниците на работните тела на Собранието на Република Македонија, туку и бројни коментари на партиските пресови, невладиниот сектор, електронските и пишаните медиуми, а за потребата од донесување на овој закон се изјаснија и претставниците на Меѓународната заедница. Ова дотолку повеќе што со овој закон и со Законот за употреба на јазиците на заедниците се заокружува Рамковниот договор од Охрид. Едно од најчесто спменуваните договори воопшто, чија имплементација не ретко се споменува како еден од елементарните услови за наше членство во Европската унија и евроатланските безбедносни структури.

Досегашните расправи на оваа тема беа прилично дисонантни, така што ставовите се движеа од целосно прифаќање на Законот, поддршка на Законот условно доколку се прифата одредени амандмани, па се до негово целосно одбивање и враќање на доработка на Владата на Република Македонија, бидејќи го повредува суверенитетот и унитарниот карактер на Република Македонија и не е во согласност со меѓународните стандарди од оваа сфера.

Лично сметам дека ваквите екстремни толкувања на текстот на Законот немаат реална основа, не се во духот на Рамковниот договор од Охрид и претежно се од маркетиншки карактер. Длабоко сум убеден дека понудениот текст претставува солидна основа, преку една аргументирана расправа, без емоции и политички дисквалификации да се дојде до општоприфатлив закон, со кој ќе се обезбеди не само слободна употреба на симболите на етничките заедници, со кои тие го изразуваат својот идентитет и особеностите, туку ќе се обезбеди должна почит кон државното знаме, како симбол на суверенитетот и унитарниот карактер на државата. Ова дотолку повеќе што знамињата не се парче платно, туку симболи кои влечат корени од историјата, културата,

традицијата и обичаите на тие заедници, а посебно државното знаме кон кое во многу земји со напредната демократија е изграден култ кон него како симбол кој подеднакво им припаѓа на сите граѓани на тие држави.

Иако Законот навидум е краток и содржи се на се девет члена, плус Казнени и Завршни одредби, сепак се работи за чувствителна материја, кадар на Собранието да го претвори како што гледаме во вербална гладијаторна арена во режија на народните избраници со ретко виден приземен вокабулар и политички дисквалификации од секаков вид. Меѓутоа, иако Законот отвори неколку прашања, општ е впечатокот дека постои консензуална согласност за потребата од донесување на ваков закон, најмалку од две причини.

Прво, тоа експлицитно произлегува од Рамковниот договор во Охрид и Амандманот осум, со кој е заменет член 48 од Уставот на Република Македонија, преку кој се создаваат нормативно - правни претпоставки во рамките на основните права и слободи на човекот и граѓанинот, припадниците на заедниците слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и особеностите и да ги употребуваат симболите на својата заедница.

И второ, постоење на правен вакум во оваа сфера по укинувањето на Законот за знамињата на националностите од страна на Уставниот суд на Република Македонија, а познато е дека одлуките на Уставниот суд се конечни и извршни.

Она што е спорно, барем од настапите на колегите од опозицијата, е што прво на овој Закон треба да претходи закон за знамињата на заедниците, со кој ќе се регулира начинот, постапката на избор и изгледот на знамето на заедниците во Република Македонија.

Второ, знамињата на етничките заедници мора да се разликуваат од знамињата на нивните матични држави, затоа што во спротивно се повредува суверенитетот и унитарниот карактер на Република Македонија. Јас ќе си земам за право да ги коментирам овие прашања дотолку повеќе што како претставник на турската заедница во Република Македонија се залагам за правото за натамошното користење на истото знаме, се разбира во согласност со Законот за употреба на знамињата на заедниците.

По однос на првото прашање ќе се уочи дека став 2 од член 2 на Законот го дефинира поимот знаме и не само тоа, туку и поблиску определува кои се знамињата на заедниците. Став 2 од член 2 на Законот вели, цитирам "Под знаме во смисла на став 1 од овој член се подразбира знаме што заедниците го избрале" подвлекувам "го избрале и го употребуваат како знаме на изразување на својот идентитет и особеностите". Значи, во овој член се користи терминот "го избрале и го употребуваат", а не термините, што ќе го изберат и што ќе го употребуваат, што ќе признаете не е исто. Со други зборови, законодавецот зборува за симболи т.е. знамиња кои и досега ги користеле заедниците, што се разбира не исклучува можност тие да се променат. Дури при такви случаи, треба да се прецизира соодветна процедура. Доколку се примени правната терминологија, станува збор за стекнато право, практицирано на овие простори со децении и векови. Имајќи го предвид овој факт, законодавецот нуди практично решение применливо во пракса, значи покажува респект кон симболите на тие заедници, чиј избор е исклучиво во надлежност на тие заедници, но истовремено создава нормативно-правни претпоставки, за задолжително истакнување на државното знаме како симбол на суверенитетот и унитарниот карактер на државата. И никој не може да го оспори тоа дека ова е смел потег и европки начин на размислување, дотолку повеќе што сеуште на овие простори може да се поентира преку измени на национални страсти, квази патриотизам и почитта кон туѓите симболи да се третира како велепредавство.

Второ прашање, кое по мене предизвика реакции на опозицијата е правото заедниците слободно да ги изберат своите симболи, или поточно прашањето дали знамето на етничката заедница може да биде идентично со знаме на друга држава. Дали тоа е во согласност со меѓународните стандарди и дали тоа не би значело делба на суверенитетот и повреда на унитарниот карактер на државата. Лично сметам дека ваквите тврдења немаат реална основа и дека се од маркетиншки карактер од следниве причини.

Прво, суверено право на секоја заедница е својот идентитет и особеностите да ги изразуваат преку симбол што самата ќе го избере. Наметнување на решенија не само што не би било во склад со слободно изразената волја на таа заедница, не би го изразувала реално нивниот идентитет и особеностите, туку би ги повределе чувствата на тие заедници и дефакто не би биле применливи во пракса.

Второ, не станува збор за повреда на меѓународните стандарди, бидејќи не станува збор за државно знаме, кое согласно тие стандарди, не може да биде идентично со знамето на друга држава. Овде станува збор за знамиња на етничките заедници кои ниту симоболизираат државен суверенитет, ниту пак се користат на целата територија на Република Македонија. Нема пропишани меѓународни стандарди за етничките симболи, бидејќи истите се израз на јазичните, културните, историските и останатите етнички особености на тие заедници, дел од нивната традиција и обичаи, така што унифицирани стандарди во оваа сфера практично би биле неприменливи. Бидејќи државното знаме го изразува суверенитетот и унитарниот карактер на државата и со оглед на фактот дека суверенитетот е недделив, непренослив и неогуѓив, толку омилена синтагма на госпоѓа Бонева, токму поради тој факт меѓународните стандарди се однесуваат на државното знаме и согласно истите не е можно

две различни држави да користат идентични државни симболи. Тоа е спротивно на меѓународното право и согласно тоа не е можна практична имплементација на истите. Лично сум убеден дека и опозицијата многу добро знае дека овие стандарди нормирани со меѓународното право се однесуваат на државните симболи, а не на симболите на етничките заедници. Проблемот е во тоа што ги адресираат на погрешна адреса, сакајќи да остават впечаток дека се тие патриоти, заштитници на националната кауза, додека сите други велепредавници, политички елити кои коваат заговор за федерализација на државата. И за да иронијата биде уште поголема истите сакаат преку моделот на доминантна нација и нациократија да го фатат возот за НАТО и Европска Унија. Зарем пред неколку дена не чувме изјава на еден евро либерал, гостин на Либерално демократската и Либералната партија кој длабоко веруваше дека во блиска иднина и македонскиот јазик ќе биде еден од официјалните јазици на Европската Унија. Или, можеби и тогаш господо од опозицијата ќе барате доминантна нација согласно која помалите народи би уживале помали права. Ако сакате да бидете почитувани, почитувајќи ги другите. И самата природа не е еднобојна, колеги. И самите знаете дека знамето на етничката заедница без оглед дали се разликува од знамето на матичната држава, прво не се користи во својство на државно знаме. Второ, не се користи на целата територија на Република Македонија, туку само во единиците на локална самоуправа, каде припадниците на етничките заедници се во мнозинство. Трето не е симбол кој им припаѓа на сите заедници како што е случајот со државното знаме. Токму поради наведените факти користењето на знамињата на етничките заедници, покрај државното знаме по редослед утврден во Законот во ниеден момент не значи делба на суверенитетот, ниту пак повреда на унитарниот карактер на државата. Оттука тврдењата дека со нивното користење дефакто се врши делба на суверенитот и повреда на унитарниот карактер на државата во најмала рака се невкусни, правно неосновани, злонамерни и обид на мала врата да се дезавуира суштината на амандманот 8 со кој е заменет член 48 од Уставот на Република Македонија кој експлицитно укажува на правото на користење на симболите на етничките заедници и тоа не го врзува ниту со мнозинство, ниту со процент од 20%. Мислам дека дел од одговорот на ова прашање се крие и во преамбулата на Уставот на Република Македонија која иако не е нормативен дел од Уставот, по мене повлекува правни последици. Забележливо е дека во преамбулата на Уставот на Република Македонија не се користат термини националност, или национални малцинства и се користи терминот, дел од народ што значи не само напуштање на старите стереотипи и отварање нова страница во односите меѓу заедниците, туку елегантно го решава прашањето на употребата на симболите на заедниците од едноставна причина што еден народ не може да ги идентификува со два различни симбола и дека деловите на тој народ го имаат истиот симбол. Ова дотолку повеќе што заштитата на идентитетот и особеностите на заедниците се гарантирани со највисокиот правен акт на државата, т.е. Уставот.

Би сакал вашето внимание почитувани колеги да го сведам на едно друго прашање кое овие денови беше премногу експлоатирано, а тоа е прашањето на користењето на државното знаме на Република Турција вон границите на Република Турција. Имено, одредени колеги и при оваа собраниска расправа и при некои дебатни емисии по оваа проблематика на А-1 телевизија се повикува на наводната забрана на употребата на државното знаме на Република Турција вон нејзините граници без нејзина согласност или поточно вон ситуациите кога е задолжително користење на турското знаме што го цитираше и госпоѓа Бонева. Факт е дека Законот за државно знаме на Република Турција ги регулира сите аспекти на употребата на турското знаме, меѓу кои и ситуациите кога е задолжителна употребата на турското знаме, како што се амбасадите на Република Турција, посети на високи државни раководители и слично. Но, со ниту еден член изричито не ја забранува неговата употреба вон границите на Република Турција како симбол на турската заедница во тие земји, уште помалку доколку употребата на знамињата на заедниције е регулиран со посебен закон, како што е Законот за кој ние денеска расправаме. Со Законот за државното знаме на Република Турција забрането е и тешко санкционирано цепање, газење, палење и други облици на скрвнавање на знамето, користење во својство на облека и слично, но идентификувањето на ваков вид забрана, со забрана на негова употреба вон земјата, особено ако таа употреба е регулирана со закон, во најмала рака е невкусно и внесува забуна кај недоволно информираните граѓани на Република Македонија. Повикување на одредени реакции на МНР на Република Турција во периодот кога незаконски беше користено турското знаме и претеше негово насилно симнување и нивно погрешно толкување како забрана на употреба на турското знаме е доказ дека таквите недоволно ја познаваат турската дипломатија, а јас би рекол и надворешна политика на Република Турција која базира не само на немешање во внатрешните работи на други држави, туку и почитување на оние постапки и активности, па ако сакате и оние симболи кои се регулирани со легислативата на дотичната држава. Оттука почитувани колеги не го злоупотребувајте ваквиот принципиелен однос на оваа пријателска земја и не ги толкувајте таквите одредби, или постапки на начин како вам најмногу ви одговара. Впрочем, на дофат на рака ви е Амбасадата на Република Турција во Република Македонија каде слободно можете да добиете валидни и веродостојни информации. Нема потреба да се повикувате на веб сајтови и

слични извори на информации. Сакам само да ве потсетам дека во Република Турција како и во многу други земји постои висок респект, јас би рекол до ниво на култ кон знамето. Лично сметам дека такво чувство кон државното знаме треба да го изградиме и ние независно од националната, верската, политичката или било која друга припадност. Од оваа говорница одговорно тврдам дека таков респект кон државното знаме го има турската заедница во Република Македонија. И токму од тие причини им се обраќам на колегите кои се најдоа за повикани да толкуваат закони на Република Турција тоа да го прават одговорно и со најдобри намери. Од друга страна, крајно време е одредени медиуми да сватат дека ако не друго, барем човечки е по прашања кои задираат во идентитетот и особеностите на заедниците на дебатните емисии да се канат ако не легитимните претставници на тие заедници, барем експерти по тие прашања, затоа што во спротивно секое повикување на мултиетничност и мултикултурност е цинично и независноста на медиумите е флоскула зад кои се kријат поедини поединци, експозитури на некои политички елити. И најпосле, прашањето за употребата на симболите на заедниците уште повеќе се поедноставува. Доколку ве потсетам дека овие симболи биле користени со децении и векови наназад и дека станува збор за стекнато право. Еднаш стекнато право, господа не се губи, се разбира доколку не станува збор за наметнување на ретроградни идеи што не ретко се случувало на овие простори. Гледано од оваа гледна точка врзувањето на правата на заедниците со проценти доведе до редукции на правата на турската заедница, така што ако сте забележале за реализација на дел од правата се повикуваме на меѓународните договори ратификувани во Собранието на Република Македонија. Крајно време е почитувани колеги да сватиме дека не постои категорија парцијално изразување на идентитетот и особеностите и дека некои работи неможат да се врзуваат за проценти.

Што се однесува до употребата на симболот на турската заедница, тој е длабоко вткаен во културата, традицијата, обичаите, тие се декор на најразлични церемонии, свечености, свадби, погреби. Зарем со ваква употреба целиот овој период бил загрозуван, или делен суверенитетот на Република Македонија. Тоа е бесмислено, ценета опозицијо. Употребата на овие симболи почитувани колеги е регулирано далеку пред Рамковниот договор од Охрид, регулирано преку долговековната традиција на заеднички живот на овие простори кога се почитувал и Велигден и Бајрам и Рамазан и Божик, кога се почитувале туѓите традиции, обичаи и симболи. Токму од овие причини со индигнација ги отфрлувам квалификациите изнесени од оваа говорница од типот, фараони, пирамиди, диносауруси, иредентистички сништа, велепредавство, делби и слично. Дали некој во оваа држава смета дека само поради својата национална припадност, или поради неговата бројност има ексклузивно право оваа држава да ја смета само за своја и дали само тие се повикани да арбитрираат за идентитетот и особеностите на етничките заедници. Зарем не е цинично и политички опортуно да се зборува за европски стандарди, а да се достави амандман со кој се забранува употребата на етничките симболи и во приватниот живот. Прашањето е премногу чувствително за да си дозволиме луксуз преку симболите да правиме маркетинг и да собираме евтини политички поени. Премногу нешта ни се случија во минатото за да подлегнеме на ваква приземна реторика чија цел е враќање на тркалото на историјата назад. Рамковниот договор од Охрид почитувани колеги спречи една трагедија од пошироки размери и како единствена алтернатива во тој период беше потпишан од најголемите политички партии на македонскиот и албанскиот политички корпус иако тој не е идеален. Неговото погрешно толкување е полошо отколку јавно да се повикува на негова ревизија. Прелиствувајќи го Рамковниот договор од Охрид уочив, дали заради временскиот цајтнот кога се вршеа амандманските корекции на Уставот, дека решението за употребата на симболите на Република Македонија предвидено во Рамковниот договор кој предвидува мнозинство за да се користи овој симбол, не е преточен во став 1 од Амандманот на Уставот на Република Македонија кој вели: Припадниците на заедниците имаат право слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и особеностите на своите заедници и да ги употребуваат симболите на својата заедница. Значи, уставната дикција не го обврзува ова право ниту за мнозинството, ниту за припадниците на заедниците со над 20%. Од друга страна бидејќи цитатот не продолжува со терминот: на начин утврден со закон. Правно е валиден за припадниците на сите заедници независно од нивната процентуална застапеност. Со оглед на фактот дека правниот поредок на Република Македонија функционира врз Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во Собранието на Република Македонија, длабоко сум уверен дека уставната дикција на став 1 од амандманот 8, правото на користење на своите симболи им го признава на сите заедници во Република Македонија. Токму поради тоа ќе го поддржам амандманот со кој тоа право би го уживале припадниците на сите етнички заедници во Република Македонија.

И на крај следејќи ги седниците на Собранието на Република Македонија се стекнува впечатокот дека станавме вистински мајстори вниманието на обичниот граѓанин да го скренеме на прашања од кои не зависи квалитетот на животот на граѓаните. Нив ги тишти сиромаштија, невработеност, а не нашите правни гимнастики и политички препукувања. Затоа крајно време е да почнеме да го цениме туѓото, вклучувајќи ги и туѓите симболи, бидејќи природно сме луѓе, а дури потоа македонци, албанци, турци, роми, власи, срби, бошњаци и слично. Доколку би се

придржувале на премисата она право кое го посакуваш за себе, биди спремен да му го дадеш на друг, ваквите прашања не би биле предмет на маратонски расправи на Собранието на Република Македонија. И најпосле не само што сметам дека законот има издржани решенија, туку заслужува да ја добие нашата поддршка и дефинитивно да се свртиме на економските прашања и на квалиетот на животот на граѓаните доколку сакаме да ја оправдаме довербата што ни ја укажаа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Хасипи.

Има збор господинот Ванчо Стаменков.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер, сега на крајот кога заврши колегата Хасипи ништо не рече, дали го поддржува или не го поддржува законот. Не го сватив ништо. Изгледа дека и самиот не знае дали го поддржува, или не го поддржува.

На крај, цело време зборуваше дека не е добар законот, на крај кажа дека ќе го поддржи. И изјави дека оваа говорница служи само за собирање на политички поени. Навистина сум разочаран. А и самиот закон кој што го гледам тука пред мене укажува дека единствена цел му е тоа, одредена политичка групација, партија да си го зголеми својот рејтинг пред своите гласачи.

Јас не гледам што би добиле Албанците со тоа што знамето ќе го имаат таму, истакнато во градовите на една странска држава од која што не добиваат ништо.

Едноставно кажано, Албанците во Македонија немаат никаква поврзаност со државата Албанија, единствено што им е тоа држава што е во соседството и каде што можат да одат, таму, како странски државјани, на друга држава, на кои јазикот им е ист. Тие се државјани на Република Македонија, егзистираат во Република Македонија, живеат во Република Македонија, тука се родени, тука се нивните предци, тука едноставно се лечат, се образуваат, тука работат, тука живеат.

Сега, да се изразуваат некои национални чувства преку вакви закони и вакви решенија, мислам дека е единствено во насока на собирање политички поени и покажување на високо национално чувство, што сакаат да го покажат, бидејќи во областа на екномијата ништо не се направи во изминатите три години.

Факт е дека албанското малцинство или припадниците на албанската етничка заедница живеат посиромашно во овие три години од претходно. Дека од ден на ден се посиромашни. Тоа е она што се сака да се постигне и да се земе добра позиција за следните парламентарни избори и вакви закони сигурно ќе има уште во Парламентот. Ќе доаѓаат во наредниот период, што треба да ја одржат оваа политичка групација на добра позиција на следните парламентарни избори. А, тоа се прави на штета на својот коалиционен партнер СДСМ, бидејќи со вакви закони паѓа рејтингот во Република Македонија. Тие тоа го прифаќаат, не знам од кои причини. Зошто го прифаќаат? Но факт е дека го прифаќаат.

Јас сум за тоа да се донесе закон за знамињата на етничките заедници односно на заедниците во Република Македонија, бидејќи тоа е веќе потпишано и постои како обврска во Рамковниот договор. Но, не ваков закон со ваква содржина каква што е напишана тука. Со ваков закон, едноставно ние, од Македонија ќе направиме држава што нема да се знае дали се наоѓате во Албанија, дали се наоѓате во Македонија. Бидејќи нема да знаете каде е границата меѓу Албанија и Македонија Затоа што кога ќе дојдете веќе, да речеме во Тетово, ќе се сретнете со знамињата на Република Албанија и ќе продолжите, да речеме за Тирана каде што се истите симболи.

Значи, ние со ова ја шириме територијата на Република Албанија, бидејќи симболот на една странска држава го шириме на нови територии. Тоа е факт дека е така. Јас не знам како на колегите, пратеници од СДСМ не им е јасно тоа дека ова е многу посериозна работа отколку што сака некој да ја претстави. И, работа што ќе има моногу тешки последици врз нашата држава.

Јас можам само да апелирам вакво нешто воопшто и да не се разгледува во Парламентот, да не му се дава поддршка, а да се изработи закон што навистина ќе одговара на она што е замислено со Рамковниот договор. Да ја регулираме материјата за употреба на знамињата на заедниците кои живеат во Македонија. Без никакви ограничувања од проценти, без никакви задни намери или собирање на политички поени. Ние мораме тоа така да го направиме и сигурен сум дека немаше да имаме ваква седница на која што ќе се кажеа работи што не придонесуваат во развој на односите меѓу припадниците на Македонскиот народ и заедниците, туку ќе придонесеше за подобрување на тие односи, за тоа кон што сите се стремиме, за конечно во Република Македонија да ги заборавиме сите проблеми, а да се свртиме кон економијата и кон подобрување на животот на граѓаните на Република Македонија.

Ние, во овој Парламент, три години зборуваме само за вакви теми. Граѓаните се се посиромашни, ни бегаат во странство и упорно продолжуваме да си ја тераме таа работа. Мислите дека рејтингот ќе се добие и ќе се задржи со вакви работи? Ако еден фамилијарен човек нема на своите деца, ако си мисли како ќе им купи утредента храна и леб, верувајте дека нема да се случи тоа и избори не се добиваат со ваква работа. Избори се добиваат со подобрување на нивниот живот и нивниот стандард. Со вработувања, со тоа што навистина Владата и Парламентот се зафатат со најгорливиот проблем во Република Македонија, а тоа е економијата.

Не би сакал многу да дискутирам за овој закон, затоа што сметам дека е направен во некоја кафеана, со девет членови. Изгледа најважното нешто што била цел да се постигне, било да се напишат тие 50%, да се дефинираат териториите, да се обележат на еден начин. Така што воопшто не е сериозно пристапено кон негово формулирање или да се направи закон што ќе придонесе да се регулира една материја што ни е обврска од Рамковниот договор.

Така што не заслужува ниту внимание да се разговара за ова прашање.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стаменков.

Последен дискутант е господинто Бекири Назми.

Повелете господине Бекири.

**Назми Бекири:** Благодарам господине потпретседател.

Почитуван заменик министре, дами и господо,

Ќе го скратам мојот говор денеска што не го држам ниту за инат некому, ниту пак ќе исмејувам некого, само мислам дека треба да кажам неколку зборови околу овој Предлог-закон.

Дами и господо,

Пред нас имаме Предлог-закон за употреба на знамињата од страна на етничките заедници, а фактот дека овој Предлог-закон не се утврдува за која етничка заедница се работи, логично се претпоставува дека тоа е за етничките заедници. А, таму каде што се користи логиката, има разбирање, а заедно со тоа има и благосостојба.

Пред да говорам околу причините и основните критериуми врз основа на што се заснива овој закон, ќе навлезам во самиот Предлог-закон за употреба на знамињата.

Во членот 4 на овој Предлог-закон се вели "Во единиците на локалната самоуправа", почитувани колеги, предлагачите или подготвувачите на овој закон не го почитувале амандманот 8 од Уставот на Република Македонија, алинеја 1 каде не се прави разлика меѓу нив, ниту нивоа и воопшто не се спомнуваат, само се вели да ги користат симболите. Зошто тука се измислија нивоата.

Дами и господо, понатаму, во истиот член се вели

"... во кои живеат граѓани што се мнозинство". За какво мнозинство се говори, не пишува, иако би сакал логиката тоа да го потврди. Мислам дека туака сепак е оставено на сопствената желба да се опрдели, затоа што во било кој речник, било да е правен или политички, во него има барем 10 објаснувања за зборот "мнозинство". Значи, оставено е на сопствена желба, а во медиумите беа објавени општините каде што ќе се користи знамето. Користењето на етничките знамиња само во општините каде што една етничка заедница е над 50%, независно дали е правено или не, без да се изјасни околу ставот за тоа што ќе се прави со општините што не го исполнуваат овој критериу, со оглед на фактот дека имаме општини каде што, има многу општини што не го исполуваат бројот 51%. Но, не можеме да кажеме дека нема многу жители, припадници на албанската заедница.

Значи, ова е несоодветно и независно. Дали покрај ова што е наведено тука знамето ќе се користи не само во општините каде што има апсолутно мнозинство, туку таму каде што треба да се користи, да може да се користи и во општините каде што заедницата не е мнозинств. За тоа Владата треба да интервенира со посебен амандман.

Работите што се прават, целата оваа работа, целиот овој наш напор, заедно со меѓународниот фактор, тоа се прави токму поради ова второ мнозинство. Со поминувањето на овој Предлог-закон, доколку знамето се постави на сите општини со овој процент, со овој Предлог-закон ќе се попречи користењето на знамето во општини како што е пример Кичево, а тоа се должи на фактот дека не се наведени општините каде што ќе се користи знамето.

Образложението на закнот околу тоа каде ќе се користи знамето, доколку не е според сопствената желба, тогаш тоа е направено туку така.

Почитувани колеги,

Малку ќе се оддалечам од Предлогот на закон за да кажам неколку зборови за Поглавјето 2 од овој материјал, каде што се објаснуваат причините за тоа зошто треба да се донесе законот.

Во ова поглавје се кажува како на 16 ноември 2001 година, членот 48 од Уставот на Република Македонија беше изменет со Амандманот 8, со што се создаде правна основа за регулирање на овие прашања.

Понатаму, се зборува за Амандманот 8, а потоа наводно, врз основа на овој амандман биле подготвени материјали за Предлогот на закон. Значи ова поглавје е наречено образложение зошто треба да се донесе законот, а всушност тука се наведуваат основите и условите преку кои се носи законот, без да се спомне воопшто дека главната причина за донесување на овој закон е потребата. Односно, дека за овој закон има потреба и етничките заедници и државата.

Знамињата претставуваат ентитет на етничките заедници преку што тие го исполнуваат сопствениот духовен и историски идентитет и со тоа пополнување тие гледаат на појасен начин околу себе и имаат појасна слика за нивната иднина. Работат подобро во средината каде што работат, станувајќи лојални граѓани на државата на која и припаѓаат. Затоа причината за донесување на овој закон е исто толку голема колку што е потребна. Затоа треба да донесеме добар закон за државата, за етничките заедници, за нашата добробит и за нашето заедничко добро.

Во третото поглавје се наведени основните критеириуми врз кои се заснова Предлогот на закон и се наведуваат, цитирам "законитоста". Се

може да има потпора и врз закон и врз законитост, меѓутоа не и потпора врз Амандманот 8 од Уставот.

Понатаму, наведени се критериумите за да се постигне, тоа е критериумот на еднаквост.

Почитувани колеги,

Овде, во ова поглавје е наведен и критериумот еднаквост. За каква еднаквост се говори во овој Предлог-закон кога се нарушува еднаквоста и во рамките на една етничка заедница. Како илустрација нема да земам друга етничка заедница, туку албанската.

Сега во Република Македонија се направени разлики меѓу Албанците:

1. Албанецот сега, навистина, ќе се чувствува Албанец со единствен недостаток што ќе се пополни насокоро со поминвуање на законот за употреба на јазиците.

2. Албанецот треба да внимава како ќе ја помине границата, затоа што ако помине еден чекор од Чаир па натаму може да биде казнет.

3. Албанецот кој има право да го користи идентитетот во својот двор, меѓутоа не и подалеку, каде што дава придонес.

Почитувани колеги и вие граѓани, доколку има место во светот каде што се почитува консензусот во рамки на една влада, тоа е во нашата Влада. Тоа се докажува и со брзината на поминување на овој закон во Владата.

Почитувани колеги, законот за животот не го трпи шундот и лошото. Затоа, работите што ги правиме треба да се направат добро, а добро е до таму додека не се повредува другиот. Затоа, да не одиме до таа граница. Затоа што, за да се направи една работа во минатото требале децении. Истото нешто во денешните околности се прават многу побрзо. Немојте да се споредувате со времето на Татарите. Денеска е време на модернизација што влијае врз свеста на граѓаните. Да ги тргнеме работите, да ги отфрлиме работите што не делат, што не се корисни, да ја уништиме омразата и љубомората што само ни штетат. Штетат на нашите семејства, штетат на општествата. Сите знаеме дека за да се направи ова е тешко, за тоа треба младост и храброст.

Што да се прави со овој Предлог-закон што е посиромашен и порестриктивен од Законот во 1974 година? Не се работи тука за писмени работи од средно образование, да се оценуваат уставите од 1974 и сегашните. За 1974 година заслужува петка, а за овој сега, двојка. Најзначајно е да се каже за овој Предлог-закон дека не е во согласност со создадената реалност.

На крајот, нема, временски и да се усогласи, нема да може да се спроведе на терен. Јас тука говорам на албански, нешто што не беше возможно во изминатите мандати.

Инаку, сакам да го повторам прашањето од пред 10 години што го имав поставено на тогашната Влада, преку едно отворено писмо и што беше објавено во дневникот "флака" во 1995, под наслов "Дали ја сакате Македонија?". Ова прашање повторно го поставувам почитувани дами и господо, зата што Македонија се соочува со големи тешкотии околу македонскиот идентитет со името, со јазикот, со симболите и плус со желбата за членување во Европската унија. Кој елемент од овие да земеме, секој е позначаен од другиот, од сите овие. Единствени сојузници, единствен сојузник во сето ова е Албанија, Албанците воопшто.

Додека пак внатре, еден од главните столбови, од етничките заедници внатре, во државата се Албанците. Затоа, дозволете да го користиме знамето како што треба.

Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи господин Љупчо Јордановски, претседател на Собранието).

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Бекири.

Како што се договоривме, бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Тука им заблагодарувам на сите пратенци за договорот.

Продолжуваме во понеделник во 11,00 часот, со гласање по заклучокот.

Благодарам, се гледаме во понеделник во 11,00 часот.

(Седницата со работа заврши во 18,41 часот).